СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28 декември 1994 година

Скопје, декември 1994 година

**7 (СЕДМА) СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 28.XII.1994 год.**

ДИСКУТАНТИ; Дневен ред: стр.4
- буџет с.8

1. АНДОВ СТОЈАН - 1, 6, 95-..
2. АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ - 52, 54
3. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 1O2
4. АТАНАСОВЃОРЃИ - 166, 168
5. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 164, 171
6. ДИМОВ ЛАЗАР - 73
7. ДОНЕВСКИ СЛОБОДАН - 58, 131
8. КОСТОВ ХАРИ – 130, 133, 135, 151, 160, 159 (претставник на Влада)
9. ЛАЗАРЕВ ЈОВАН - 6, 47,1 70
10. МИНОВ ПАНЧО - 168, 175
11. МИЉОВСКИ ЈАНЕ - 2, 7, 8, 10, 17, 94, 95, 102, 104, 107, 109, 110, 113, 115, 119, 127, 128,136,137,141,143,145,146,147,148,154,158,163,164,17O. 176
12. МЕШКОВ ЉУПЧО - 50, 173
13. НИКОЛОВ ЈОВАН - 8, 96, 98
14. НАСЕВ ПАНЧЕ - 77
15. НАЧЕВСКИ МАРЈАН - 113, 150
16. НИКОЛОВСКИ РИСТО - 131 ,
17. НАУМОВСКИ ВАНЕ - 161
18. ОСМАНИ РУФИ- 23,26
19. ПАУНОВ ТЕОДОСИЈЕ - 83, 176
20. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 115
21. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 89
22. СРБИНОВСКИ ЈОВАН - 43, 46
23. СИМЈАНОВСКИ НАУМ - 69, 71, 105, 106,1 46, 149, 150, 152
24. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР - 81, 107, 132
25. ТРАЈКОВ МИЛЧО - 122, 124
26. ТРИПУНОВСКИ МИРКО - 56
27. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 29
28. ТЕМЕЛКОВСКИ ЗОРЕ - 68, 151
29. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 101, 106, 111, 112, 169.
30. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 32, 33
31. ЧИФЛИГАНЕЦ ВАНЧО - 60, 63
32. ЏАМБАЗОВСКИ СА1ДЕ - 20,165
33. ШАП7РИЌ ЗОРАН -79,80,128

КРАЈ

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28 декември 1994 година

Седницата започна со работа во 17,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Почитувани пратеници,

Ја отворам Седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Фаик Абди, Драган Митевски и Илија Каровски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваа мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Републиката г-ди Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на РМ.

Записникот од Петтата седница на Собранието Ви е доставен

Дали некој од пратениците има забелешки на записникот? (нема)

Констатирам дека записникот од Петтата седница на Собранието на РМ е усвоен без забелешки.

Владата на Република Македонија на оваа седница предлага под итна постапка да се донесе Законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 1995 година, Законот за извршување на Буџетот на РМ за 1995 година, Законот за изменување на Законот за гаранција на РМ за депонираните девизни влогови на граѓаните и за обезбедување на средства и начин за исплата на депонираните девизни влогови на граѓаните во 1993 и 1994 година

Законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок од доход, Законот за дополнување на Законот за царинската тарифа, Законот за изменување и дополнување на Законот за плаќање на посебна давачка за порамнување на даночните оптоварувања на увезените стоки, Законот за изменување на Законот за посебна такса на увезени стоки, Законот за обезбедување на средства за финансирање на Програмата за изградба на Железничката пруга Куманово Бељаковце - Крива Паланка - Деве Барир, граница со Република Бугарија 1994 - 1995 година- 1996 година, Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите, Законот за изсплата на Република Македонија, како и Одлуката за целите и задачите на монетарно - кредитната политика во 1995 година и Проекција на монетарно - кредитната политика за 1995 година, Одлуката за девизната политика и проекција на платниот биланс на РМ за 1995 година, Одлуката за стапката на придонесот од плати за пензиско и инвалидското осигурување од 1 јануари 1995 година, Одлуките за стапката на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување за стажот за осигурување што се смета со зголемено траење од 1 јануари 1995 година и Одлуката за стапката на придонес за пензиското и инвалидското осигурување на индивидуалните земјоделци.

Предлозите на овие закони и одлуки ви се доставени.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на овие закони, како и причините на оваа седница да се донесат одлуките.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Предлогот закон за изменување и дополнување на Законот за акцизи, со Предлог закон, потребно е да се донесе по итна постапка во смисла на членот 344 од Деловникот на Собранието на Република

Македонија, произлегува од потребата да се допрецизираат решенијата во однос на обврзникот и основицата за акциза на оние деривати на нафта за кој со одлука на Владата на Република Македонија не се определуваат нивните цени.

Исто така, треба да се допрецизира и дефинирањето и едноставно технички да се подобрат повеќе решенија во Законот, како и да се сообразат со практичната примена. Во практиката се појавуват доста тешкотии и овие допрецизирања се потребни. Основна работа која што се предлага во овие допрецизирања е промена на стапката на затезната камата од 2% на 0,5% што е усогласување со смирување на инфлациала во Републиката. Ако на ова заседание овие закони не се донесат, тогаш во следната година ќе продолжат нејаснотиите кои произлегуваат од досегашната примена на овие закони и ќе се создаде еден неред, евентуално по нормална постапка кон средината на годината овие закони би ги донеле овие закони, тогаш ќе ни се појави разлика меѓу првата половина на годината на која што би се применувало некакво поинакво толкување и втората половина во која што би се применувале онака како што сега ви ги предлагаме. Заради тоа, за да не настане разлика во практиката во примената на даноците, сметаме дека треба да се донесат по итна постапка за да се применуваат од 1 јануари. Можам да го дадам истото слично образложение за другиот' закон, тоа е законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок од доход со Предлог на закон, исто така во смисла на член 344 од Деловникот на Собранието да се донесе по итна постапка и тоа произлегува од потребата данокот по основ на пензии и инвалиднини да му се отстапи на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, заради ублажување на неповолната состојба на Фондот околу редоното исплатување на пензиите.

Во тој Закон има уште една специфичност, а таа е регулација на условите под кои што се стопанисуваат претпријатијата што работат со лица кои што се инвалиди, кои што се на професионална рехабилитација, практично со овој Закон се ублажува даночниот товар на овие претпријатија. Поради почеток на нова даночна година нужно е од 1 јануари да почне со примена оваа допрецизирана, изменета постапка за нивно оданочување. Од тие причини предлагаме овие да се донесат по итна постапка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за Предлогот на Владата, молам да крене рака? (97 пратеници).

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на Владата.

На оваа седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за донесување на закон за учество на Република Македонија во финансирањето на изградбата на Хидросистемот "Лисиче" во Титов Велес, со Предлог на закон;

2. Предлог на закон за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 1995 година:

3. Предлог на Буџет на Република Македонија за 1995 година;

4. Предлог на закон за извршување на Буџетот на РМ за 1995 година;

5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за гаранција на РМ за депонираните девизни влогови на граѓаните и за обезбедување на средства и начин за исплата на депонираните девизни влогови на граѓаните во 1993 - 1994 година;

I/5.-

6. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок од доход ;

7. Предлог на Закон за дополнување на Законот за царинска тарифа;

8. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за плаќање посебна давачка за порамнување на даночните оптоварувања на увезените стоки;

9. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за посебна такса на увезените стоки;

10. Предлог на закон за обезбедување средства за финансирање на Програмата за изградба на Железничката пруга Куманово – Бењаковце - Крива Паланка-Деве Барир, граница со Република Бугарија во 1994-1995 -1996 година;

11. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите;

12. Предлог на закон за исплата на платите во РМ;

13. Предлог на одлука за целите и задачите на монетарно кредитната политика во 1995 година и проекција на монетарно – кредитната политика за 1995 година;

14. Предлог на одлука за девизната политика и Проекција на Платниот биланс на РМ за 1995 година;

15. Предлог на одлука за стапката на придонесот од плати за пензиското и инвалидското осигурување од 1 јануари 1995 година:

16. Предлог на одлука за стапката на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење од 1 јануари 1995 година;

17. Предлог на одлука за стапката на придонесот на пензиско и инвалидско осигурување на индивидуалните земјоделци.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред.

**ЈОВАН ЛАЗАРЕВ:**

Ние во материјалите добивме и предлог од Комисијата за именување за одредени личности во органите и тела на институции на факултети, бидејќи тоа се прочистени предлози мислам дека ќе нема расправа, а пред Нова Година обично се бираат тие раководни органи, предлагам да влезе оваа точка 2 - Предлози на одлуките за именување членови на конкурсни комисии за именување индивидуален работоводен органи и до неа предлози на одлуките за разрешување и именување претставници на Републиката во органите на управување онака како што добивме од Комисијата. И тоа предлагам да бидат меѓу првите точки од дневниот ред, да може институциите да си изберат свои раководни работовони органи.

И на крајот предлагам Стручната служба да ни достави пречистен текст на дневниот ред затоа што не знаеме која точка е по ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе ги прочитам точките што г-динот Лазаров ги предлага за да имате јасна претстава и ве известувам дека тие се добиени од страна на Комисијата се испратени, но бидејќи се само овие по итна постапка, освен Буџетот кој по Законот мораме да го гледаме до крајот на годината, мислевме дека на друга седница може да се иде меѓутоа ќе ги прочитам, па нека одлучи Собранието затоа што предлог даде г-динот Лазаров.

I/6.-

Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во органи на управување. Предлог на одлука за именување индивидуални работоводни органи. Предлог на одлука за разрешување и именување членови на Одбор за доделување наградата "Гоце Делчев". Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката на Собирот на работните луга на националниот парк "Галичица" - Охрид за именување индивидуален работоводен орган и Предлог на одлука за разрешување од функцијата заменик јавен правобранител на Јавното правобранителство на Град Скопје.

Молам кој е за предлогот на г-динот Лазаров да се уврстат овие точки на дневниот ред? (26)

Констатирам дека Предлогот не е усвоен.

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака? (97 пратеници).

Дали е некој против? (не)

Дали е некој воздржан ? (не)

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа, предлагам како прва точка да го гледаме Буџетот на Република Македонија, заради тоа веројатно расправата за тој текст ќе биде најобемна и најжестока а сите други закони фактички следат или го потпираат Буџетот. Така што после дискусијата што ќе биде за Буџетот многу полесно и на Собранието да се изјасни во врска со другите закони.

Дали некој бара збор?

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Јас го молам Собранието со оглед на тоа што Законот што е предложен за системот "Лициче" е врзан со Буџетот да не се стават после Буџетот. Да си оди онака како што е предложен дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За ова ние одлучивме, Ве молам.

Добро, имам еден предлог, очигледно не сум го видел г-динот Николов прво да биде Законот за ЈП Лисиче.

Кој е за молам да крене рака? (17)

Констатирам дека овој Предлог не е усвоен.

Значи, сепак останува претходната одлука што е донесовме.

Минуваме на **<u>правата точка</u>** на дневниот ред - <u>Предлог на Буџцет на Република Македонија за 1995 година Предлогт на буџетот и извештаите на работните тела ви се доставени, односно ви се поделени.</u>

Отворам претрес по начело.

Го молам министерот за финансии г-дин Јане Миљовски да го презентира предлогот.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа,

Владата на РМ изготви и му достави на Собранието на РМ поголем пакет на закони што денес треба да се усвојат,т.е. да се усвојат пред Нова Година. Тоа се: Предлог на буџет на РМ, Предлог закон за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби во 1995 година, Предлог закон за извршување на Буџетот на РМ во 1995 година, Предлог закон за измена и дополнување на Законот за акцизи, Предлог закон за плаќање на посебна давачка за порамнување на даночното оптоварување на увезените стоки и  Предлог закон за

посебна такса за увезените стоки. Буџетот кој е најважен документ во овој пакет изготвен согласно со прописите што ја регулираат неговата изработка тоа е Законот за Буџет. Работејќи врз буџетот ние тргнавме од некои основи на кој што би сакал да го свртам вашето внимание. Пред се, како основи врз кои што го градевме Буџетот беа: целите и стратегијата на стабилизационата политика за 1995 година. Потоа меморандумот за мерките во јавниот сектор за кој што е постигната согласност со Мисијата на ММП на повеќе наврати, прво во месец септември, а потоа и за време на престојот на Мисијата од 13 до 21 декември оваа година. Понатаму, основа беа и анти инфлационите мерки преку воспоставување на контрола, односно ограничување на порастот на платите, како и рационализација на трошоците. Исто така, како една појдовна основа за изработка на буџетот ни беше целта да се намали годишната инфлација на 17,8% во 1995 година, или изразено месечно во почетокот во годината во првите месеци да биде 1,75%, додека кон крајот на 1995 година инфлациала да биде 1%.

II/1. -ЈМ/МЛ

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:(**ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Исто така за прв пат после повеќегодишна стагнација, четиригодишна стагнација ќе забележи реално зголемување во 1995 година од 0,8%, при што порастот е различен за индустриското и за земјоделското производство. За индустриското производство појдовме од тоа дека порастот ќе биде 0,7% во следната година, а додека за земјоделското производство ќе биде 1,5% споредено се разбира со 1994 година. Понатаму, програмата за намалување на државниот долг кон странство преку отплата на обврските кон мултилатералните кредитори кои што стасуваат во 1995 година исто така, санацијата на банките која што треба да следи по донесување на програмата за преструктуирање на банкарскиот сектор и програмата за сервисирање на девизните штедни влогови во рамки на донесената Одлука на Владата. Исто така, основа беше интензивирањето на структурните промени во стопанството пред се преку интензивирање на процесот на приватизација во претпријатијата со општествен капитал и свесна дека ова преструктуирање со себе носи нагласено социјално раслојување кое што мора да се решава со средства обезбедени за оваа намена во Буџетот.

Следната појдовна основа беше реорганизација и консолидирање на Управата на јавни приходи, како и на Царинската управа кои што фактички треба да ја зголемат ефикасноста во наплатата на јавните приходи. Оттука имајќи ги предвид ограничените материјални можности на стопанството и согласно со глобалните насоки на економската политика, оценето е дека во 1995 година има потреба од ограничување на јавната потрошувачка. За таа цел потребно е да се донесе закон за ограничување на изворните приходи за финансирањето на јавните потреби. За тој закон ќе имате можност да расправате и да се изјасните подоцна.

II/2.-

Во соработка со Мисијата на Меѓународниот монетарен фонд оценето е дека обемот на изворните приходи за финансирање на јавните потреби на Републиката за 1995 година ќе изнесуваат 81.388.000 денари, што претставува 45,1% од оценетиот бруто општествен производ за 199 5 година, или пак Буџетот во бруто општествениот производ ќе учествува со 28,37%. Уште еднаш нагласувам, значи Буџетот во бруто општествениот производ ќе учествува со 28,37%. По одделни корисници изворите на приходите се ограничуваат и тоа: за Буџетот на Република Македонија, за единиците на локалната самоуправа, се ограничуваат приходите на пензиското и инвалидското осигурување, на Фондот за здравственото осигурување и на Заводот за вработување како и на СИЗ-от за патишта. Во наредниот период покрај ограничувањата на изворите на приходите мора да се преземат и дополнителни мерки за намалување на постојните трошоци кај сите корисници на средства од јавната потрошувачка. Резерви за намалување на трошоците треба да се бараат пред се преку намалување на бројот на вработените во јавниот сектор, намалување на одредени надоместоци и права кои што се утврдени со законски и подзаконски прописи и слично. Доколку не се превземат овие мерки во следната година, не ќе можеме да постигнеме ни трајна стабилизација на нашата економија. Со Мисијата на Меѓународниот монетарен фонд е договорено Буџетот за 1995 година да се постигнат следните цели врз база на кои што и Меѓународниот монетарен фонд ќе ја оценува успешноста на програмата за стабилизација на Република Македонија.

Прво, дефицитот во Буџетот треба да се намали од 3,5% од бруто општествениот производ во 1994 година на околу 1% во 1995 година, со цел да се избегне акумулирање на домашните неизмирени обврски освен проблемот за сервисирање на девизните штедни влогови.

II/3.-

Понатаму, дел од изворните приходи во износ од 8,49% од бруто општествениот производ да се распределат за капитални трошоци, средства за структурни реформи, проширување на мрежата за социјална сигурност и за санација на банките. За да се постигнат овие цели мора да се најдат дополнителни фискални извори кои што врз база на одлуките кои што се донесени во јуни о.г. се: замрзнувањето на вкупниот номинален месечен износ на платите на сите буџетски корисници. Тоа значи до средината на 1995 година да се исплатува за 1 процентен поен под порастот на месечната инфлација како и замрзнување на бројот на вработените без било какви исклучоци и без унапредување по било кој основ.

Второ, намалување на надоместокот за храна од 25% на 20% од просечната плата во стопанството без било какво усогласување со претходниот период, елиминирање на определени преференцијални пензии кои се финансираат преку трансфери од Буџетот и елиминирање на одредени ослободувања од царински давачки кои што се давани на другите поранешни југословенски републики, потоа зголемување на царинските давачки за одделни стоки за широка потрошувачка од 5 до 15% и воведување на посебни давачки за одредени прехранбени производи. Поаѓајќи од претходните претпоставки и оценката за остварување на приходите во текот на 1995 година, Буџетот на Република Македонија за 1995 година се предлага на износ од 51 милијарда и 200 милиони денари од кои 49 милијарди и 400 милиони денари да бидат изворни приходи и 1 милијарда и 800 милиони да бидат дефицит на Буџетот и овој дефицит да биде покриен со кредитот од Светската банка. За дефицитот во Буџетот треба да се истакне дека тој ќе се користи за отплата на кредитите кои што стасуваат во идната година, а кои што се однесуваат на преференцијалните кредитори, тоа се мултинационалните финансиски институции во рамки на специјалната

програма за преструктуирање на 23-те претпријатија загубари на Владата. Средствата во Буџетот треба да се остварат од следниве приходи, пред се персоналниот данок од доход се предлага да изнесува 9 иљјади и 600 милиони денари кои во споредба со утврдениот износ од 1994 година е зголемен за 5,53%. Персоналниот данок од доход се плаќа годишно на збирот на приходите од различни извори, а се пресметува и уплатува месечно аконтирано по одбитокот, или решение на органот за јавни приходи во зависност од видот на приходот што се оданочува. Инаку обврзник на овој данок е секое физичко лице резидент на Македонија за данокот што го остварува во земјата, или во странство, како и лицата кои што не се резиденти на Македонија, а доходот го остваруваат на територијата на Република Македонија. Потоа, данокот од добивка се предлага во износ од 2 иљјади и 900 милиони денари, односно со зголемуваше од 24,4% во споредба со износот кој што беше утврден за 1994 година. Основа за пресметка за данокот од добивка претставува разликата помеѓу вкупните приходи и вкупните расходи на секој обврзник, а се утврдува со таканаречениот даночен биланс. Даночната стапка е пропорционална и единствена, изнесува 30% и таа претставува, се наоѓа на долната скала од овој тип данок во Европа. Ние спаѓаме во оние земји кои што имаат релативно најниска стапка на данок на добивка. Понатаму, понатамошен извор се приходите од данок на промет на стоки и услуги кој што се предлага во износ од 7 иљјади и 500 милиони денари што претставува пораст од 5,63% во однос на проценката за 1994 година. Исто така, кај изворите треба посебно да се акцентираат приходите од акцизи кои што се оценети на износ од 16 иљјади и 700 милиони денари и во однос на оценетите во 1994 година бележат најголемо зголемување од 47,34%. Овој вид на приход се очекува да се оствари од нафтените деривати и тоа 11 иљјади 237 милиони денари, потоа од цигари, од пијалоци, од патнички автомобили

и од други луксузни производи кои што сега не би ги набројувал. Приходите од царините и другите увозни давачки се предлагаат во износ од 8 илјади и 600 милиони денари што претставува зголемување од 47,8% во однос на оние во 1994 година. Оценката за приходот по сите овие основи е направена врз база на проектираната стапка на инфлација при претпоставен ист обем и иста структура на увезени стоки, како и врз база на определбата за промена на царинските прописи во смисол на намалување на ослободувањето од царински давачки и такси за 25% и продолжување на мерките кои што Владата ги донесе во месец јули о.г. Неданочните приходи на Буџетот се многу помали и тие се оценуваат да изнесуваат 4 илјади и 100 милиони денари кои што во износ на 1994 година сепак бележат значајно зголемување од 53%.

Почитувани пратеници, поаѓајќи од договорените елементи за трошоците на Буџетот и прелиминарните индикатори за економскиот развој во 1995 година релевантни за обемот и структурата на буџетските трошоци како што се: порастот на општествен производ, предвидената стапка на инфлација, порастот на платите во стопанството, како и договорот со Мисијата на ММФ Буџетот е утврден во овој износ кој што веќе го спомнав, а тоа е 51 илјада и 200 милиони денари од кои ви реков веќе 1,8 милиони денари се за отплата на странски кредити и претставуваат дефицит на Буџетот.

Она што е битно да се одбележи е следното дека во трошоците се обезбедуваат средства за учество на државата во финансирање на мерките во функција на структурните реформи и тие претставуваат 10,5% од износот на Буџетот. Потоа, за санацијата на банките што сметаме дека е една од најзначајните структурни реформи која што ќе биде превземена во следната година се предвидува да се ангажираат 7,18% од вкупните извори на Буџетот. Тука би го спомнал и големиот

II/6.-

зафат кој што треба да се финансира во 199 5 година, а тоа е учеството во изградбата на пругата Бељаковце - Деве Баир за што се обезбедува 4,46% од вкупните приходи.

Во Буџетот не се планирани средства за финансирање на пример на Заводот за платен промет, бидејќи според Законот Заводот кој што сега се финансира преку Буџетот е укинат од страна на Уставниот суд на Македонија.

Ако ги погледнеме трошоците на Буџетот можат да се видат практички 8 поткатегории на овие трошоци. Едната категорија се плати, наемнини, надоместоци која што претставува 31,25% од вкупните средства. При анализа на состојбата со платите се забележува дека нивото на платите во изминатата година е зголемено за 8%, меѓутоа дека вкупната маса зголемена за 15% и тоа заради зголемување на вработувањата кај некои корисници на Буџетот. Потоа, средствата за материјали, стоки и услуги е предложено да изнесува 7 илјади 782 милиони денари и тоа претставува 15,2% од вкупните средства на Буџетот. Овие трошоци се однесуваат за патни и дневни трошоци, комунални услуги итн.

Трета категорија се тековните трансфери кои што се 18 илјади 815 милиони денари и во вкупниот Буџет изнесуваат 36% од Буџетот. Потоа имаме за купување на капитални средства што претставува 3,74% од вкупниот Буџет. Исто така капитални трансфери што претставуваат 3,77% од Буџетот итн. следните категории не би ги набројувал.

Почитувани пратеници, би сакал да нагласам неколку работи кои што се покажаа во досегашната дискусија во врска со Буџетот. Очигледно е дека и ние како Влада и вие имавте многу малку време да

го разгледате и анализирате Буџетот. Меѓутоа, неговото ставаше на денешната седница на дневен ред, пред се е наметнато од обврската која што постои во Законот за Буџет, Буџетот да се донесе пред почетокот на Новата година. Оваа обврска исто така е наметната и од потребата да се исполни обврската кон Меѓународниот монетарен фонд кој што инсистира да се држиме цврсто до оваа наша законска определба.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:** (Продолжение)

Она што во дискусиите јас го забележав како, да речам основна точка на недоразбирање е следното, во ова Собрание се собрани пратеници кои се избрани врз база на тоа што ветиле и се залагале дека во стопанството и во општеството во следната година ќе спроведеме одредени реформи. Многумина од нив се запрашаа дали во овој буџет се предвидени средства за реформи и дали овој буџет е реформски. На прашањето дали е реформски, дали се предвидени доволно средства за реформи, можам да речам да.

Меѓутоа, она што кај многумина од нас ќе предизвика забуна е следното: буџетот се донесува практично врз основа на постојните закони кои во овој момент на буџетот се налагаат како потреба за финансирање. Тоа значи, сите оние закони што сме ги имале во минатото и кои што наметнувале потреба за финансирање од страна на Републиката остануваат.

Оттука, мерките за штедење се можни само ако ова Собрание, се разбира и оваа Влада предложат укинување на одредени давачки во Буџетот. Се додека не се укинат тие обврски на буџетот, не ќе може ефикасно да се намали товарот што го има стопанството.

Меѓутоа, јас го оценив буџетот како изразито реформски, пред се заради неколку негови елементи. Едниот елемент е што за прв пат во буџетот на Република Македонија се предвидуваат средства за структурни промени. Тие средства за некого не изгледаат значајни заради тоа што постои само една графа во која што ќе ги најдете тие пари, меѓутоа структурните реформи се пополнети фактички во неколку сегменти во овој буџет. Како најзначаен сегмент е практично она што многу души го истакнуваат како социјални програми. Како тоа

социјалните програми да ги оценувам за реформски зафат? Се работи за следното: преструктуирањето на стопанството многу е веројатно дека во низа области ќе предизвика зголемен степен на невработеност. За да може тој зголемен степен на невработеност да се амортизира и луѓето да не се најдат без средства на улица, мора да се предвидат пари во Буџетот со кои што тој бран на отпуштања практично би се амортизирал и со што ќе се обезбеди за овие луѓе и нормално здравствено осигурување и со што ќе се обезбеди нормално пензиско осигурување и сите потреби што постојат. Во Буџетот, исто така, и во следните години ќе предвидуваме вакви давачки за да овозможиме на Република Македонија што е можно побезболен преод од еден стопански систем во друг.

Вториот сериозен реформски зафат што се планира во овој Буџет е практично преструктуирањето на банките. Во многу комисии беше истакнат проблемот со каматните стапки, со лошите услови на стопанисување. Сите тие трансформации не можеме да ги направиме се додека не направиме сериозна промена во банкарскиот систем на Републиката. За таа цел предвидовме значајни средства со кои што ќе може да ги очистиме билансите на банките и на тој начин да почнеме со нивно преструктуирање и приватизирање и, тука морам да го спомнам очекувањето на Владата на Македонија дека во првата половина од следната година ќе дојде со значајно снижување на интересните стапки за кредитите и нивно стабилизирање во првата половина на оваа година, а во втората половина на оваа година навистина и уште понатамошен пад на овие каматни стапки.

Понатаму, понатамошна помош за стопанството во овој Буџет треба да се погледа во еден друг факт, во фактот што една третина од вкупните буџетски расходи се практично наменети за стопанството. Тоа

значи се работи за пренамена на општествените средства. Ние чувме во некои дискусии - зошто земате данок па тоа пак ни го враќате. Едноставно заради тоа што тоа е елементарна функција ан државата да обезбеди нормално функционирање на стопанството и заради тоа што преку таа редистрибутивна функција на државата се обезбедува развој без поголеми потреси.

На крајот би сакал да го завршам ова воведно излагање, не би ве мачел понатаму со поединости во Буџетот со следното:

Она што ме израдува во дискусиите во комисиите беше дека имаме заеднички погледи на тоа што треба да правиме во иднина. Во повеќе комисии беше истакнато барањето за смалување на вработеноста кај буџетските потрошувачи и тоа е и ставот на оваа Влада. Јас морам да ве известам дека Владата издаде налог на сите свои министерства да ја преиспитаат можноста за смалување на вработувањето од 10% и таа предложена програма Владата ќе ја разгледува многу наскоро. Тоа беше да речам едно од оние барања кои што во најголем број од комисиите беше поставено. Исто така, беше поставено барањето за смалување на даночното оптовараување. Исто е и мислењето на Владата, ист е ставот и на Меѓународниот монетарен фонд, дека мора да се смали просечното оптоварување на стопанството а тоа се постигнува со две цели:

Прво, со номинално намалување на зафаќањата, меѓутоа, второ и уште поважно со зголемување на обемот на производството кое што полесно се расподелува врз сите стопански субјекти во Републиката.

Морам да ви кажам дека првите расправи во Комисијата на извесен начин почнаа разочарувачки, мислевме дека имаме големи разлики. Можам сега само со задоволство да констатирам дека најголем дел од разликите успеавме да отстраниме заради тоа што сфативме дека

некаде не било доволно јасно презентирано она што Владата мисли да го направи со овој Буџет. Можам да ја изразам својата радост што речиси еднодушно сите се заложија за она што во овој момент е наша најголема потреба, а тоа е решавање на проблемот со 23 претпријатија загубари и продолжување на соработката со меѓународните финансиски институции.

Затоа, ви го предлагам овој Буџет на Републиката и се надевам дека ќе го усвоите.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Џамбазовски.

**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:**

Господин претседателе, господа пратеници, нормално е сите пратеници односно сите парламенти да се залагаат за намалување на Буџетот0идејќи секое зголемување на Буџетот значи зафаќање од стопанството односно зафаќање од граѓаните. Меѓутоа, нормално е да се залагаме распределбата внатре во масата средства на Буџетот да бидат што поправилно распоредени, односно да се дадат одредени приоритети таму каде што сметаме дека ќе имаме најдобри резултати од тие влагања односно издвојувања од Буџетот.

Јас би се задржал само на оној дел каде се предвидени средства за издвојување во развојот на земјоделството.

Од година во година средствата во Буџетот се повеќе се намалуваат во задолжување во земјоделството, односно се намалуваат премиите и регресите преку кои се стимулира земјоделското

производствао и извозните стимулации. Ова ќе го зборувам затоа што сметам дека земјоделството за сите земји во светот, а посебно за нашата земја е многу битна гранка. Јас само ќе напомнам неколку фактори зошто така мислам, затоа што кај нас од земјоделието живеат 30% од населението, се занимаваат со земјоделие и живеат од тоа земјоделие, затоа што земјоделството претставува база за другата индустрија бидејќи без земјоделство тешко може да имаме друга преработувачка индустрија, и затоа што земјоделските производи по штитат граѓанскиот стандард на Републиката. Затоа сметам дека издвоените средства во овој Буџет што денеска го разгледуваме се многу малку за развој на земјоделството.

Имаме два вида на сопственост во земјоделието: општествена сопственост и индивидуална сопственост на земјоделството. Земјоделство то што се наоѓа во општествена сопственост се наоѓа во еден голем колапс, односно во една длабока финансиска неповолна состојба од повеќе фактори. Еден од факторите е дологорочната суша, односно повеќе години веќе објективно имаме неповолни климатски услови за добивање производство. Од друга страна имаме ситно земјоделско приватно производство каде што од таа раситнетост тешко може да се очекува продуктивно земјоделско производство. Бидејќи во тоа производство имаме и ниска технологија, нормално е да очекуваме многу ниско производство по единица површина.

Затоа сметам, не само оваа година, туку ќе треба и подолг период да се посвети посебно внимание преку издвојување посебни средства од Буџетот за унапредување на земјоделското производство.

Извозните стимулации што се даваа порано од 21 на максимален износ од 4,2%. Секоја година ги намалуваме извозните стимулации.

Извозните стимулации во Европа ги има скоро во сите земји. Едино извозни стимулации нема во Америка, затоа што во Америка не знаат што да прават со храната и тие даваат пари да го намалат сопственото производство бидејќи нема каде да го пласираат.

Сега, знам дека ММФ захтева да се намалат извозните стимулации и да се укинат. Верувале, мислам дека тоа го знаете дека ние со ова производство што го имаме сега не можеме да конкурираме без одредена помош на европскиот и светскиот пазар. Мал дел на земјоделски производи извезуваме во Европа и во светот. Тоа се неколку, тоа се: јагнето, тутунот, градинарски производи и виното, а другите производи се суфицитарни па ги увезуваме. Меѓутоа, и тие производи многу тешко можат да конкурираме на пазарот. Ако на сето тоа ја имаме предвид затвореноста на пазарите и она што го поскапува транспортот на овие производи, тогаш имаме уште пониска цена на тоа производство и тоа може да не доведе во ситуација и тоа производство што го имаме за извоз да го немаме ни за сопствени производи во колку и натаму продолжиме во однос на стимулирање на извозните стимулации на земјоделското производство.

ММФ, знам дека захтева да се намалат или укинат. Тоа е само за да нема конкуренција на пазарот. Тоа е нормална работа да бараат укинување на извозните стимулации за да се има помала конкуренција. Меѓутоа, сметам дека за подолго време ние не можеме да ја оствариме таа конкуренција и сметам дека во тој поглед во однос на извозните стимулации посебно кај оние производи што не можат да се финализираат во наредна технологија, мора да се продаваат такви какви што се, како што е столното грозје што не се обработува, јагнешкото месо што не се обработува итн., посебно за тие производи ќе мораме да издвојуваме повеќе средства.

Затоа предлагам Владата во наредниот период да има повеќе слух за оваа работа и нешто да направиме барем ова земјоделско производство, додека направиме поголеми фармери, додека направиме поголеми производители и подобри, нешто повеќе да се издвои од Буџетот за да може нешто во тој однос направиме повеќе отколку што имаме. Во спротивно ќе го доведеме во уште полоша состојба.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Почитувани пратеници, почитуван претседателе, ќе изнесам некои кратки забелешки во однос на тоа што е предложено како предлог на Буџет, иако реално гледано навистина сме хендикепирани да добиеш материјал два дена или еден ден пред седница 300 или 400 страници. Навистина е невозможно човек да даде поадекватен суд и професионален и аналитички. Во таа смисла апелирам барем Новата година 199 5 да не почне како што почна 1994 година. Ова е пред се апел упатен до претседателот на Собранието, навистина да не бидеме овде само гласачка машинерија, туку колку што можеме да дадеме придонес во тоа што ни е обврска согласно на тоа што сме избрани како пратеници.

Од тоа што го кажа претставникот на Владата, јас само ќе изнесам дека навистина се прави еден чекор кој оди во смисла на тоа што беше експозе на премиерот, во смисла на реформи. Но, мислам дека од аспект на рационалност се прави еден мал чекор што не е доволен во однос на состојбата што> навистина ја имаме во стопанството. Во таа смисла јас ќе бидам задоволен ако пречките и ограничувачките фактори што министерот ги спомна, а пред се се засноваат на мерките односно постојните закони од кои се остварува Буџетот, а бидејќи Владата е тука

да ги предложи тие нови мерки и закони, јас ќе бидам среќен ако во текот на 1995 година имаме ребаланс на Буџетот со намалување на истиот. Во таа смисла очекувам министерот за финансии со сите други министерства во Владата тој чекор го преземат и навистина во практиката се потврди дека одиме кон курс на радикализација на реформите од причини што состојбата е каква што сите ја знаеме. Значи, немаме време ни место за чекање. Во таа смисла еден политички апел тоа што како политика ни е зацртано, тоа што често пати го истакнуваме сега имаме можност да го примениме.

ВО оваа можност, бидејќи при анализа на ова што е предлог на буџет, го имав пред себе и ребалансот на буџетот што исто така го усвоивме за 1994 година и во тие споредувања, односно аналитички разгледувања доаѓа до одредени проценки кои во суштина битно се разликуваа од ова што овде ги изнесе министерот за финансии. Можеби истиот има некои сознанија што се сигурно понови и покомпетентни. Затоа во оваа прилика нема да се впуштам во коментар на тоа што значат бројќи, што се проценти што е соодносот во структура, на тоа што е предложено како приход и расход за да се утврди тоа што веќе се знае. Кој има најнови информации тој може покомпетентно да резонира и анализира. Сега оставам за право, можеби моите анализи, базирајќи на некои постари информации можеби и не се точни. Затоа во таа смисла нема да дадам некои коментари иако имав некои работи изнесени кои држеа споредувајќи го ова што е предлог на Буџет и тоа што беше ребаланс на Буџетот за 1994 година.

Во оваа прилика само ќе изнесам некои работи што јас мислам дека требаше особено во образложението, ако не во Предлогот на Буџетот предлагачот да ги изнесе со цел да имаме поточни согледувања, поточни информации за тоа што е предложено како големина односно

како бројка. Бидејќи не е доволен податокот односно информацијата без претходно да се изнесе податок што било остварено во 199 4 година, кои се тие трендови што се презентира да се остварат во 199 5 година, нема во овој предлог односно образложението кои се тие анализи и согледувања поткрепени со материјални и финансиски показатели на база на кои особено се предвидува да се остварува приходната страна на Буџетот. Особено битните ставки како што се персоналниот данок, данок од добивка, данок од акцизи, данок од промет и посебно би рекол од царини. Бидејќи со една проста математика предвиденото зголемување на царините за 5% како што е предложено во многу други закони кои се на дневен ред и по однос на она што е предложена инфлација од скоро 18%, сигурно дека не го даваат предвиденото зголемување од над 50% на остварување зголемување на царини, акцизи итн.

IV/1.-ПС/ОМ "

**РУФИ ОСМАНИ:** (Продолжение)

Но, независно од тоа мислам дека би требало да биде практика за да ние постручно и по професионално, ако не придонесеме барем да бидеме информирани за понатаму вакви материјали да имаат адекватни анализи за да можеме вака покомпетентно да дискутираме и сугерираме.

Понатаму, мислам дека во она што е рационален приод кон Буџетот вака задоволителен е фактот што се прави еден почетен рез, намалуваше на платите со ограничувања на истите на 8%, но јас мислам дека освен ограничувањето на платите, како што е назначено во образложението постојат големи резерви во ставките под сметките 42, 43,46, а истите се однесуваат, особено на дневниците за службен пат во земјата и странство, на неискористените деловни и административни простории, на потрошокот на материјалите, на трошоците за тековно и инвестиционо одржување, значи во оваа сфера, јас барем колку што анализирав, она што беше во 1994 година и она што се предлага во 1995 година, немаме радикални промени во однос на она што реално би требало да се направи. Ако се направи еден реален увид во се она што се деловни простории, административни простории во сите општини во Македонија, таму каде што делува државата, навистина ќе доаѓаме до заклучоци дека има многу внатрешни резерви што не се искористени. Дека се прават трошоци непотребни, дека сите тие трошоци некои треба да ги финансира. А од друга страна гледаме пред Собрание секој ден ни се собираат луѓе кои протестираат по разни основи, сигурно со основа односно со причина, но тоа треба да ни биде мотив повеќе оваа Влада преку своите ресорни министерства предложи, односно прво да направи анализи и елаборати за сите овие работи за да дојде до констатација

дека она што е појдовна основа при планирање , т.е. при проекција а тоа е фактичката состојба дека таа состојба реално гледано не е реална, дека таа состојба е одраз на една гломазна администрација, која ние ја имаме затечено. Значи, се залагам за еден квалитативен однос кон се она што е трошок, кон се она што некој треба да го плати, а не само во однос на платите. Па, во таа смисла да би доаѓале во до многу помала администрација, но од друга страна многу добро материјално поткрепена за да истата биде мотивирана адекватно да ги извршува своите работни задачи.

Во оваа смисла , ова многу убаво во една прилика го изнесе пратеникот Љубисав Иванов дека ние треба да градиме држава сродно на она што е наша мерка, сродно на нашите можности. Па. во таа смисла апелирам пошто Владата е компетентна и пошто истата е должна и по закон да во оваа насока презема конкретни мерки со цел да се елиминираат сите тие работи кои се непотребни. Мислам, дека ако се анализира предложениот Буџет средствата кои се предложени, особено за девизните штедачи истите реално се намалуваат за 14,2%, имајќи предвид и проектираната инфлација за 1995 година. Мислам дека овој чекор не е добар чекор од причини што во сите кажувања и овде и претходно во смисла на дефицит што ние реално го имаме, а тоа е огромен дефицит, ние изгледа во сите наши математики дефицитот кој се однесува точно на девизните штедачи никако да го вклопиме во нашите биланси. Во оваа смисла не треба да заборавиме дека неисплаќањето на каматите во орочените девизни штедни влогови значи перманентно зголемување на еден дефицит кој само се пренесува од година во година. Па, во оваа смисла; мислам дека овој приод и ова што е планирано не е во ред, а јас имам еден амандман, во однос токму на девизните штедачи каде што предлагам истите да бидат ослободени при увезена роба и од плаќање на данок на промет и од акцизи кој е во

функција на ова што го  кажувам во смисла на намалување на долгот што државата го има спрема нив и очекувам дека можеби тука ќе има разбирање истиот да биде прифатен. Мене не ми е јасно да кажеме ако Буџетот во глобала е рационален, да се предвидуваат трошоци, да кажеме за дневници и патни трошоци за патување во земјата и странство зголемени за 75% по однос на она што е со ребалансот за 1994 година, па барам појаснување во таа смисла.

Понатаму, го прашувам изготвувачот на Предлог буџетот по кои критериуми трошоците кои се предвидени за Владата на Република Македонија да изнесуваат 2 милиона и 500 илјади денари и истите споредбено се поголеми на трошоците за оваа година по однос на Парламентот за 277%, а имајќи предвид структурата во смисла на вработени ситуацијата е обратна, па барам појаснување во оваа смисла.

Понатаму, кога се однесува до фамозното решение на Извршниот совет на Социјалистичка Република Македонија до 1984 година кое пак се потврдува од страна на предлагачот дека сеуште е во сила, јас му предлагам на овој Парламент да усвои еден заклучок, кој би гласел вака:

"Се задолжува Владата на Република Македонија да преку ресорните министерства до 30.об.1995 година изготви нови акти за систематизација на работните места и акти за мерилата и критериумите за распределба на средствата за плати". Значи, поентата е во што? Да се орочат обврските, Ве молам, пошто овој заклучок бил и во претходниот Парламент, но истиот не се реализирал. Па, се залагам, нормална работа ако пратениците го прифатат, да се орочат овие работи пошто ова директно ќе влијае во она што е мерка предложена од страна на Владата за намалување на 10% од бројот на вработените. Преку, да кажеме точна анализа на она што се работни места потребни  за

државната администрација односно за корисниците на Буџетот, ќе испадне на површина вишокот на вработените, кои вака фамозно секогаш го кажуваме, но без некои точни анализи. Од друга страна ќе испаднат и масата на средства за плати да го оствариме она што го кажав да имаме мала државна администрација односно и мали корисници на Буџетот, но сигурно материјално мотивирани за да го извршуваат она што е нивна државна работа.

На крајот би прашал дали средствата предвидени во односот 900 милиони денари во потставка 467 при Агенцијата за развој на недоволно развиени се предвидуваат за нови проекти или за завршување на постојните. Јас толку за сега од причини што сме хендикепирани и со голем број на материјали, а и со мало време за анализа на истите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дин Трпеновски.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, точно е дека живееме во економска и фискална криза наметната со потребите од преструктуирање на стопанството, а тоа преструктуирање попречено со присутните фактори, како што е блокадата, ембаргото и другите ограничувачки фактори актуелни во ова време.

Во оваа прилика сакам да кажам дека проекциите на приходниот дел од Буџетот во одредени позиции се сомнителни во нивната реализација, а некои не се ставени во оптек. како на пример граѓаните вработени плаќаат персонален данок на доход, меѓутоа, една огромна плеада на вработени во странство не знам, а тие внесуваат парични

средства во земјата, меѓутоа, не учествуваат во приходниот дела на Буџетот, а нивните семејства користат многу благодети што се резултат на социјализација на одредени состојби. Се слагам со дискусиите дека во расходниот дел потребно е посебно внимание да се обрне на трошоците за репрезентации и сл. Јас во оваа прилика сакам да кажам дека операционализацијата ана членот 32 по законот за здравствена заштита преку тековните трансфери наменети за финансирање на 8 програми од областа на здравствената заштита е добра ориентација односно добра определба на Буџетот, иако недоволна.

Ова сакам да го кажам, затоа што Владата ќе мора да се уочува и да се определува за финансирање на позитивниот придонес во здравствениот систем во обликувањето на народното здравје, односно на здравствениот статус на граѓанинот на Република Македонија, што се гледа преку одделни индикатори на социјалниот развој. А, тоа се животниот век, смртноста на доенчињата, специфичната стапка на смртност еридикација на одделни заболувања, бруцелоза, туберкулоза, сида итн.

имено, ако во периодот од 1961 до 1991 година животниот век е продолжен од 61 на 72 години и ако доеначката смртност покажува драстичен пад од 112 промили во 1961 година, на 28 промили во 1991 година, тоа се сепак индикатори, кои што покажуваат дека ваква определба на Владата преку трансфер на средства за обезбедување на народно здравје е добра ориентација, иако овие средства се недоволни. Бидејќи овие области , кои што се номинирани во позициите на Буџетот, во разделот 28, ставката 4361 до 4368 даваат добри социјални ефекти односно финансирањето на овие програми има позитивни социјални ефекти во народното здравје, сакам да нагласам дека и во иднина би требало ова да продолжи како политика на Владата. Бидејќи Владата ќе

мора да ја задржи стратегијата на политика на социјализација на трошоците за проблематиката третирана во овие 8 програми, заради тоа што тоа е социјален интерес за целата популација. На пример, здравствената заштита на родилките, на децата, задолжителните вакцинации и сл. Политиката на Парламентот и на Владата низ овој Буџет да го одржува социјалниот интерес за целокупната популација, го сметам за фундамент на социјалната сигурност и во соочувањето со сите небулози што се продуцираат како неповолни во транзицијата во сите области на општествениот живот. Потребите за одржување на социјализација на трансферите на државата за здравствена заштита на населението сега се поголеми отколку пред три четири години, и тоа заради следните две состојби.

Прво, за време на делување на блокадите Советот за безбедност при Обединетите нации многу вредности на индикаторите на социјалниот развој се нарушени. Заради недостиг на вакцини, лабораториски реагенси, резервни делови за дијагностички и терапевтски апарати заради зголемување на бројот на неосигурани лица, заради притисок на бегалци врз системот на здравственото осигурување, заради немање гориво за работа; на терен и се тоа комуналативно делува неповол но на општата здравствена состојба на населението. Оттука, ја нагласувам потребата дека треба при ребалансот на буџетот да се размисли за поголеми средства во финансирањето на програмите , кои што се битни за здравјето на целокупната популација. Ова, затоа што, индивидуата е одговорна за сопственото здравје, а државата за здравјето на целокупната популација. Ова е актуелно и заради следното.

Основниот извор на приходи во здравството се придонесите. истите се намалуваат и тоа драматично, заради структурните проблеми и финансиските проблеми во стопанството како резултат на што е

недоволно плаќање на придонеси, но и од новосоздадените субјекти од приватниот сектор. Се ова има за последица фискална компресија на фондот за здравствено осигурување. Заради тоа здравствениот систем атхок мора да се прилагодува и се прилагодува во потрошувачката во смисла на редукација на расходите, освен платите и социјалните трансфери од работниот однос, тоа е топлиот оброк, превозот и регресот за годишниот одмор, меѓутоа како последица од тоа се јавува намалување на квалитетот и обемот на здравствените услуги на целокупната популација во примарното здравство, што е многу значајно, заради тоа што од тоа зависи и политичкото расположение на граѓаните и кредибилитетот на Владата во одржување на социјалната сигурност на граѓаните, поготово и во оваа многу осетлива здравствена област.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседател, почитувани дами и господа, морам уште од почетокот да нагласам дека се немаше доволно време за да се проучи предложениот Буџет на Република Македонија за 1995 година, па да се каже нешто поконкретно со цел да се подобри неговата содржина од која пак содржат многу решенија во текот на идната година. На жалост, се потврдува истата практика ваквите важни акти да ги добиваме така да се каже пет до дванаесет. Верувам дека и надлежните комисии на Собранието не беа во состојба да упатуваат најиздржани забелешки и предлози што би воделе кон подобрување на неговата содржина.

V/1 СП/СЛ

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ**:(продолжение)

Бидејќи Буџетот како и другите документи мораме да ги донесеме денеска, јас во својата дискусија ќе се задржам само на некои аспекти што , ако не сега, мора да се имаат предвид во реализирањето на самиот Буџет. Пред се, тој заслужува глобална поддршка и ќе речам дека за него ќе гласам. Ќе гласам заради тоа што тој е во духот на определбата стабилизационото однесување и во текот на 1995 година.

Што значи Буџетот? Тој претставува инструмент на економската политика што мислиме да ја оствариме во текот на идната година и мислам дека е добро што и оваа година одиме со планиран дефицит, што не мислиме да го решиме со задолжување во Народната банка, туку со наменски кредити од меѓународните финансиски организации.

Ако се направи груба пресметка ќе се заклучи дека буџетските средства главно се остваруваат од данок од доход и добивка односно од персонален данок потоа од данок на промет на стоки и услуги во кои најзначајно место припаѓа на акциите и од царина. Значајна ставка претставуваат и неданочните приходи односно таксите.

На прв поглед изложената структура говори дека се е во ред, меѓутоа, мора да се признае дека ставката на приходите што се однесува на персоналниот данок е преку 9 милијарди денари е индикативна. Тоа значи дека и во текот на идната година со даночната политика во голема мерка ќе бидат погодени трудо-интензивните гранки кои и онака одвај излегуваат на крај со проблемите со обртни средства, а да не зборуваме за некој развој или модернизирање.

V/2.-

Што е најлошо повеќе ќе бидат погодени правните субјекти што се уште користат општествени средства за своето работење, односно што се уште не се трансформирани и од тука и моето залагаше за прераспределување на поголемо опфаќање на сите потенцијални даночни обврзници за што очекувам дека ќе помогне реорганизацијата и консолидацијата на Управата за јавни приходи, што се најавува.

Збор два за распоредот на приходите односно за буџетските расходи, односно трошоци. Еден бегол поглед кон неговите главни позиции ни дава можност да констатираме дека во текот на 1995 година средствата што ќе се соберат главно ќе одат за образование, за решавање на обемните социјални проблеми, народна одбрана, внатрешни работи и здравство. Меѓутоа, доста средства ќе одат во разни трансфери.

Само ќе се задржам нешто подолго во одделот на образованието затоа што тоа ми е конкретна надлежност во парламентарната група, задолжен во Комисијата за образование.

Разгледувајќи го Предлог Буџетот на РМ за 1995 година констатирав дека во споредба со претходните години Буџетот за 1995 година нуди нешто поповолни решенија за даноците од областа на образованието, но од предложените решенија, со оглед на затекнатите состојби во материјалната сфера на оваа дејност се недоволни да ги задоволат минималните потреби.

Забелешките и предлозите на Предлог Буџетот на РМ за 1995 година ќе бидат презентирани во два дела во мојата расправа општи и посебни забелешки и предлози.

V/3.-

Под А) општи забелешки:

Планираните средства во Предлог Буџетот за 1995 година во основа базираат на затечените состојби што за последица има стагнација, а во некои делови и уназадување на дејноста. Предлог Буџетот требаше со некои од годишните буџети што ги имавме на разгледување досега да се премости посочениот  недостиг во планирањето, односно утврдувањето на средствата за дејностите на образованието.

Второ, од 1991 година во ни еден годишен буџет не се предвидени средства за осигурување на имотот и опремата на организациите во дејноста на образованието, ниту за најосновните ризици како постои законска обврска за осигурување. Тоа ми даде повод да ги видам и споредам буџетите почнувајќи од 1991 година до 1995 година.

Трето, по донесувањето на Општиот колективен договор на РМ и Општиот колективен договор за нестопанските дејности во постапката на донесувањето се колективни грански договори во областа на образованието. Од понудените решенија во делот за платите , надоместоци и други надоместоци, присутна е усогласеност што укажува на настанување одредени проблеми уште на самиот почеток на 1995 година.

4. Во постапка на донесување е новата законска регулатива за сите степени на образование, која по донесувањето, односно стапувањето во сила, ќе бара ангажирање на средства за нови промени што во постојните закони не постојат поради нови квалитативни промени во образованието. Секако дека овие нови средства не може да се квантифицираат, но упатно е во образложението на Буџетот да се укаже на овој момент.

Б) ПОСЕБНИ ЗАБЕЛЕШКИ И ПРЕДЛОЗИ

Раздел: 23 Министерство за
образование и физичка култура

Јас уште во почетокот реков дека ќе се задржам на забелешки и предлози на Предлог буџетот на Република Македонија за 1995 година во овој раздел што напоменав погоре бидејќи искуството од четири години и во поранешниот Парламент што бев во таа Комисија ми овозможи да направам и една мала споредба со досегашните проблеми што образованието во општо се среќава. Успешното работење на Министерството за образование и физичка култура, вклучувајќи го и Педагошкиот завод на Македонија како орган на негов состав, покрај потребата од соодветно техничко опремување, во основа е зависно и од по адекватното валоризирање на работата на стручните работници, вреднување на звањата, обемот на работата и слично. Проблемот на платите на ова Министерство е наметнат уште од 1991 година, а од 1.12.1993 година извршено е намалување на платите на вработените во Министерството за образование и физичка култура во Педагошкиот завод на Македонија како и во претшколското, основното, средното и

V/5.-

високото образование во однос на звањата кои во образованието се присутни и регулирани со закон. Аналогно на тоа звањата во Министерството, Педагошкиот завод на Македонија се резимирани со Правилникот за Систематизација кој е прифатен од Владата на Република Македонија. Исто така присутен е проблемот на непризнавање потребни средства за раководење со организациите на Министерството, односно подрачните единици на Педагошкиот завод на Македонија.

Овие прашања беа поставувани и разгледувани и во Комисијата за образованието, во Владата на Република Македонија, но за жал се уште не се изнајдени соодветни решенија па и во Предлог буџетот на Република Македонија за 1995 година.

Во делот на плати, наемнини и надоместоци не се предвидени односно планирани плати за прекувремена работа. Карактерот и итноста на одредени работи има потреба од прекувремено ангажирање на дел од вработените во одреден период од годината. Слична е состојбите и со вработените кои работат на утврдување на дејноста на претшколското, основното, средното и високото образование. И во досегашниот, а и во наредниот период сите овие вработени, а и други биле ангажиран и ќе бидат бидејќи не постои друг начин за навремено извршување на задачите освен прекувремена работа.

Исто така,ова прашање е принципиелно бидејќи вработени во Службата за општи и заеднички работи во Владата на Република Македонија веќе го остваруваат тоа право. Се наметнува прашањето зошто образованието во тој план да биде обесправено. Во делот на трошоци за затоплување ставка 423 е испуштена потставката 4231 - дрва, бидејќи дел од образовните единици во Република Македонија се затоплуваат со дрва.

V/6.-

Кај ставката 424 - материјали во потставките 4243, СПИСАНИЈА, ВЕСНИЦИ, и други изданија определен е не реален и многу мал износ на средства во износ од 200.000,00 денари. При ова треба да се има предвид дека Министерството за образование и физичка култура има 3 5 подрачни единици. Предвидената сума од 200.000,00 денари за 1995 година треба да се зголеми за 3 пати повеќе.

Во ставката 424 - материјали - испуштена е потставката 4244 - КОПИРАЊЕ, ПЕЧАТЕЊЕ И ИЗДАВАЊЕ. Тука средствата се потребни пред се и за работата на Педагошкиот совет кој е орган во состав на Министерството, но истиот нема статус на правно лице. Министерството за образование и физичка култура има обврски сите акти што ги предлага.

Педагошкиот совет, а ги донесува министерот, да ги објавува и доставува до сите училишта во Република Македонија. Од овие согледувања предлагам под ставките 4241 - ДРВА и потставката 4244 - КОПИРАЊЕ, ПЕЧАТЕЊЕ И ИЗДАВА1БЕ да бидат внесени во проект буџетот бидејќи истите се испуштени од страна на предлагачот односно од страна на Министерството за финансии при изработка на конечниот текст на Предлог буџетот за 1995 година, а за сумата неопходно е двете министерства треба наменски да се договорат за да бидат покриени овие наменски средства. Исто се однесува и до подставката 4015 - ПЛАТИ ЗА ПРЕКУВРЕМЕНИ РАБОТИ. Оваа неодложно треба да биде прифатена бидејќи се работи за принципиелна забелешка, а истата е и оправдана бидејќи вработените во Министерството за образование и физичка култура во Педагошкиот завод на Македонија и општо сите вработени во образованието се ставаат во нерамноправна положба во однос на другите вработени во органите на управата.

Исто така и ставката 4243 - СПИСАНИЈА, ВЕСНИЦИ И ДРУГИ ИЗДАНИЈА базира на реално направените трошоци кои како минимум се потребни поради постоењето на голем број подрачни единици што ги има Министерството и Педагошкиот Завод на Македонија како и распространета училишна мрежа низ Република Македонија.

V/7.-

Раздел 23.01

ФИНАНСИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ ОД
ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Во предлогот на буџетот за 1995 година се предлага, односно е конципиран, согласно постојната состојба во основното образование. Ако се има предвид дека основното образование е задолжително и има за задача целосен опфат на генерацијата, тогаш како е можно тоа да се реализира на затечените состојби, состојби кои повеќе години наназад се недоволни и не пружаат минимум услови за работа.

Не треба и не би требало на затекнатата состојба да се концепира новиот Буџет. Не значи ли тоа што вели народот тој што нема пак да нема, а тој што има пак да има.

Основното образование како дејност се реализира во 395 правни лица од кои 331 основно училиште за редовно основно образование, 9 основни училишта, односно заводи за ученици со пречки во развојот, 15 основни музички училишта, 1 основно училиште за образование на возрасни, 16 работнички универзитети, 11 пионерски домови, 12 други корисници Сојуз за грижи и воспитание на деца, Ученички дом, Дом за деца без родители и други.

Дејноста се остварува во околу 1300 објекти, со површина од 1.150.000 м2, со опфат за околу 264.000 ученици во 10.336 паралелки и 18.582 вработени на образованието.

Имајќи ги во предвид унапред изнесените показатели за обемот на дејноста укажува дека е неопходно потребно да се изврши корекција на планираните средства во Предлог буџетот за 1995 година во следните ставки и потставки.

V/8.-

- во категорија I - Тековни трошоци ставка, 401 - плати, наемнини и надоместоци предвидени се средства само за постојниот број на вработени, но не е земен во предвид бројот на извршителите што е потребен за извршување на дејноста основно образование. Колку ми е познато предлогот на Министерството за образование и физичка култура раздел 23.01 во основното образование при конципирање на Предлог на буџетот за 1995 година се однесуваше на 20.332 вработен што би значело фактички реален број на извршители на таа образовна функција.

Проблемите што се јавуваат при финансирањето на дејноста на основното образование што се обезбедување на најниска плата надоместоци на плата, замена на отсутен работник кој е на боледување до два месеци и осигурување на опремата и објектите посебно се образложени во заедничкиот дел на Предлог -законот за буџет.

- во ставка 42 2 КОМУНАЛНИ УСЛУГИ, што ги опфаќа трошоците за струја, вода, ПТТ и курирски услуги, ѓубретарина и чистење на оџаци предвидените средства во износ од 101.260.000,00 денари претставуваат само 63% од потребните средства што би биле потребни за реализација на оваа дејност во учебната година 1994-1995.

Укажуваме дека во 1994 година за дел од потребните комунален придонес, ѓубретарина и чистење оџаци не се обезбедија посебни наменски средства колку што мене ми е познато.

- во Предлог буџетот за 1995 година недоволно се предвидени и средствата во ставката 424 - материјали и ставката 425- стоки за посебни намени.

Во ставката 424, потставка 4241 - канцелариски материјали и формулари повеќе од 50% од планираните средства ќе бидат

ангажирани само за набавка на околу 11.000 одделенски книги - дневници и ученички досијеа што значи остатокот на средства од оваа потставка нема да овозможи нормално обезбедување на останатите потреби од канцелариски материјали.

Ставката 425 - СТОКИ ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ што ги опфаќа подставките 4 254 - СРЕСТВА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ХИГИЕНА и потставката 4255 ХТЗ ОБЛЕКА И ОБУВКИ е доста ниско предвидена, ако се има предвид бројноста на објектите во дејноста , бројот на учениците и вработените.

Предвидените средства за хигиена 13.000.000,00 денари обезбедуваат месечен износ од 833 денари по објект, независно од неговата големина што навистина не може да ги задоволи ни минимум од потребите. за таа намена.

Треба да се напомене дека во 1994 година посебни средства за овие намени не се обезбедија и ако основните училишта ги имаа овие потреби, а потребите беа зголемени и поради појава на разни болести, епидемии (жолтица, колера и др.) што бараше обезбедување на дополнителни средства заради наметнатите обврски од санитарните здравствените организации.

- поизразит недостиг на средства се јавува и кај ставката 427 - ТЕХНИЧКО ОПРЕМУВАЊЕ - која што пред се го опфаќа опремувањето на основните училишта со наставни и нагледни средства и помагала.

Повеќе години station наназад средства за оваа намена на училиштата не се обезбедувани со што е доведено во крајно неповолна положба реализирањето на наставните програми.

Средствата што во оваа ставка се обезбедија во 1994 година колку што ми е познато беа употребени за набавка на училиштен инвентар клупи и столчиња.

V/10.-

- во ставката 432 - ТЕКОВНО (рутинско) одржување на згради предвидени се средства во износ од 50.000.000,00 денари, а реалните потреби за тековно одржување на објектите молерисување, фарбање на столарија, замена на дотраени подови, замена на дотраени тавани, кровни покривки, водоводни , канализациони, електрични, громобрански и топловодни инсталации, прозорски стакла и друго за 1995 година би изнесуваа околу шест пати повеќе од предвиденото во проект буџетот на Република Македонија.

Исто така напоменувам дека само за молерисување на просториите и фарбање на столарија секоја година неопходни се средства во износ од 40.000,00 денари по секој објект поединечно.

За тековно одржување на опремата во потставката 4321- планирани се 30.000.000,00 денари. Дали со овие средства можат да се поправат или заменат плотни за клупи, наслони и седишта на столчиња поправка на табли и други,одговорот сигурно би бил не.

- средствата во ставката 433 - ОПЕРАТИВНИ МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ, потставка 4331 - ТРОШОЦИ ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА исто така се недоволно планирани, бидејќи во 1995 година истите ќе бидат доволни само да ги покријат трошоците за лекарски прегледи на вработените во дејноста, што е законска обврска , но не може да се покријат трошоците за републичките и регионалните натпревари на учениците, средствата за одбележување на јубилеите на основните училишта, регистрирањето на основните училишта и слично.

- во ставката 441 - ТРАНСФЕРИ до владини институции потстафка 4415 - УЧЕНИЧКИ СТАНДАРД, предвидените средства од 130.800.000,00 денари претставуваат само 68% од потребните средства за оваа намена.

VI/7

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Србиновски.

Јас ги молам службите да ги повикаат пратениците да влезат во салата. За буџет расправаме.

**ЈОВАН СРБИНОВСКИ:**

Господин претседателе, господа пратеници, јас ќе дискутирам само за еден многу тесен сегмент од буџетот, односно само една ставка, затоа што не има многу и секако дека сите кои што ќе излезат на говорницата ќе дотакнат многу прашања и проблеми кои што произлегуваат од донесувањето на Буџетот.

Пред се би рекол дека таа ставка е стимулациите за извоз, која што една е стапка меѓутоа повлекува многу проблеми и таа стапка дефакто го детерминира понатамошното работење на извозните организации односно извозните претпријатија кои што се еден голем сегмент од целокупното стопанство на Македонија.

Суштествено е прашањето дали може преку предложената буџетска структура на приходи и расходи да се препознаат целите и задачите на се уште неутврдената макро економска политика за 1995 година. На основа на ова прашање би можело да се покрене и суштинска расправа, но мојата намера ќе биде сконцентрирана само на предложениот буџет и преку него да го оцениме односот кон извозните потреби на нашето стопанство.

Недоволна е констатацијата дека под притисок на продлабочената платно - билансна нерамнотежа не би можеле да опстанеме во подолг период. Состојбите говорат дека натамошно се изразени тенденциите на опаѓање на извозот и порастот на увозот на стоки за широка потрошувачка. Во овие услови при реализирани приливи на девизни средства што не се од извозна активност во стопанството, во стопанското производство во долг период се остварува стабилност на

курсот на денарот на реално високо апресирано ниво во однос на инфлаторните инпути создавајќи ненадоместливо високи ценови диспаритети во извозното стопанство. Имам податок, а веќе тој податок фигурираше на Комисијата за стопанство дека кумулираната инфлација изнесува 56% а апресијацијата на денарот во просек во однос на доларот е 12% во однос на марката 1-2%, што пред се ќе зборувам за "ЈУгохром" му нанесе во 1994 година одлив на пари од цирка 10 милиони долари. Бидејќи сме извозно сме ориентирани а 80% од трошоците се од државата, по удар на инфлацијата која беше присутна зголемениот процент на трошоци од 33% допринесе таа бројка да се заокружи на 10 милиони долари. Буџетот, конкретно преку намалената позиција на извозните стимулации говори дека е напуштена определбата проблемот на поттикнување на извозот и декуражирање на увозната стока за широка потрошувачка да го разрешува преку компензатори и извозни стимулации определувајќи се на тој начин против раководени девалвации од страна на монетарните власти, кои секако би воделе во нови инфлаторни циклуси. Но, не нудејќи други компензаторни решенија практично на овој начин еден жежок проблем на стопанството на идната извозна активност на земјата е оставен по страна. Нам не ни се познати процентите на монетарните власти за идните девизни приливи што не се од сопствени извозни стокови фондови, странско кредитна финансиска помош, реикспортни провизии во вонредни услови на блокади и слично, со неизменета извозна политика која впрочем ја немаме, ако на овој начин се очекува издашност на овој извор во 1995 година, што ќе значи и натаму повисока понуда на девизи и релативно стабилен курс, но уништено извозно стопанство.

VI/9

До колку, пак овие извори пресушат, или се во помал обем од досегашниот ќе имаме пазарно иницирап процес на девалвација и урамнотежување на размената со странство, но со перманентно опаѓање на нивото на вкупната размена со странство и изострен проблем на ефективни девизни средства за највиталните потреби на општеството.

Сето тоа може да се резимира со прашањето дали имаме извозна политика и дали оваа Програма е стабилизациона за овој дел, за овој сегмент на стопанството и дали само овој сегмент на стопанството треба да ја понесе целокупната стабилизација. Не би сакал сега јас да одговарам на тоа прашање, но само би потсетил дека мораме да ја имаме ако 80% на нашиот општествен производ се реализира преку размена со странство и би го поставил прашањето колку буџетот како инструмент на државата е во функција на соодветната извозна политика. Во прилог говори фактот што нашата извозна стратегија требаше да се ослони врз реален што значи пазарно стимулативен курс, а тоа е токму изострено дестимулативен. При евидентно преполовено ниво од вкупниот извоз во однос на периодот од пред 2-3 години се откажавме и од единствениот ефикасен инструмент- стимулациите кои повеќе се симболика а не функција. Веќе две години во буџетот не издвојуваме повеќе ни средства за општо стопанска пропаганда во странство без која не се препознава колку државата преку буџетот, а како и во многу земји го искажува интересот за поамбициозна битка за освојување на странските пазари.

**ЈОВАН СРБИНОВСКИ:** /продолжение/

Дефакто, оставени сме сами на себе да се снаоѓаме на база на минатото, односно традицијата и имиџот што сме го имале како работни организации во Македонија.

Во дадената состојба, без соодветна информативна база без пазарните усвојувања со децении, со радикално редуцирани можности за воспоставување на нови пазарни последици, новите пазарни последици станувaат се појасни. Како заклучок, монетарната рамнотежа не е само цел само по себе, туку предуслов за зачувување на вкупната стопанска активност. Со присутните негативни тенденции во сите сфери на економскиот живот, во услови на стабилизациона програма, во клучното сидро, стабилен курс, се повеќе ги добива прерогативите на чисто монетарна шок терапија од краткорочен домет познат преку искуствата на многу наши и соседни земји. Штета што донесувањето на Буџетот не се поклопува со завршните сметки на извозните претпријатија кои што следат во наредната година, но сепак со голема доза на сигурност тврдам дека во наредна та година ќе зборуваме не за 23, туку за далеку поголем број на загубари, пред се, како резултат на Стабилизационата програма, која што уште порестрективно продолжува во наредната година. Би бил среќен ако бидам демантиран на база на оптимистичките прогнози дека се очекува заживување на стопанството во целина, земјоделството 1,5%, индустријата 0,8%, меѓутоа, сметам дека не се земени во предвид проблемите пред се на внатрешната неликвидност во Републиката кои што се случуваа поготово во задните два квартали.

Конкретно кога ќе се гласа по Законот за Буџетот секако дека неколку пратеници од сферата на извозното стопанство имаат

поднесено амандман, исто така има поднесено амандман и по Одлуката за девизно монетарната политика во наредната година, не со тоа дека бидејќи Владата тоа не го прифати на комисиите итн., се со цел да остане траг дека проблемите сме ги истакнале на Парламентот, камо срека да бидеме демантирани дека сето ова што се предвидува ќе биде, односно ќе оди кон подобро.

**ЈОВАН ЛАЗАРЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Најпрво сакам да укажам една генерална забелешка дека се работи за еден од најважните кати кој ова Собрание треба оваа година да го донесе, а останаа само два дена за да се одлучува по него и останаа уште петнаесетина закони кој што го следат. Бидејќи се работи за нов состав на Собранието, поголем број од пратениците прв пат се среќаваме со оваа проблематика. Ценам дека иако постоеа објективни проблеми, мораше да се планира барем една недела за негово проучување, да се направи се разбира, консултација и со базата и со своите партии. Меѓутоа, не можам да го прифатам објаснувањето на министерот дека и Владата беше изненадена од краткиот рок на проучувањето. Од друга страна од непланираните комисии придонесе да не се води квалитетна расправа по дејности во секоја комисија како што е предвидено. Општо гледано, ценам дека Буџетот е преобемен и претставува преголем баланс за слабото и кревко стопанство. Очигледно дека освен во сферата на социјалната политика и ограничувањето на платите во другите сфери Владата немала храброст да направи посмели зафати. Тој нема рестриктивен карактер и мислам дека ќе делува инфлаторно, бидејќи се работи за огромна масана средства, ќе го дестабилизира и така слабото стопанство што ќе значи нови стечајни работници и нови потреби за

социјала. Повторно задолжување во странство и така се во круг. Вакво Буџет може да има само богата земја, земја со големи резерви, со големо материјално богатство, што има и развиено стопанство.

Во поглед на остварувањето на приходите во материјалот провејува преголем оптимизам. На прим. побудено е зголемување на приходите од доходот и од добивката за 16%, но не е јасно како тоа ќе се оствари кога се планира пораст на производството од 0,7%, а згора на тоа се предвидува и отпуштање на 15.600 работници Еден дел од приходите ќе се оствари со задолжување во странство. Иако под извонредно поволни услови и со одредена намена, сепак тоа претставува однапред трошење на создадената акумулација во непроизводни цели.

Во поглед на потрошувачката по сите основи се предвидува зголемување, а никаде смалување. Иако со стабилизационата програма беше предвидено да престане вработувањето во државната администрација, сепак тоа не е остварено, туку се продолжува со нови вработувања во полицијата, војската, царината итн., а се предвидува тоа да продолжи и во наредната година и се разбира под изговор доколку тоа се обезбедат средства од Буџетот. Сите сакаме да имаме модерна полиција, модерна војска, модерни опремени министерства, модерно опремени дипломатски претставништва, но сето тоа мора да се усогласи со можностите на стопанството и на државата. Иако сме во фаза на воспоставување на дипломатски односи со голем број на држави, зголемувањето на дипломатско конзуларните претставништва во странство треба да се одвива многу внимателно и да ги одразува реалните можности и интереси на нашата држава. Овде ќе наведам еден пример поучен, пред воспоставувањето на дипломатските односи со Јапонија во Скопје гостуваше директорот за Европа во Министерството

за надворешни работи на Јапонија и како гостин на Македонското и Јапонското друштво буквално рече: 11 Јапонија е многу сиромашна земја и не е во можност да испрати амбасадор во Македонија затоа го замоливме г-динот Балабамов да биде наш почесен конзул во Македонија". Мислам дека така треба Македонија да се однесува. Како претставник на Социјалистичката партија ценам дека е добро што се предвидени големи средства за надоместок на вработените поради структурните промени, но гледано перспективно тоа не нуди долгорочно разрешување на проблемот, доколку не започне широк инвестиционен циклус што ќе овозможи нови вработувања. Работниците не бараат социјална помош, тие бараат работа, тие да заработат за сопствената егзистенција, за егзистенцијата на своето семејство и да придонесат за севкупниот развој на сопствената држава.

Кога сум овде ќе потсетам на една стара кинеска мудрост: "Ако некому му дадеш риба ќе го нахраниш за еден ден, ако го научиш да рибари, ќе го нахраниш за цел живот". Затоа е неопходно што поскоро да се ангажира сиот научен и стручен потенцијал да се трасира правиот развој главно на лесната индустрија, со цел да се отворат нови работни места и продуктивно да се ангажираат стечајните работници и младите кадри. На крај еден предлог до Владата која минатата година донесе одлука да се затворат фришоповите, мислам дека треба да се отворат фришоповите, меѓутоа, како јавно државно претпријатие и тој дел од приходите кој што не е за потценување не е мал да се слева во државната каса, а не сега да се збогатуваат фришоповите на соседните држави.

Имајќи ги предвид состојбите во кој што се наоѓаме преземените обврски спрема меѓународните финансиски институции, како и потребата од законско регулирање на буџетската потрошувачка, потрошувачка за

наредната година сметам дека овој Буџет треба да биде донесен на оваа седница, меѓутоа предлагам Владата сериозно да ја разгледа можноста за негова реконструкција уште во текот на годината со што ќе се намали социјалниот товар, а ќе го поттикне развојот.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа,

Јас не сум навистина стручњак да зборувам за сите сегменти на Буџетот за 1995 година, меѓутоа, чувствувам потреба да кажам неколку збора за проблемите и состојбите во пензиското и инвалидското осигурување,за кој што навистина може многу да се зборува, дури и повеќе од колку што беше говорот на г-динот Харуни. Во оваа прилика само накратко ќе се обидам да ги изнесам овие проблеми и сум убеден дека овие проблеми ќе бидат предмет на една поширока опсервација и на Владата на РМ и на овој Парламент се надевам уште во почетокот на наредната година. Уште на минатата седница кога се зборуваше за ребалансот на Буџетот за 1994 година јас предложив еден амандман кој што се обидов да укажам на проблемите да бидат зголемени средствата, на име обврски на буџетот спрема пензиското и инвалидското осигурување пред се со цел да се создадат услови за една понесметана исплата на октомвриските пензии кои што се исплаќаат во текот на месец декември, и да се даде еден збив така да кажам во почетокот на наредната година додека не се предложат некој потрајни мерки да може да фактички одат пензиите со едно задоцнување кое нема да биде поголемо отколку што е сегашното. Меѓутоа со овој Буџет за 1995 година, јас не видов некој потрајни извори, трајни извори на средства кој што ќе може да ги надминат проблемите односно да се покрие така да кажам дефицитот, кој навистина не е мал во ова осигурување  и во 1994 година

износува 2,6% милијарди денари, иако заложбите наши се и ќе бидат да не се ствара и тековен дефицит во наредната година, ми се чини дека ваквите предлози, односно немање на посебни извори на средства дека тој дефицит уште за една милијарда кома 6 барем по наше предвидување ќе биде тековно зголемена за 1995 година, со други зборови фактички една ситуација со други зборови ситуација која што ќе биде полоша од сегашната. Јас навистина сум свесен дека Владата нема волшебно стапче со кое што може наеднаш може да ги реши овие проблеми, меѓутоа мислам поотворено требаше да им се каже на корисниците на пензија што ги чека во наредната година, наместо тие сега еуфорично пред истекот на годината се уште ја очекуваат 13-та пензија. Во деветти месец Владата на РМ расправаше по овие проблеми и јас колку се сеќавам тогаш беа задолжени министерствата за труд и социјална политика Министерството за финансии и Министерството за развој, во соработка со Фондот да предложат решенија за надминување на овие проблеми, односно предложување на некои извори на средства со кои што ќе може да се ублажи, ако не да се ублажи дефицитот кој што е присутен во ова осигурување, меѓутоа до денеска такви некој покрупни решенија навистина се уште нема. Наместо поцелосно да се предлагаат решенија, што повеќе од наредните точки и другите денови кога ќе дискутираме ќе видите и од она што го ние го читаме како пратеници од материјалите маркетиншки предлози за некој парцијални решенија во овој систем без да се води сметка и навистина да разговараме за едно поцелосно решавање на проблемите во ова осигурување. Овој пат исто така немам поднесено никаков амандман, бидејќи знам дека предложениот буџет ќе биде и мора да биде донесен и дека веројатно за најголемиот дел на тие прашања е постигнат договор со претставниците

на меѓународниот монетарен фонд , затоа што секое извлекување на таа кула од карти на една карта предизвикува други додатни проблеми и затоа што мислам многу брзо бидејќи е ова од многу побитните прашања во нашата држава, мислам дека многу брзо во почетокот на наредната година ќе мораме поопстојно да се занимаваме со овие проблеми заради тоа сегашните тешки состојби во наредната година да не бидат уште полоши.

**ВЕЈСЕЛИ АБДУЛАДИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

По основ на Предлог Буџетот на Републиката за 1995 година ќе се задржам на одредени начелни и материјални забелешки кои произлегуваат од понудениот текст на овој Предлог - акт. По основ на нашите забелешки ќе се задржам на две точки. Еден од основните принципи на буџетот на една држава е тоа дека треба да претставува јавен акт. Се прашувам за нашите услови на донесување на Буџетот на државата колку овој акт е присутен во јавноста.

Второ образложението на Буџетот е дадено воопшто и начелно без посебни детали, поготово по основ на расходната страна. Овде посебно се мисли за тековните трансфери, трансфери на физички лица кој учествуваат некаде со 17,6% од расходите на Предлог Буџетот освен начелните забелешки, неколку збора ќе кажам и за материјалните забелешки по основ на приходи и по основ на расходи.

По основ на приходи, приходите по основ на данок на добивка претставуваат некаде 5,6%, наспроти големото учество на приходите од данок на потрошувачката од 47,3% во Европските западни земји, мислам во Европската економската заедница и во развиениот свет по чиј пат сме тргнале и ние, приходите од доход односно заедно од добивката и од

персоналниот данок од доход во Буџетот на државата изнесува дури 34% како на пример Италија со 36,1%, Турција 34%, Германија 34,2% и сл. наспроти структурата на овој вид на буџетски приходи од 24,3% во овој Предлог Буџет. Оваа ниска структура на Буџетски приходи кај нас е резултат на малото учество на данокот од добивка против во овој вид на приходи се само 5,6%.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Сметам дека треба да се направи промена во пресметковниот систем, бидејќи со стапка усогласена со западните европски земји од дури 30% од добивката се реализираат приходи во Буџетот на државата со само 5,6%, а ова произлегува од релативната категорија добивка како основица за оданочување во нашиот пресметковен систем. Посебно е значајно и индикативно приходите од царина и други увозни давачки од 16,8% во период кога поголемиот дел од сточниот фонд на државата е од увозот. Проблемот е во неефикасна наплата на овој вид на приходот и нецелосно евидентирање на сточниот фонд кој влегува во државата. За забележување е учеството на персоналниот данок од доход од 18,7% во вкупните приходи на државата, а според даденото образложение најголем број на обврзници на овој вид на давачка се приходите по основ на работен однос. Треба да се има во предвид проектираниот број од 18 илјади и 500 работници кои во 1995 година треба да се отпуштат од работен однос, како и се понередовната исплата на плата од работен однос и слично. Кај приходите на данок на промет на производи и услуги кои учествуваат некаде со 14,6% треба да се напушти принципот на условното ослободување како извор и можност за секакви даночни утајувања и принципот за безусловно ослободување, а кое го користат и богатиот слој на населението, а на товар на ова да се остварат поголеми приходи кои директно ќе бидат наменети за социјално загрозениот слој на населението и ефектот да биде постигнат само кај тој дел од населението за кого и треба да се однесува за посиромашните, а не и богатите да консумираат производи кои се без оданочување. Од сето горе изнесено за приходите во Буџетот на државата се забележува вкупното фискално оптоварување во процент на општествениот производ, освен дефицитот изнесува некаде 27,4% што е во границите на нормалното оптоварување, а кое на пример во поедини држави

изнесува Грција 36%, Австрија 42%, Турција 23%, ЕЕЗ 40,8%. Горенаведените мои забелешки во принцип се однесуваат во структурата на поедини видови на приходи во Буџетот на државата. По основ на расходната страна на Буџетот, поточно член 30 од Предлог - Буџетот, ги давам следните забелешки. Министерството за одбрана раздел 8 учествува со 9% од вкупните расходи што претставува зголемување за 19,5% во однос на потрошеното за 1994 година, тренд кој е спротивен на Декларацијата за демилитаризирана држава. Раздел 11 Министерство за надворешни работи, во однос на 1994 година претставува зголемување некаде од 144%, односно за 1,5 пати се зголемени расходите. Мислам дека 199 4 година претставуваше г дина кога Република Македонија се ширеше низ светот со своите меѓународни активности, а е непотребно во 1995 година толкав пораст на расходите во однос на 1994 година, односно треба континуирано и умерено, а не со неиздржливи пораст. Раздел 12 Министерство за финансии, тековни трансфери по ставка 4489 санација на банките. Се предвидува дури само 7% од вкупните буџетски расходи кое претставува зголемување од 21% од планираниот Буџет за 1994 година, може би е нужност, но претставува парадокс имајќи во предвид како е дојдено до банкарска дубиоза преку кредитите во поминатите децении кои се прелиени преку деловните банки во стопанските субјекти, а кои денеска преку процесот на трансформацијата на структурата на тој капитал се прелива во приватни раце, т.е. се продава тој капитал со одредени бенефиции и попусти по книговодствена вредност, а кои до денеска скоро половина е и продадено, а државата треба оваа дубиоза да ја покрие од Буџетот преку санација на банките. Раздел 22 Министерство за труд и социјална политика во однос на 1994 година расходите се планираат да се намалуваат за 31%. Појавата на намалувања на расходите за оваа намена е несоодветна со очекуваните трендови на социјалните тензии

во 19 95 година и со самата проекција за отпуштање од работа на над 18 илјади вработени поради структурните промени во стопанството и трендот на постојаното зголемување на бројот на фамилиите кои се социјално загрозени. Ако за некоја намена во Предлог - Буџетот за 1995 година треба да има одредено зголемување на расходите тоа е за социјално загрозените фамилии кои од ден на ден за жал се повеќе ги има. Добрата општествена и социјална заштита на граѓаните и нивните фамилии во годината која ни претстои е предуслов за безболно структурно трансформирање на стопанството, а со тоа и за мирен и спокоен живот во Републиката

И на крајот, морам да кажам дека не поседувам податоци, а во блиска иднина ќе побарам од ресорното министерство да ми обезбеди податоци за регионалното учество во државниот Буџет по општини во формирањето и делењето на финансискиот колач на државата претпоставувам дека постои одреден парадокс да недоволно развиените општини меѓу кои и Тетово повеќе дава во државниот буџет отколку што зема од него.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, министерот Миљовски ми вети дека ќе расправаме за буџет кој ќе има ребаланс само ако има приходи. За ребаланс кој ќе има расходи за таков буџет нема да расправаме. Тоа ме охрабрува и сметам дека би било добро кога и денес би расправале за таков буџет кој ќе има сопствена рамнотежа, а не се финансира со кредит за сопствениот дефицит. На сите нас јасно ни е дека целите од кои поаѓа овој буџет е стратегијата на стабилизационата политика, преоценката на макроекономските агрегати. И третото битно прашање дека не смееме да отстапуваме од договорот со Меѓународниот монетарен фонд,За мене сигурно е едно од најзначајните

прашања. Но, стабилизационата програма се одржува на цена на курсот на денарот како рамка за развој и преструктуирање на стопанството. Сигурно предлагачот на Буџетот го има во вид и влијанието на нејзиното движење, па тука би запрашал дали парите во оптек и обем се доволни за поставените стокови движења во државата, а што значи новата емисија на пари која се предлага од 28%. Сигурно за мене опстанок на извозното стопанство, а некој ќе рече дека тоа е нова инфлација која би се зголемила, но одговорот на тоа, инфлацијата е политичко прашање. Затоа барам, а имаме поднесено и амандман проширување на извозните стимулации, дестимулација на извозот и воведување на придонеси од каде што ќе се пополнува Буџетот и заострена контрола на работата на банките. Сигурно во проекцијата на приходите само тие ќе ги кажам, Буџетот се наслонува токму само на стопанството. Сигурно пополнување на Буџетот покажува најголеми зафаќања по основ на данок на добивка, а добивката реално опаѓа, загубите се зголемуваат. Некој спомна 23, 30 и не знам колку, сигурно завршните сметки ќе го кажат тоа. За што станува збор? За примена на законски прописи кои оданочуваат добивка и според нив само исплатените плати се признаваат како одбиени ставки на товар на деловните расходи. Дали тоа значи во 1995 година Буџетот ќе се пополнува од неисплатени плати каде се зголемува даночната основица, тоа го чувствува стопанството. Сигурно во структурата вториот елемент од кој што се пополнува Буџетот е товар на стопанството и основниот приход во Буџетот персоналниот данок. Зошто? Затоа што најлесно од таму се зема. Не можеш плата да дадеш ако не платиш придонеси. Сето тоа е основ каде можеме да разговараме, но малку е учеството во Буџетот во структурата на надоместоците од данокот на промет, од царините за што сметам дека произлегуваат пред се заради неизвршување на обврските на обврзниците према државата и како резултат на нашата недоволна контрола од страна на државата врз

извршување на овие обврски. И ќе прашам, како ќе се остварат приходите од каматите на кредитите на претпријатијата кои ги плаќа државата. Читај: здравото стопанство и секој граѓанин. Значи останува прашањето отворено како ќе се пополнува наредниот дефицит, а според тоа сметам дека набрзо треба да се оствари санација на банките и од таму да потечат средства како нова структура за пополнување на приходите на Буџетот.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Предлог - Буџетот е даден како еден од битните завршни елементи кои треба да се донесат во оваа година, затоа што иако е пет до дванаесет ние без разлика мора да го донесеме Буџетот. Во експозето на господинот министер беа нотирани сите параметри на кои ќе се гради Буџетот како во приходниот така и во расходниот дел. Беше потенцирана стабилизационата програма, договорите и аранжманот на ММФ, антинфлационите елементи, рационализацијата на трошоците, намалување на инфлацијата, девизниот долг констранство, санација на банките, преструктурирање на општествените претпријатија, ограничување на јавната потрошувачка. Малку беше спомнато околу она што се провлекува во оваа година, а тоа е онаа фамозна 13-та пензија. Мислам дека ова не е 13-та пензија, туку тоа е две пензии кои требаше да се најдат средства за да може да се исплатат на пензионерите. Бидејќи некој им ветуваше во предизборниот период, во предизборните митинзи им ветуваше на пензионерите дека ќе се разреши овој случај, но многу е невкусно да уште тие луѓе кои својот цел работен век го изработиле да бидат социјала. Мој предлог е целата државна управа да се откаже од една плата, иако е тоа околу 1 милијарда денари, а за пензиите во Републиката се потребни 1,3 милијарди денари. Дали со ова

ќе биде едно задоволување на сите овие потреби, мислам дека ќе каже и оној господин што дофрли ММФ. Кога станува збор за овој договор со ММФ јас предлагам бидејќи ние во експозето на господинот министер не чувме до каде и што е договорено со ММФ, некој на нас ни ги дава смерниците и да видиме до каде и што е направено со договорите со ММФ, бидејќи би било нереално и невкусно ние тука да гласаме за нешто што не познаваме. Ќе гласаме за некој што ни наметнува игра и мој предлог е да се направи ако е можно господинот министер да ги каже условите и правилата на играта до каде сме отишле и кои се условите, зошто и како, до каде можеме да направиме договор со банката и стенд-бај аранжманот на ММФ. Бидејќи информациите трубат дека во договорот е кажано дека пензиите ќе каснат не осум недели, туку се предлага за 12 недели. Се предлага дека овој Буџет ќе биде рестриктивен. Се начнаа проблемите околу стопанството, се начнаа проблемите во земјоделието. Дали ние ова ќе го издржиме и мислам дека треба да станат малку повеќе да подискутираат стопанствениците. Затоа јас предлагам, би го замолил господинот министер да стане и да ни каже до каде е договорот со ММФ и кои се правилата на однесување. Не може некој да ни ги диктира правилата на игра, а кога гледаме дека немаме никаква економска помош околу блокадата и од југ и од север. Мислам дека господинот министер ќе стане и ќе ни образложи, но би било уште повкусно да го поделиме овој интегралниот текст на договорот за да можат пратениците да го разгледаат иако рековме дека доцниме со доставувањето ан овие материјали, бидејќи Буџетот е сигурно еден од фундаментите на кои ќе се креира целата политика на државата. Мислам дека би било вкусно сега да направиме една пуза и да се подели интегралниот текст за да знаат пратениците за што гласаат, бидејќи ќе гласаме за нешто што не познаваме и ќе носиме одговорност.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, мислам дека можеби со право некој трпението го губи затоа што расправавме по пратенички групи, расправавме на комисиите, некој цел ден чекаше овде за оваа седница, но поаѓајќи од тоа дека ова е Буџет, фундамент на државата треба да бидеме крајно внимателни па да ви кажам и толерантни едни на други, затоа што секој барем за оваа проблематика треба да си го каже мислењето.

Јас немам подготвено реферат што треба да зборувам,но во главата имам едно четири, пет точки кои не можам така лесно да ги избирам, затоа што мислам дека поголем дел на граѓани во Република Македонија заправо зависи од тоа, односно целта што сакаме да ја постигнеме може само на тој начин. Тоа се моите аргументи. Некои немаат разбирање за тоа, дури се однесуваат одбојно што мене ме изненадува затоа што мислам дека секој од својата сфера каде што може да даде допринос треба да биде. Што значи донесување на Буџет? Секој од овде може да си направи по своите размислувања, по својата логика, лични интереси, интереси на претпријатие, на општина, на регион, преработувачки капацитети, производни капацитети, трговија итн. Но, мислам дека Владата на Република Македонија и ресорните министерства пред се Министерството за финансии, Министерството за стопанство итн. треба да ни презентира и што ни презентира буџет кој ќе ја стабилизира оваа држава и да постигнеме некоја цел. Јас верувам дека во најголем дел така е поставен, но мислам дека тука има аномалии. Не можам да се сложам и понатаму производството во стопанството да паѓа со таква енормна стапка што мислам дека во однос на пред три-четири години ние сме со опаѓање на производството околу 40%, а ако гледате дека тоа е сепак од исто производство сега живееме,

не викам дека сме имале неквалитетно, нерационално итн., а нашиот животен стандард изразено во национални валути марки, долари се зголемува. И сега зошто тоа го зборувам? Затоа што ние ако работиме на планот да ја стабилизираме државата на основа на едно стабилно стопанство, мислам дека треба во наредниот период да го имаме следното. Јас веднаш ќе кажам кај кредитно - монетарната политика. Зарем можам сега јас како пратеник кој потекнува од стопанството да се сложам да Народна банка она што го предвидела, а еве и сега ние тоа на некој начин оваа Влада и ова Министерство тоа е затечена состојба, тешко може да се менува, да зборуваме за реален курс, односно стабилен курс, низок курс, а при една есконтна камата од страна на Народна банка која ги задолжува банките од минималната сега што ја имаат од 6-8%. Јас имам едно друго видување, како пратеник и како стопанственик. Ние ако сакаме да ги постигнеме крајните цели, а се засновува на едно квалитетно стопанство, тоа дали е извозно - увозно, но во овој момент, во оваа развиеност на ова наше стопанство давам предност на извозното стопанство од повеќе причини. Ако давам предност на извозното стопанство со оваа кредитно - монетарна политика, стабилен курс, а каматните стапки се големи месечни. Ако ние сите партии и овој Парламент зборуваме и јас како поединец зборувам сега ако сакаме да влеземе во европските текови и стално е присутен меѓународниот монетарен фонд, не викам да не е присутен,каде го има на 2 7 декември 1993 година марката спрема Народна банка беше 27,5 или 27 и денес е иста марката, истиот долар, а тоа го рече еден од претходните дискутанти, секој месец шест, шест, шест отсто камата, ние 80, 90% имаме камата. Сега замислете ако како претпријатие речам, јас ќе живеам од менувачници, од банки 10 милиони долари со никакво производство можеме да ги пласираме во банка, да работиме и да станат 18 милиони долари и сите тоа ако го направиме тогаш кој добива,

кој губи? Губат стопанството, пред се извозното стопанство, а кој добива? Добиваат оние странски фирми кои се во Македонија. Замислете на пример во Македонија има словенечки фирми, донесат стока за 5, 10 милиони марки и тоа по многу поволни цени. Сите тие пари преку нивните банки ги вртат, хипотека ставаме, со камати и однесат 7,8 милиони марки само од тоа. Кажете кое извозно претпријатие може на тој начин да печали, затоа што ние не можеме тоа да го издржиме. Ние ако не користиме месечен, двомесечен, тромесечен кредит, еве нека каже кој извозник не користел кредит.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:** (продолжение)

Мислам дека таква политика уназад за девет три години извозното стопанство се руши. Каде е сега нашата одговорност, дали ова и понатаму ќе го поддржиме. Јас што барам односно што треба да бараме.

Сакаме ние услови на стопанисување кои се присутни на пазарот во Европа, во светот, со оние со кои комуницираме. Ако јас за мојата машина, багер, што ја увезам плаќам 20-30% царина американецот, Германецот и Италијанецот не плаќа затоа што ја произведува, а истиот тој стопанственик, истата таа бранша преработувач, или било што е, користи годишна камата од 4 до 10%, а ние користиме 6% месечна камата. Сега, во која рамноправна улога е стопанственикот од Република Македонија во Европа. Мислам дека тоа треба што побрзо да се размисли, затоа што исклучиво губи стопанството.

Јас знам дека сега банкарите, финансиерите, сувпарните комунисти што само гледаат, велат дубиозите банкарски ги решаваме затоа што некој земе кредит не го враќа. Не ги решаваме ние дубиозите на банките, ние ги продлабочуваме дубиозите, затоа што од два инвалида станавме 3, 4 -5. Јас знам дека пред три години имав 13 милиони долари залиха во метали, пред година дена имав 8 до 10, сега сум веќе во минус барам таму ваму, со 100% производство што било пред 10, пред 5 пред 4. Значи токму ова, знаете зошто се залагам за ова, ќе ви кажам. Затоа што моето производство од 30 милиони долари остварува 100% производство и 1000 вработени. На тие 20 милиони долари што имам извоз да имам само 10% тоа ми се 2 милиони долари. Тоа ми е 40% од платите на вработените. И тоа на принципиелна основа барам, не барам јас нешто друго. А јас милион, да не кажам и повеќе плаќам камата. Значи бараме само пазарно стопанисување, вклопување

со европските токови. И јас произведувам исто и германецот произведува но тој има други, веќе не сме во стартот конкурентни. Не е во прашаше дали он има 2 илјади плата, или нашиот работник има 250 пари плата.

Понатаму, кога е присутен меѓународниот монетарен фонд во Републиката треба да ја сфати оваа држава од 2 милиони граѓани дека секој 2 граѓанин е земјоделец. Се бави со земјоделска дејност. Дали нешто одгледува, пченица, тутун итн. Значи, ние сакале или не сакале, тоа е еденогромен слој на граѓани кои егзистираат од земјоделието а во оваа херметичка затвореност и во овие услови на стопанисување на земјоделието треба да му овозможиме барем приближно некои услови. Јас мислам дека треба овде Владата во соработка и директно со меѓународниот монетарен фонд, помош, и со народната банка на Македонија да еднаш годишно за земјоделието да види кој е тој , бараме полека полека тие граѓани ги очуваме на работ на егзистенцијата, да имаме едногодишна примерна емисија. Зошто се залагам. Замислете нашиот тутунопроизводителец го авансира сопственото производство со 6% месечна камата на 6 месеци и веќе во стартот сопственото производство 45% го намали и трошоците. За што се залага? Не се залагам за примарна емисија секоја година да се плаќа. Се залагам оваа држава, оваа Влада со помош на ММФ и со сите банки, и Народна банка да најде можност токму овој удар да го уважиме. Еднаш да предизвикаме инфлација 10, 20, 30 или не знам колку милиони да се отпечатат, да се задолжат комбинатите, тутунските претпријатија и се задолжат тутунопроизводителите само еднаш годишно. За тоа да си оди стално, а не како порано што беше во претходниот систем, стално примарна емисија и стално земе аванс 5 илјади марки, кога треба да се врати 2 илјади. Не кога ќе земе 1000 марки нека врати  1.040 итн. Тоа

економистите подобро го знаат, а тоа го велам повеќе од социјалниот аспект. Јас не сум против социјалата. Да се барем на работ на егзистенцијата, да се одржи секој втор граѓанин на Републиката што е земјоделец, тутунопроизводител и било што. Не сум јас против социјалата затоа што во оваа транзиција не можеме држава да градиме, да се преструктуираме а народот, граѓаните изгубен. Треба да имаме јасна претстава кога сме за социјала, до кога. За одредена бранша и за тоа дали и тоа ќе биде за месеци, за година, за две и три да имаме како парламент, како министерства и како Влада одговор до каде ние према одредени бранши ќе одиме со социјала. Тоа е многу битно да се знае. Инаку некој по пат на социјала оди година, две три пет и веќе има една атмосфера кому се исплаќа да оди да биде под социјала отколку кошули или панталони да шие во Астибо или Македонска итн. Мислам дека има две крајности. Едната е оваа крајност а другата е таа друга и мислам дека треба и тука да се работи.

Што се однесува до буџетот во министерството за стопанство видете што е. Ние денес се наоѓаме во една максимална експлоатација. Се што е минерално благо ако не се исплаќа сакаме да го експлоатираме, да го преработиме, да го продадеме а никој не води сметка за проширување на суровинската основа. Мислам дека многу е тоа малку 800 иљади марки да се издвојуваат за геолошки истражувања, за проширување на суровинската минерална база на Македонија. Јас предлагам бидејќи сите се прават трговци во Македонија, производители итн. и јас знам во било која земја секој произведувач на метали и неметали, секој преработувач и оној кој што се бави со трговија од приходот, не од добивката, и од добивката издвојува пак 10%, како што издвојува "Бучин" 5-10% за геолошки истражувања, Силекс, Тораница,

предлагам ова дупло да се зголеми, затоа што оној што се бави со трговија во овие метали, неметали, да издвојува за оваа намена. Значи, да се најде оној што ги осеќа благодетите, а не сега од овде да издвојуваме. Затоа што многу сакаат да продаваат метали, неметали , а ништо да не даде на државата, ниеден сантиметар бушотина да не буши. Мислам дека не е тоа коректно. И дури се лутат газди, овој бил монопол на тоа, а овој бил монопол на она. Мислам дека тука може да се направи еден простор за геолошкото истражување да се зголемат токму со некој посебен закон што ќе се предложи на една од наредните седници, или од Владата ќе се донесе.

Понатаму, данок на промет. Изворите на данок на промет, акцизи, царини итн. се на Буџетот. Јас не можам да сфатам, повеќе време за ова зборуваме, го потенцирам да произведуваме злато , да не можеме да го пласираме од една страна, од друга страна не може да го купи сопствената држава, да плати по пазарни услови и сопствената валута. Ако не може злато во ред. Камо среќа да имаме злато па ќе го пласираме било каде, а од друга страна со закон ни е забрането да се пласира. Тоа што никаде го нема во светот. Се знае мора државата да даде да се пласира. Во ред ќе го пласираме. А сакаме да го преработиме во повисок степен на финализација. Видете сега каков апсурд. Знам дека тоа така ќе остане. Го преработиме, вработени има 100 до 120, во Рубин 500 човека за да го пласираш на пазарот, во продавницата треба да се плати 70% акциза. А во Македонија има 150 килограми злато што званичо се плаќа акциза, а има уште 1.500 килограми по шверцерски пат, не плаќаат акциза ни 5%. Јас се прашувам дали повеќе се исплаќа да биде 70%, или да биде 10%. Тоа значи ние ќе имаме повисок степен на финализација,

ќе имаме поголемо вработување, поголем профит, но само ако се смали акцизата на 10% нема да биде оние дуќанчиња кои ги има многу, да шверцуваат во Италија, во Германија, туку во сопствената земја ќе се преработи. Не се тоа цигарите, не е тоа виното. Значи ако се смали акцизата ќе имаме поголеми ефекти.- Јас тоа и со еден амандман понатаму ќе го направам до Владата. Тоа значи и шверцот ќе се намали и буџетот ќе се зголеми. Еве направете од 3 тона злато, од 200 кгр. кои произведуваат "Рубин", Крушево, Голтмарк, колку има приход во буџетот а колку има од останатите 2.500 кгр. Нема ништо. И со тоа таа фама еј злато ли ние ќе купуваме, не сме ние богата држава итн. Да не се плашиме го има, а може и да го нема, но со ова ќе си направиме и повисок степен на финализација итн. Тоа е предмет на размислување само.

Доста се потенцираше да се дели и за ММФ. Да не се сфати погрешно но мислам дека ние не сме за да биде присутен да ни помага итн. Ни треба некогаш и клучните потези да ги извлечат ресорните министерства, Владата итн. За некои работи можеби треба да се договориме. Јас сега гарантирам да се 10 милиони долари откупат оти нема доларот од 41 до 43 да отиде. Гарантирен. Свесен сум како може од 45 да падне на 41. Понуда -побарувачка. Каква понуда - побарувачка. Немаме никакви инвестиции за производство за извозот да го зголемуваме итн.

Јас ова го реков и на Комисијата за стопанство без намера некој да се девалвира а некој да се восхитува. Ова го боли стопанството, посебно извозното стопанство и мислам дека треба што побрзо за овие 4-5 работи да имаме конкретен потез како ресорни министерства, затоа што и тоа извозно стопанство што на некој начин дава најголем допринос за градба на пруга и сето тоа, за кратко време ќе се уништи, блокадите ќе ги

нема а народот не дивизи, ќе нема ни денари ако нема основа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Темелковски има интервенција.

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, мислам дека со секој респект и почит према моите колеги и говорници од оваа говорница овие дискусии мислам дека се за некои други места, Стопанска комора. Ние да пристапиме по извештаите од комисиите каде што доста долго дискутиравме и истите дискусии ги имавме. Да дадеме по тие извештаи што можеме да придонесеме во побрзата рационализација за донесување на буџетот. До колку имаме забелешки по амандманите што беа од комисии да се произнесеме, инаку ваквите дискусии ќе не одведат во бескрај и ќе го изгубиме уште драгоценото време без да постигнеме некој ефект.

Сметам дека со постапката со буџетот го предлага Владата пред новата година станавме сериозни и покажавме една голема сериозност кога предложивме буџет пред нова година.- Но сега гледам колку пак повторно се враќаме во едни бледи дискусии без темелни расправи за Буџетот и за агрегатите, каде што стварно се прочисти целиот текст. На тие комисии треба да имаме доверба како колеги од овој Парламент и да се почитуваме со респект. Претседателите на комисиите нека дадат свое видување и да пристапиме према извештаите, заклучоците и амандманите предложени од комисиите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа интервенцијата нема деловнички карактер, туку тој на колегите се обраќа да бидат порационални.

Има збор Наум Симјановски.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дами и господа, во целост ја поддржувам дискусијата на господинот Чифлиганец и морам да дадам една паралела во однос на едно познато уметничко дело , тоа е книгата "Повик на дивината" . Говорот на г-динот Чифлиганец го ценам да е повик за спас на македонското стопанство.

Во однос на буџетот истакнувам да гледано редоследно неколку години уназат и овој буџет се надоврзува на истите со користеше на една иста методологија, така да тука некои поголеми структурални промени во однос на претходниот дел немаме.

Во однос на расходниот дел се јавуваат ониe незначителни промени во докомплетирањето на одредени министерства и нивни функции кои сега во оваа нова Влада, во концепцијата на развојот на оваа Влада се формираат и ќе треба да се развиваат.

Посебно би го истакнал оној нов момент, влијанието на ММФ во однос на ефектите кои би се предизвикале и би се постигнале со влијанието на предложениот кредит од страна на ММФ, кој е зацртан како стапка за нијансирање на вкупната сума на приходите на буџетот. Моја лична забелешка е дека во овој буџет се дава мала, незначителна поддршка на аграрот. Знаеме дека голем дел од македонското население живее од тој аграр директно или индиректно и морам да кажам дека ваквиот однос кон аграрог во РМ е за очекување во наредниот период да имаме повратен удар токму од тој аграр.

Исто така, некаде при донесувањето на Буџетот за претходната година имаше повеќе дискусии во однос на невложување за изградба на одредени инфраструктури објекти во РМ, посебно за изградба на електро енергетски објекти. За жал и во овој буџет како стапки воопшто не се заприметливи.

Посебно е за оценка тоа што во програмата за буџетот немаме никаква пара дадено за програма, за заштеда на електрична енергија што како појава морам да кажам дека е загрижувачка, затоа што големи средства токму на ова поле се даваат и се трошат во РМ , а на ова поле во нашата Република навистина не се дава, не се вложува доволно, а ценам дека вложените средства во оваа област за брзо време би се повратиле.

Исто така се држи една депресирана вредност на денарот која мислам дека повратно, индиректно неповолно ќе влијае врз целокупното стопанство на РМ.

Исто така не се дава одредено решение, поконкретно и подолгорочно за старата девизна заштеда, туку се задржуваат постоечките форми за решавање на старата девизна заштеда на кои гледаме дека има огромно енормни реакции од целокупното население на РМ.

Посебно би изразил едно мислење да во приходниот дел не е дадена покомплетна, подецидна структура и анализа на приходниот дел по однос на предвидувањата, во однос на остварувањата редоследно барем во претходната година за да знаеме што ориентационо би можело да не очекува во наредната година. Да не се случи за брзо време да се предвиди и да се предложи од Владата нов ребаланс на Буџетот, ребаланс инициран од неостварувањето на приходите во Буџетот со решенија за дофинансирање на предвидената сума на пари за Буџетот. Морам да кажам и иницирам дека ќе треба да се изврши комплетна промена во даночниот систем во РМ за да имаме една пофункционална, пофлексибилна државна управа за да може навистина РМ да функционира на едно европско и светско ниво.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Се залагам за намалување на и те како големите придонеси кои во овој момент владеат со постоечките законски норми во Република Македонија, но, исто така го потенцирам и малиот процент на реализација во остварувањето на приходите од тие даночни стапки што во овој момент владеат и се практикуваат во Република Македонија.

За жал, лично побарав од повеќе министерства кои ја тангираат оваа проблематика точно и децидно да се даде учеството, точното учество на приходите по одредени стапки и нецелосното доприбирање на тие даноци предвидени во РМ, но за жал не успеав да добијам точни податоци со колкав процент се оствари поретходниот буџет за да од прилика се има податок за очекување со кој процент би можело да се очекува и овој буџет да се остварат приходите со предвидените даночни стапки.

Како решение на ова предлагам зголемување на финансовата контрола што Владата треба посебно да обрне внимание и една од поголемите задачи на чело со новиот министер за финансии ќе биде докомплетирање и заокружување на оваа финансова контрола во Република Македонија. Посебно, во приватниот сектор каде што гледаме дека најголемите малверзации се случуваат токму во работењето на овие мини приватни фирми.

Исто така, би го акцептирал проблемот во социјалната програма која и те како е тангирана во овој предлог на буџет, со отворање на нови стечајни места, стечајни работници кои ќе се јават со преструктуирањето на новите 25 загубари во РМ. Мислам дека Владава која е Влада во континуитет со претходната- не најде баш добра солуција за веќе постојните 12 илјади стечајни работници, а со овој буџет веќе се предвидуваат нови 18 илјади таканаречени стечајни работници. Така што

иако се предвидуваат доста поголеми парични средства за реализирање на одредени социјални програми за овие стечајни работници, мислам дека проблемот со зголемување на стечајните работници ќе биде само пролонгирање на агонијата на овие работници. Додека некое посебно продуктивно нивно вработување ценам дека со овој обем на средства и со овој обем на развој на нашето македонско стопанство во овој момент не е можно.

Исто така, на крајот би истакнал дека учеството на странските кредити во дофинансирањето на Републичкиот буџет, форма што за прв пат се предвидува во Предлогот на овој буџет, со сума која морам да кажам не е во некој посебен биланс да одлучува во таква форма да Република Македонија да не може со сопствени средства тие парични средства на одреден начин да ги прибере. Вака, мислам дека со навистина мали парични средства се прикажуваме пред јавноста, ја прикажуваме зависноста од меѓународната јавност, а тоа значи, цената значи на индиректен начин вмешување во внатрешната политика на Република Македонија на сите овие меѓународни финансиски институции. Барем, ако е веќе неопходно тоа да се направи, да се интервенира, барем би било пожелно да се даде една информација за целокупниот тек на преговорите и разговорите со Меѓународниот монетарен фонд, со Мисијата на ММФ, со Мисијата на Светската банка, за да видиме и да ја осознаеме целата етиологија на проблемите и нормално, настанувањето на адекватните вакви решенија што се предложени во Буџетот на Република Македонија.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Димов.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, ќе пробам во духот на забелешките на Зоре да бидам краток и ќе пробам да учествувам во оваа расправа по Буџетот на Република Македонија и мојата расправа ќе ја сведам на три точки: забелешки по Буџетот; аргументи на моите забелешки; последици од таквиот буџет ако се донесе и мои предлози.

Јас имам забелешки на Буџетот како на приходната така и на расходната страна. Мислам дека приходната страна е формирана или буџетарите ја отшасувале да биде толкава на база на остварените приходи во минатата година, бидејќи имавме ребаланс на буџетот, кој ребаланс се сведуваше на зголемување на Буџетот, а тоа е отворен сигнал дека средствата се горе-долу собрани, значи повеќе се собрани средства, па според тоа на таа основа е правена проценката за приходната страна.

Потенко ќе ги на ализирам основните елементи што ја создаваат приходната страна. Тука се порезите на личен доход, порезите на промет, акцизите и цариините. Сметам дека е оптимистичко предвидувањето дека порезот од личен доход ќе се оствари во годината кога предвидувам реструктуирање, кога предвидуваме санирање, односно распуштање на некои 23 организации што се во загуба. Значи, прилично е оптимистички да се очекува дека порезот по личен доход ќе се зголеми. Исто така и порезот на промет во такви услови кога голем дел од луѓето ќе останат и без работа, на социјала, сигурно дека прометот со стоки ќе биде намален. За акцизите исто така сметам дека е оптимистички, бидејќи нафтата по овие кругови и движења ваљда ќе ја нема. Јас направив некаква проста калкулација, овие порези, акцизи што се од нафта и нафтени деривати во минатогодишниот буџет и како се остварувале се над онаа нафта што се продава овде во Македонија,

бидејќи некаде сметам дека околу 800 илјади тони се продаваат од овие деривати.

Што се однесува до акцизите на алкохол, на цигари итн., добро, тука може оптимистички предлагач, алкохолот, поготово жестокиот алкохол потрошувачката ќе порасне, но не знам данокот дали ќе се собира. Уште купуваме цигари неоданочени така што сето ова е оптимистички и сметам дека ова се базира на база на остварувањата во минатата година.

Моите забелешки по расходната страна, сметам дека предлагачот на Буџетот расходната страна и висината на буџетот ја оценува и ја отшасува на база на параметри што сметам дека се нереални. Големината на буџетот од некаде цирка милијарда и двеста педесет до милијарда и триста милиони долари колку што е овде дадена се заснива на еден бруто национален производ од некаде околу 4,5 милијарди долари. Тоа исто така се заснива пак на база на некои бројки од минатата година, бидејќи минатата година на база на проценки или поточно на база на остварена јавна потрошувачка или остварен буџет од цирка милијарда и двеста и педесет милиони долари се проценувало дека бруто националниот доход некаде 3,5 до три милијарди и шесто милиони долари. Ако од овој бруто национален доход се одземе јавната потрошувачка која е цирка милијарда и седумсто, значи заедно буџет и целокупната јавна потрошувачка излегува, јас сега наведувам аргументи, излегува дека минатата година бруто национален доход намален за јавната потрошувачка останало во оваа наша државичка 2 милијарди долари кои сигурно треба да најдат свое место и сигурно треба да бидат некаде јавени како инвестиции. Колку што знам од теренот од каде доаѓам такви работи нема, колку што консултирам организации такви работи нема. А, ние се израдувавме кога слушнавме дека Алкалоид, организацијата таму 40 милиони долари покренува инвестиција. Значи, тоа како еден феномен пошто е реткост и на што се радуваме, а не како

правило. Според тоа, мојата оценка е дека овој Буџет што изнесува некаде цирка, би требало да изнесува некаде околу 26-27% од бруто националниот доход, мислам дека тој не е 25-2 6% од бруто националниот доход, бидејќи бруто националниот доход по моја оценка денес и минатата година во овие услови има просто равенство. Тој е еднаков точно на јавната потрошувачка изразена преку Буџетот и другите корисници,здравство, пензиско - инвалидско и другите корисници, плус личните доходи на вработените. Но, бидејќи личните доходи рековме дека спаѓаат во трошоци, по новата терминологија и методологија, значи од прилика по моја проценка дека јавната потрошувачка горе-долу е тука, колку што е новосоздадената вредност. Сега се сомневам дали и и тоа така и зошто така се остварува.

Некои движења за кои се чудиме зошто се случуваат, имаме остварување на потрошувачката на буџетот и јавната потрошувачка, имаме реални камати што се многу поголеми од било каде во светот, реални камати, имаме стопанство кое горе-долу опстодува. Се прашувам како тоа може да биде? Одговорот е многу прост. Во минатата година а веројатно и другата година имаме највулгарна трансформација на општествениот капитал во потрошувачка како во лични доходи така и во јавна потрошувачка. Зошто? Сите сме весели, државата весела, се издвојуваат пари за јавна потрошувачка и буџет и рабвотниците весели, бидејќи тие како - така газди и негазди и следејќи го циклусот како што ни следува и понатаму и следејќи го својот исконски нагон да преживее прават тоа што изгледа мора да се прави. Го трансформираат оној општествен капитал во потрошувачка, така што ние имаме една тенденција изразена на стимулирање на и едната и другата потрошувачка без разлика како тоа во сите елаборати оди. Тоа се моите аргументи што јас овака можам и покрај тоа што многу кратко беше времето, дури и јас се зачудив како толку, навистина ние пратениците

сме бистри затоа не избрале луѓето но толку да сме бистри за ден два да научиме толку работи, јас просто вака се воодушевувам со самиот себе. А сега, за квалитетот не знаеме натаму како ќе биде.

Друга забелешка по самата структура на буџетот. Присутни се три тенденции:

Прва, задоволување на потребите на корисниците на Буџетот, со некој коефициент таму 20%, 25-26% од стариот буџет.

Втора тенденција купување на социјалниот мир краткорочно. Тоа е страшно. Тоа е многу страшна работа.

Трета тенденција желбата на државата да биде главен инвеститор и мотор на развојот. Ако ги гледаме тие параметри и бројки тоа го забележуваме.

Што сега, ова беа моите оценки за последиците. Моите оценки за последиците се јасни. Има индикатори. Веќе почна каматата да паѓа и тоа е работа која кажува дека е дотрошена работата, оти клиентелата што зема кредити се знае која е, општествените организации, да се дотроши. Паѓа каматата. Тоа е првиот индикатор дека веќе е дотрошена работата. Тоа е страшна работа, бидејќи оваа година, не кажувам минатата, покажува дека од прилика ништо не се исплати да се произведува во Македонија. Јас навистина испаѓа по сите овие сметки баш така. Но, сигурно дека не ќе биде баш така, нешто ни се погрешени есапите, рачуните ни се погрешени и сметам колку побрзо ги порасчистиме ќе ни биде подобро.

Ако се усвои оваков буџет моја прогноза е, имам право валда на прогнози, сите може да прогнозираме, моја прогноза е дека ова тежнение кон зголемување на јавната потрошувачка и на личната потрошувачка уште ќе продолжи се додека има. Се би било добро, но да има. Се

додека има и ќе дојдеме до тотален колапс. Мислам луѓе за кои треба да обезбедуваме социјала, а кога ќе немаме луѓе кои ќе обезбедуваат социјала и ако понавремено овие работи не ги средиме ќе имаме и те како големи проблеми.

Затоа јас предлагам буџетот да се донесе во редовна постапка, Законот за јавно ограничување на јавната потрошувачка, бидејќи тие ја дефинираат економската состојба на оваа наша држава во идната година и сметам дека овие параметри треба малку да се претресат, да се обрне поголемо внимание како во понатамошната елаборација би дошле пореални показатели. Овој буџет да се донесе во редовна постапка, а исто така некој може сега да ми рече од каде ти знаеш како е работата никој не си консултирал долу во базата. Точно е тоа. Немав ни време сигурно може и со поточни показатели ќе дојдеме и полесно ќе дојдеме, да се донесе во таква постапка. Сметам дека тоа нема да ја закочи работата на Владата во преговорите со ММФ, бидејќи ова што јас го заговарам е многу порестриктивно отколку што тоа е понудено со овој буџет. Сметам дека и те како таму би требало да има разбирање и во една таква постапка и при такво донесување на Буџетот можат да се респектираат сите денешни состојби и да немаме стресови во идната година.

Јас можеби сум премногу песимистички, можеби оваа прогноза ќе се оствари не за шест месеци, може за година дена, но ќе се оствари.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Насев.

**ПАНЧЕ НАСЕВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, сите во Буџетот гледаме шанса нешто да добиеме и сите имаме желба во него нешто свое да протуриме. Ќе се задржам само на еден сегмент што

X/8

најмногу го боли и додирнува иовозното стопанство. Денеска со министерот Јане Миљовски доста дискутиравме и во комисиите.

Мислам дека оваа година што изминува со економската политика посебно кредитно - монетарната политика негативно се одрази врз извозното стопанство. Знаеме дека Републиката базира во последните неколку години токму на тоа извозно стопанство, барајќи излез како да се решат проблемите на тоа стопанство, бидејќи курсот на водечките валути во оваа година паднаа во однос на денарот, повеќе доларот од марката, а истовремено имавме пораст на трошоците со стабилизационата програма некаде за 7%, и инфлација од 54% и сето тоа не може извозното стопанство низ рационализација во своето производство да го надокнади. Мислам дека оваа година тоа стопанство ќе ја заврши позитивно како резултат на добрите резултати од првиот период од годината. Додека во вториот период, поголем дел од тоа стопанство прави загуба.

Во годината што следи со предвидената стапка, сума за стимулации во Буџетот, мислам дека не ќе може да се одржи и ќе биде стопанство што ќе биде на товар на државата на оваа Влада, а тоа сигурно ниту во Владата сакаат ниту ние стопанствениците. Мислам дека таа стапка во Буџетот е мала и извозните стимулации мораше да бидат поголеми.

Тоа денеска со министерот го елаборираше на Комисијата дека е неможно и не префрли на кредитно - монетарната политика таму да го бараме спасот. Меѓутоа, кога разговаравме со гувернерот, тој едноставно вели јас го следам својот курс, а тоа е понудата и побарувачката на девизи и на денарите па не префрли на Буџетот.

Така малку лево, малку десно ние остануваме со кратки ракави. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, ќе бидам сосема краток. Немам подготвено писмена дискусија.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Јас би сакал да кажам дека е сосема јасно дека постојат низа причини кои го условуваат донесувањето на Буџетот во скратена постапка , а уште се однесува и на голем дел од прописите кои се доставени. сепак, во оваа прилика би сакал да апелирам до Владата да изврши максимално можна редукција на прописите кои ќе бидат доставувани во една итна постапка, се со цел да им се овозможи креативен пристап и креативен приод на пратениците при донесувањето на прописите во спротивно би биле претворени во гласачка машина.

Буџетот, како што рече и Љупчо Мешков е таков каков што е. Ние јасно е мораме да го усвоиме до 31.12., но сепак јас се надевам дека некои слабости ќе бидат отстранети со дел од прифаќањето на амандманите, а особено се надевам дека во текот на годината ќе дојде и до ребаланс на истиот.

Исто така, во оваа прилика би сакал да укажам дека е доста рестриктивен, односно премногу рестриктивен буџетот во некои сегменти, пред се, во решавањето на комуналните проблеми и тоа во услови на недефинирана локална самоуправа, во услови речиси кога сите средства се центрлилизирани во рацете на државата и во овие услови во изградба на овие структури и комунални објекти, јасно може да се очекува само од средствата кои што се предвидени во министерствата. така, сметам дека на прагот на 21 век државата не треба да остане нема бидејќи голем дел од селски населби, приградски населби, па дури и градови за немаат вода за пиење, немаат решено некои основни и други комунални проблеми. Така, се надевам дека ќе дојде во текот на годината до ребаланс на буџетот и ќе бидат овие средства во поголема мерка изразени.

Исто така, сакам да нагласам дека е добро што се предвидени еден добар дел на средства за решавање на социјалните проблеми и добро е што по пауза од две години повторно имаме, иако симболични, мали средства за ревитализацијата на селата. Се надевам дека и во текот на годинат аи тука ќе дојде до една корекција.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ :**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во принцип се слагам со сите мислења дека еден ваков временски интервал, краток временски интервал за донесување на ваков важен документ како што е буџетот за 1995 година дека навистина не држи и сметам дека еден ваков документ требаше многу порано и со многу подобра припрема да се донесе како прилог на едно вакво Собрание.

Лично сметав дека министерот за финансии ќе достави едно поопширно експозе наместо објаснување на буџетот, со цел, главно, да ги опфати подетално сите стратешки цели на кој начин ќе се реализира овој буџет и практично што се очекува од овој буџет во идната година од аспект на стабилизација на стопанството, од аспект на стабилизација на банки и на сите тие институции кои се битни во сегментот на животот на државата.

Исто така, очекував Владата да достави макар краток пишан документ или некоја информација околу преговорите со ММФ од аспект што целата проекција на овој буџет очигледно се базира на преговорите со ММФ односно и оваа би рекол интервенција за што поскоро е донесе буџетот практично е една корекција која ја бара и оваа мисија на

Меѓународниот монетарен фонд. Сметам дека не е доцна сега во кратки црти да се кажат основните постулати на кои се преговарало со таа мисија и да се укаже кои се тие проекции на кои луѓето од ММФ инсистираат во спроведувањето на законот за буџетот.

Од друга страна потполно ја прифаќам и забелешката дека како нов член на овој парламент дека главните расправи за вакви документи треба да се доставуваат до комисиите кои се составени од нас пратениците и со ефикасни расправи во тие комисии би требало да ги спречиме сите овие би рекол повторувања на одредени дискутанти и се како губење на трпение на сите нас овде, што значи дека со јасни заклучоци од тие комисии можеме да извршиме само одредена козметика во предлогот и да го усвоиме како што е.

Со оглед на краткиот временски интервал што јас го имав за читање на овој Предлог закон за буџетот за 1995 година би се задржал само на еден сегмент на овој буџет, тоа се капиталните трансфери во единиците на локалната самоуправа. Факт е дека и во град Скопје па и во другите градови во Републиката постојат приградски населби, па и во делови од општините во овие градови , каде што не се решени* инфраструктурните проблеми. Тоа значи постојат приградски населби, па и делови на општини од градовите каде што не постои решение на водоводот, на канализацијата, на струјата, на патиштата, на ПТТ врските итн. Јас само ќе спомнам дека за град Скопје постојат приградски населби како што се Сопиште итн., кои што навистина живеат луѓе кои се на 5 или 6 километри од центарот на градот, меѓутоа, живеат без вода, без струја, без решени основни инфраструктурни проблеми. Сметам дека во овој сегмент мораше да се води сметка во буџетот тие средства кои се наменети за вакви намени да бидат поголеми а исто така од аспект на прикажувањето на трошоците мора да се води сметка за

Техничко – технолошката целина на решавање на овие проблеми, што значи ако во сегментот на капиталните трансфери е назначено решението да се решава водата или водоводот во еден сегмент, тогаш сигурно треба да се води сметка дека покрај тој водовод треба да се решава и канализацијата. Значи , со една техничко - технолошка целина која финансиски практично бара решавање како целина. Мислам дека како пратеник и пратеничка група ние имаме дадено амандмани во врска со ова што јас го кажав и сметам дека поголемо објаснување , поцелосно објаснување ако е потребно ќе дадеме подоцна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Паунов.

**ТЕОДОСИЈЕ ПАУНОВ:**

Господин претседателе, дами и господа, мислам дека денеска донесувањето на буџетот за Република Македонија за 1995 година е еден од битните и важните документи што треба да се работи во целата 1995 година. Но, прво би рекол нешто, во приходниот дел, Јас се прашувам како ќе се обезбеди приходниот дел кога немаме економска политика во детали за 1995 година да видиме на што почива, односно кои се основите за остварување на буџетот. При ваква состојба кога стопанството капацитетите не работат односно со намален капацитет работат, кога суровинската база не е обезбедена од каде приходи за буџетот кога банките не знам како и по кои критериуми како ги изнаоѓаат толкави камати од 6 до 9% месечни камати. Јас не знам и се уште не можам да разберам чии се средствата во банките. имавме локални и инвестициони фондови, републички, сојузни и тие на некој начин се прелија во банките и банките денеска имаат средства кои ги делат на

организациите со вакви високи камати. Да видиме дали е тоа така. Да видиме личните доходи односно платите на заводите за осигурување на имот и лица на банките колкави се тие лични доходи, па , да видиме на работниците кои треба да учествуваат во буџетот да го платат буџетот. Во приходниот дел, се прашувам како ќе обезбедат земјоделците средства кога не добиле средства за откупот на сончогледот, репата, кога не ги добиле премиите од буџетот што им следува и на кој начин би ги обезбедиле средствата граѓаните - земјоделци. И вака, мислам и програмски и во изминатиот период и стварност за земјоделството не обрнавме внимание нешто да се стори за развојот да имаме поголеми приходи.

Во Стабилизационата политика како индустријата и на кој начин ќе обезбеди средства, реков дека таа многу малку работи во детали. Што со производството, каде ®"с е пласира. Пазарите затворени, да се пронајдат нови пазари, личните доходи неисплатени,дел од буџетот се од даноците, придонесите, од личните доходи на вработените . По неколку месеци не зеле личен доход организациите. каква е таа судбина. Добро, тоа што е е така, мислам дека Владата ќе мора да изнајде брзи, ефикасни решенија, да ги покрене инсталациите во стопанството тие да проработат и само така ќе може да се обезбедат средства во буџетот.

Во расходниот дел јас се залагам при секое донесување на буџетот да се донесе закон за плати. Дали со платни разреди или закон за плати, да се утврдат на некој начин односите измеѓу работниците со иста стручна спрема , со иста работа во една организација и во друга организација. Со 50% личните доходи се различни, а кои се финансираат од буџетот се поголеми или помали. Од каде ова произлегува? На денот кога беше конституирањето на првото парламентарно собрание на 8 јануари 1991 година затечена состојба на финансирањето од буџетот и

од тогаш до денеска се применува само процент, коефициент се зголемуваат средствата на организациите, а никако да се види во суштина какви се тие односи меѓу едни платени и други. Имаме наставник со 8 илјади денари, а имаме исто така наставник по ист предмет со 12 илјади денари. Зошто и по кои критериуми 50% да има повеќе личен доход кога се плаќа од буџетот. Мислам дека треба да има побрзо, ефикасно да се донесе закон за плати, дали со платни разреди итн.

Понатаму, за распределба на средствата на расходите на буџетот мроа да има некои утврдени критериуми. Не можеме да делиме средства без утврдени критериуми. Кои да бидат земени елементи за распределба на критериумите, да кажеме еден правобранител, општествен правобранител има личен доход толку, граѓанинот има 50 илјади а некаде има исто има педесет илјади становника граѓани, 5 има правобранители. Дали тоа е потребно или не е потребно, колку е потребно да бидат некои критериуми. Исто и во другите служби кои ги имаме во администрацијата треба критериуми. Јас повеќе пати се залагав и не знам кога ќе се донесе дали закон, програма за рационализација. Навистина, да се утврди во државните служби од буџетот што се плаќаат, кои се потребни служби за извршување на функцијата на државата. Кои не се, да се бара решение во стопанството. Некој ќе каже како да ги решиме проблемите, вишокот на службениците. А како ги решаваат работните организации односно претпријатија денес стечајните работници и другите работници како ги решаваат тие проблеми. Овие проблеми треба да бидат разрешувани на начин со програма.

XI/7.-

Понатаму, ние не се зафативме за науката,Науката како да ја заоставаме, да ја поттргаме. науката треба да биде вклучена во стопанството, таа е заради стопанството, аз развој на стопанството. Без наука немаме стопанство. Значи, треба да се предвидат што повеќе средства за истражните работи, за научните работи и науката да се применува во стопанството. Ние колку имаме патенти и лиценци од наши- те научници, а имаме доста доктори на науки. А што произвеле докторите на науките, дали им овозможуваме средства, дали ен ги ставаме во функција на стопанството да изнајдат методи и начини и решенија. Дали не ги пуштаме во странство да отидат, па да видат да усовршат , да го применат нивното знаење, па да го пренесат во стопанството. Нешто постои и мислам дека средства треба за науката повеќе да се обезбедат. Кога веќе сме тука исто така средства за развој. Треба да се обезбедат нешто повеќе средства поради тоа што ако се обезбедат средства за развој на политика на Македонија, тие средства ќе бидат бидат повратни ќе се вратат тие средства. Ако не ги обезбедиме сега, постојано ќе ги немаме и ќе бидеме постојно како и сега сиромаси.

Да не должам многу, мислам дека овие работи се неопходни програми да имаме за развој на се. Некој ќе ме окриви и ќе каже дека е тоа социјалистичко, дека е тоа комунистичко, не. тоа е пазарно стопанство. Во пазарното стопанство, сепак, мораме да знаеме што ќе се произведува и каде ќе се пласира производството и дали имаме средства и можности.

Во финансирањето не можам, а да не кажам и да не се спомне средствава поради тоа што стопанството го менуваме стопанскиот систем средства треба да добиеме, помош, каде е таа помош. Кога ќе ја добиеме. Колку ќе добиеме. Не знаеме, немаме барања, немаме

програма за тие средства. Поради блокадата на Исток и на Север колку тие средства сме оштетени, до кога нема да добиеме ни динар, дали некогаш ќе добиеме или не. Треба да го бараме нашето оштетување, зашто нашето стопанство е оштетено и понатаму се оштетува.

Во земјоделството ако не примениме агротехнички мерки, ако не примениме наука, ако не обезбедиме средства, ние ќе немаме земјоделство, ќе немаме стопанство и нема да можеме да ги извршуваме задачите. При тоа, акумулација неминовно е да се проектира и да се изработи, акумулации за наводнување за добивање на земјоделски производи.

Во буџетот не се предвидени ставки за исплата односно дотација на пензионерите. За два месеца пензионерите не примиле пензии мислам дека тие вложиле свој труд, издвоиле средства и тие средства во минатото се поделени дадени во други претпријатија се искористени за пензионерите сега не останаа. Сметам дека најмалку треба Владата да пронајде средства за едномесечна исплата на пензиите да влезе во буџетот. А за другата едномесечна исплата да се бараат други средства и на пензионерите да им се исплати долгот што го должи државата Македонија. не смееме да ги оставиме на милост и на немилост, иако вака многу ниски пензии, а и тие да не ги добиваат.

По однос на каматите реков дека се високи, не исплатени на време, откупот на жито, земјоделските производи. банката, односно кога ги купува производителите не плаќа камата. А заедницата за неплатени комуналии, електрика и др. , граѓанинот мора да ги плати сите даноци, сите придонеси со камата да ги плати и тоа по највисоката стапка на камата, пречекорување на тековната сметка, пречекорување на штедните влогови 9% месечно пресметува банката. Додека исто му

пресметува , поради тоа што не ги измирил обврските граѓанинот му пресметува камата. Мислам дека сите овие работи треба навреме да се измируваат.

Последно што би рекол дека имаме Устав за спроведување, имаме закони за спроведување. Имаме Закон за работни односи, во еден член стоеше тамо од Законот дека работникот мора да прима плата еднаш најмалку и тоа до 15 во месецот за изминатиот месец. Дали тоа го спроведуваме? не го спроведуваме. До кога нема да го спроведуваме? Ако не е во ред Законот да го поставиме ан дневен ред да го решиме како е во ред и како треба да биде. Ако е Законот во ред , треба да го извршуваме, ако го извршуваме Законот, тогаш сигурно ќе има и средства во Буџетот и ќе може буџетот да ги измирува своите обврски.

Јас се слагам дека буџетот е прилично висок, Владата е оптимист , дали ќе можеме тоа да го оствариме при ваква влошена состојба во стопанството.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитуван претседател, само кратко.

Очигледно дека на сите би ни било најлесно кога би можеле да речеме дека дискусиите беа убави, одлука за Буџетот ќе донесеме по празниците. Кај сите дискусии провејува тоа. Меѓутоа, очигледно дека овој Буџет е димензиониран под една присила и немаме друг избор освен да го усвоиме. Меѓутоа, мораме да респектираме одредени дискусии почнувајќи од оние што значат комплетирање на сите комисии што ги има овој парламентарен дом за да не прескакаме од една тема на друга, од една област во друга , иако како пратеници сме должни внимателно да следиме, да размислуваме поинаку, покомплексно без некоја определба што би значела партиска припадност и слично.

Можеби најголемиот придонес на оваа седница е точно што почнавме на некој начин да се отргнуваме од тие стеги, од она што го ветувавме и да почнуваме да се соочуваме со вистината која е многу поболна од колку што можеме денеска да сфатиме.

Се приклучувам кон оние колеги пратеници кои најсериозно го актуализираа прашањето на се уште извозно ориентираните претпријатија кои ги има во мал број. Не можам да замислам оваа држава дека ќе може да биде држава без еден ОТЕКС , без еден АСТИБО, без еден БУЧИМ, без еден ЈУГОХРОМ, без еден ТЕТЕКС, и ако набројувам 20-30 и ништо повеќе. Не може да се занесуваме дека со разни комерци ќе може ова да биде држава која ќе има просперитет и која ќе биде примена во Европа. Да не се занесуваме дека овој тренд и

овие услови на опкружување кои сите ги критикуваме, а кои добро доаѓаат на сите комерци дека ќе бидат и до година и по неколку години. Ќе завршат ембаргата , ќе се стабилизираат состојбите, економските токови ќе функционираат и тогаш практично ќе се сетиме на овие претпријатија, на овие гиганти, на сето она што значење авторитет и имиџ на оваа држава во Европа и во светот.

Многу сериозно го разгледав Буџетот, верувале ми го прочитав од првата до последната страница, успеав некако, како што рекоа колегите и сметам дека ќе беше добро од повеќе причини ако имавме еден посериозен тајм-аут, бидејќи се уште пристигнуваат амандмани и ако продолжи некој со дискусија веројатно ќе добиеме уште некои амандмани кои ќе треба утре да ги гласаме. Но, што е тоа е. Од тоа нема бегање, меѓутоа, ќе мораме вистината, барем тука ние како пратеници да кажеме што значат тие услови на меѓународните организации кои се тие услови, која е нивната тежина и конечно ако сите велевме една поофанзивна политика во однос кон светот, една поголема самодоверба, сметам дека денеска тука одиме обратно со еден поголем песимизам и сите практично не веруваме ниту во едната , ниту во другата страна иако ќе бидеме најсреќни да имаме зголемено производство и јас би бил најсреќен да немаме натамошно намалување на производството и овој Буџет да се оствари барем во некој процент, не сто проценти.

Правев некои пресметки, па да појдеме од она што значи рационализација, она што значи рестриктивна политика, она што значи ограничување на јавната потрошувачка.

XII/3.-

Ако ставката лични доходи на сите корисници на Буџетот ја намалиме за 5 проценти, ќе останат само 750 милиони денари. Една скромна позиција и сметам можеби суштината е некаде на друго место. Тоа е знак дека имаме премногу скромни лични доходи сите во оваа држава , така што секое зафаќање од таму и секое ограничување не дава кој знае какви големи ефекти. Во таа смисла сметам дека од нас тука како членови на овој Парламент, како стопанственици и воопшто граѓани на оваа држава, многу повеќе ќе зависи од нашето однесување дали овој Буџет ќе можеме да го реализираме или не? Ако појдеме сите со една резерва да го опонираме тоа, сметам дека нема да постигнеме многу, ќе се состанеме тука по три-четири, пет - шест месеци и ќе донесеме ребаланс и сл.

Ми паднаа во очи неколку позиции кои не можев да ги одгонетнам и поставувам прашање на кое може утре да се одговори. Открив дека дел од хуманитарната помош е вградена во овој Буџет, некаде не го открив тоа, дали целокупната помош е вградена?

Прашањето на партиципација на бегалците од оваа држава дали има смисла во смисла кога и ние сме веќе до тој стап, да не го наречам оној простачкиот, поубаво речено просјачкиот, а јас би го рекол она претходното не погрешив затоа што простачкиот стап е оној кога практично и не тепаат и не ни даваат да плачеме. Практично тоа е со овој Буџет. Мора да биде така , нема потешко од сиромаштија, секој ден се соочуваме се повеќе и повеќе, но што е тука е.

Забележав во позицијата на ученичкиот стандард која со ребалансот ја зголемивме од 40 на 80 милиони, но изгледа повторно се враќаме на почетната позиција од 40 милиони денари, дали е некоја

грешка или некоја случајност. Многу замашна позиција е во неразвиените подрачја, со која позиција и се манипулира и се калкулира и ги поддржувам сите стопанственици извозно ориентирани кои рекоа многу работи, а јас би додал само следното.

Оставката од 363 милиони денари на ова извозно стопанство такво какво што е ако остане не му треба . Си земам за слобода во името на сите тие џентлменски да се откажеме од таа позиција, а ќе се избориме од внатрешни резерви со борба, со залагање, со дисциплина која ја има во овие претпријатија да успееме таа ставка да ја надокнадиме.

Проблемите на образованието, за жал колегата не е тука, беа прекрасно елаборирани, меѓутоа, сметам дека сето тоа ќе дојде на ред како што ќе следат законите за одредени сфери. Велам една многу нелагодна состојба , донесуваме Буџет кога најголем дел од системските закони не се донесени. Ние не можеме да бараме рационализација во судството без закони за судови и судство. Тоа е еден карактеристичен пример каде оваа книга, овој елаборат точно тој дел на судството го содржи може би 80 проценти просторно, ако не финансиски.

Еве вака веројатно овие неколку дискусии кои отскокнуваа од еден шаблон се само еден повик на разум и во сето ова да не ги занемариме апелите кои доаѓаат од синдикатите и она што значи дека тоа се сериозни предупредувања кои имавме прилика денеска кои бевме тука цел ден да ги почувствуваме и видиме, вие кои бевте во овие комисии овие денови веќе имавме едно огнено, вжештено вкрстување и мислам дека тоа се сериозни апели на кои мораме да им посветиме внимание.

XII/5.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот во начело.

Отворам претрес по Предлогот на Буџетот на РМ за 1995 година.

Пратениците Јован Николов, Аце Коцевски , Милчо Трајков и Пеце Стојановски поднесоа амандман на член 3 став 1, раздел 12 раздел 18 и раздел 21 со кој претставникот на Владата не се согласил на седницата на Комисијата за финансирање и буџет.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандмани на член 1, член 2, член 3 раздел 12, член 3 раздел 5, член 3 раздел 23 и на член 3 раздел 38 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на Текстот на Предлогот на Буџетот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 2, член 3, член 3 раздел 31, за кои Владата не се произнела.

Пратеникот Кире Видимче, поднесе амандман на член 3 раздел 14 и 22, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Илија Каров поднесе амандман на член 3 став 1 раздел 21 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Владимир Соколовски, Зоран Шапуриќ, Петар Талимџиоски, Владимир Станковски и Слободан Даневски, Ристо Николовски, поднесоа амандман на член 3 раздел 18 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Вељо Тантаров, поднесе амандмани на член 3 раздел 7, член 3 раздел 21, подставка 43-58, член 3 раздел 21 подставка 44-71, член 3 раздел 21 подставка 44-73, член 3 раздел 21 подставка 44-13 и член 3 раздел 22 , по кои Владата не се произнела.

Пратениците Јован Србиновски, Слободан Богдановски и Панчо Насев, поднесоа амандман на член 3 став 1 раздел 12, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Јован Николов поднесе амандман на член 3 став 1 раздел 5, раздел 12 раздел 18, раздел 21 и раздел 37, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Марјан Начевски , Иван Бојков, Владо Давитковски, Димитрија Поповски, Димче Настовски, Никола Поповски, Благој Стефановски, Благој Стојковски, Горѓи Атанасов, Илија Гоцевски, Јован Лазаров, Бранко Арсовски и Блаже Филиповски, поднесоа амандман на член 3 раздел 23 по кој Владата не се произнела.

Пратеничката група на ПДП поднесе амандман на член 3 став 1 раздел 9 и раздел 12 по кој Владата не се произнела.

Ве молам да ги повикате пратениците да дојдат внатре оти ќе се гласа сега.

Отворам претрес по амандманот на член 22 , поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Ние немаме таков текст.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Проверете.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници можеби се работи за некое недоразбирање. Ние немаме амандман на член 22.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На член 2, а не на 22.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Ние имаме на член 2 и тој амандман го прифаќаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандманот е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од ЗПК. Го молам претставникот на Владата да каже дали го прифаќаат.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандманот е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1 раздел 5 раздел 12 , раздел 18, раздел 21 и раздел 37, поднесен од пратеникот Јован Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман заради тоа што имаше став на Владата по еден Предлог на закон во кој се одби сличен предлог и така не го прифаќаме.

XII/8.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Има збор г-динот Николов.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, почитувани пратеници,

Пред да почнам да расправам нешто околу амандманот, сакам да се заблагодарам на претставникот на Министерството за финансии со една манипулација го симна предложениот закон од дневен ред како прва точка со цел да се донесе Буџетот и да нема веќе смисла веќе за расправа по законот, затоа што ова не е прв пат да се направи ваква манипулација со предложен закон за финансирање на политичкиот систем, заради тоа што истото тоа се случи 1992 година, пак со една манипулација кога законот беше изгласан од претставниците на претходниот Парламент и имаше важност само неколку часа за да потоа биде исто така вратен назад и неусвоен.

Мислам дека амандманот е поднесен во функција за продолжување на изградбата на листичкиот систем. Заради тоа што лисичкиот систем е еден објект кој е во завршна фаза. Тој се гради и треба во континуитет да продолжи да се гради. До сега во лисичкиот систем преку местен самопридонес, преку средства обезбедувани од доходот на работните организации на општината и преку донации лисичкиот систем е изграден 70 проценти од средствата кои беа потребни да се изгради до крај.

XII/9.-

Во ова време од делот на лисичкиот систем изградени се инфраструктурните објекти што значат градска, канализациона мрежа, филтер станица, цевовод од 19 км и сега е во тек градење на последниот објект од системот тоа е браната која исто така е изградена 40 проценти. За овој објект општината има потрошено свои средства некаде околу 35 милиони долари. Мислам дека ќе се направи еден преседан да престане да се гради лисичкиот систем сега во оваа фаза заради тоа што граѓаните на градот Титов Велес се изјаснија со учество со свои средства преку местен самопридонес да учествуваат до изградбата на овој систем. Тој местен самопридонес е распишан така да се зафаќа дел од доходот на работните организации и дел од личниот доход 2 проценти и 2,5 од личниот доход.

**ЈОВАН НИКОЛОВ: (**продолжение)

Заради економските состојби кои што настанаа во последните години, веќе едниот дел од самопридонесот не е во состојба да се плаќа, затоа тоа нема вишок на доход. Остана она што треба да го плаќаат граѓаните, само од личниот доход и тој ќе продолжат да го плаќаат, но и тука средствата се намалени заради тоа што во овие услови знаете сите во какви состојби се работните организации, како се стопанисува, како се земаат лични доходи, во кое време се земаат лични доходи и од планираните средства кој што требаше месечно да ги собираат граѓаните за Лисичкиот систем некаде од 500 до 600 илјади марки месечно падна таа сума на 240 марки.

Сега се поставува едно прашање овие 220 до 240 марки за еден континуитет за градење на Лисичкиот систем се недоволни ако не се помогне и од државата со одредени средства со кои ќе учествува за еден континуитет за градење. Сега се поставува прашањето ако не се обезбедат дел од тие средства, дали и овие средства кои се обезбедуваат од месниот самопридонес можат да бидат во функција на изградба на Браната. А да не зборувам, бидејќи тоа е доста експлоатирано какво е значењето на Лисичкиот систем за градот Велес, односно за граѓаните на Градот. Вода за пиење градот Велес нема, освен Лисичкиот систем. Затоа што она сега го има одредени бунари кои се во непосредна близина на Реката Вардар се неупотребливи, заради тоа што Реката Вардар при уливот во градот Велес е со IV степен на загаденост и тоа со опасни органиски материи од загадувачите кои се низводно на Вардар, почнувајќи од неговото извориште, се она што значи градски населби по текот на Вардар и се што е изградено како индустрија по текот на Вардар заради необезбедување на колекторски системи на сите овие фабрики се што е отпадна материја се испушта во Реката Вардар. Тоа значи дека до доаѓањето на водата од Реката

Вардар до Велес се сливаат отпасни материи и на Силика, и на Јегуновце и на ОХИС и на Алкалоид, и на ХЕМТЕКС и на сите други загадувачи кои што го загадуваат Вардар.

Јас поставувам едно прашање. Овде пред овој Парламент. Ако не се обезбедат што побрзо средства во еден континуитет да се догради Лисичкиот систем, постои голема опасност не само досегашните жители на Велес и она што значи како подмладок што доаѓа затоа што со употребата од Вардар постечено доаѓа до интоксикација на населението кое што ја употребува оваа вода и тоа со опасни распадни органски материи. Вие сите знаете што значат фенолите кои што се излиени во реката Вардар, а не често можеме да најдеме и жива и се во реката Вардар. Мислам дека совеста на државата, на Републиката, на овој Парламент на Владата, треба да проработи токму во овој момент да се помогне што побрзо да се изгради Лисичкиот систем затоа што е во завршна фаза и не треба Лисичкиот систем да се става во комотација со други такви објекти кои што сега се во проектирање и треба да се градат, затоа што тие треба да почнат да се градат, а овој е во завршна фаза. Иако ги ставиме во иста комотација и едните и другите правиме една навистина неправда и према учеството на граѓаните што досега го вршеа како краен напор да се обезбедат со вода за пиење и према генерациите кои што доаѓаат, а да не зборувам како здравствен работник какви последици сега се чувствуваат во делот на разболувањето од употребата на оваа вода за пиење. Да не зборувам за порастот на малигните заболувања, да зборувам само за секојдневните интоксикации и доаѓање особено на младата популација во болницата со стомачни болки и низ појави кои што ги пратат како последица на ваквото хронично труење на населението кое ја употребува оваа вода.

XIII/3.-

Мислам дека во рамките на Буџетот предвидените средства без да се ремети соодносот на Буџетот по едниот, а имаме и еден друг амандман кој малку зафаќа и во повеќе стапки во Буџетот да се обезбедат овие средства заради воспоставување на тој континуитет, со цел да се користат и овие средства колку се - толку се, што ги одвојвуаат граѓаните. Ако не се обезбедат овие средства, тогаш се поставува прашањето и на користење на овие средства, затоа што не се доволни да се одржи еден континуитет во градењето. Мислам дека и поранешната Влада и оваа Влада врз основа на еден заклучок кој што е донесен 1992 година, токму во ова Собрание дека ќе се даде приоритет во градба на Лисичкиот систем, досега не се почитуваше. Не знам дали и понатаму не треба да се почитува тој заклучок. Не заради тоа, затоа што се работи за Лисичкиот систем, но заради тоа што еден заклучок донесен овде треба да се почитува, се со цел за заштита на населението. Јас не зборувам за она што Лисичкиот систем ќе значи и во еден друг основ за потребите на стопанството на Македонија. Не ги спомнувам 4.100 хектари на земјиште кое ќе се наводнува од Лисичкиот систем, што значи обезбедување на здрава храна во делот на сливот на Тополка и пошироко преку Езерото Младост, делот према овчеполието, Ново Село, па се до Џумајлија. Мислам дека разгледувајќи го Амандманот , а сигурно ги молам и претставниците на Министерството за финансии треба да имаат едно чувство на совест, а мислам дека тоа не се големи пари и не го реметат Буџетот, треба да го прифатат овој амандман,

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по Амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (35)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 3 став 1 раздел 5, раздел 12, раздел 18, раздел 21 и раздел 37 поднесен од пратеникот Јован Николов.

Отворам претрес по Амандманот на член 3 раздел 7 поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата не го прифаќа Амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Сметам дека станувaше збор за Амандманот со кој барам единствениот весник за село и земјоделство, што ние го нарековме весник за народот што ја сака земјата, да биде вклучен во Буџетот на нашава држава, односно и овој весник да се дотира со буџетски средства со кои што се дотираат и 7 други весници од нашава држава. Сметам дека претставникот на Владата со одбивањето на овој Амандман чини една голема неправда кон нашиве земјоделци, бидејќи морам да кажам дека само Македонија е единствена држава која сега- засега нема свој стручно популарен земјоделски весник.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, да крене рака? (13 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 3 раздел 7, поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

Отворам претрес по Амандманот на член 3 став 1,раздел 9 и 12 поднесен од пратеничката група на партијата за демократски просперитет.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата не го прифака Амандманот.

**ГАЗДМЕН АЈДАРАГА:**

Излегов на говорница да кажам дека односно да барам од пратениците да биде амандманот, се со цел да се постави ред за едно уставно барање на албанците, во врска со решавањето на проблемот на Високото образование. Некој можеби ќе ја насочи дискусијата дека со ова се сака одредена работа да се институциоанлизира меѓутоа јас ќе кажам дека не е тоа тоа, туку е само обид да се реши она за што постојат договори на ниво на Република ,а всушност сме известени преку средствата за јавно информирање, преку Телевизијата и Печатот за тоа што е договорено на Сенатот на Универзитетот. Со ова ќе дадам само мал придонес да се создадат услови за постигнување за она што е договорено, односно заземено став. За потребите не би сакал многу да зборувам, бидејќи потребата е јасна. Ќе настојувам да се окфалификува кадар кој што му е потребен на образованието за кое постои и уставна основа, затоа што со Уставот на РМ е предвидено албанците односно другите националности кои што живеат во Македонија да се школуваат во основното и средното образование на свој мајчин јази,, меѓутоа, ако се има во вид дека за предавање во тие средни училишта е потребен кадар кој што треба  да е оквалификуван, односно треба да има

завршено факултетска наобразба, тогаш е нужно потребно да се создадат услови како ова би се овозможило. Мислам дека ова тука што е понудено, амандманот е само една мала капка за сето она што е потребно да се создаде од причина што сето она што беше деновиве направено гужва, чинеше многу поскапо од она што тука се настојува да се обезбеди.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? /никој/

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?(5)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 3, став 1, раздел 9 и 12 поднесен од пратеничката група на партијата за демократски просперитет.

Отворам претрес по Амандманот на член 3 став 1 раздел раздел 12, раздел 18, раздел 21 поднесен од пратениците Јован Николов, Аце Коцевски, Милчо Трајков и Пеце Стојановски.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по Амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (20)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 3, став 1 раздел 12, раздел 18 и раздел 21 поднесен од пратениците Јован Николов, Аце Кочевски Милчо Трајковски и Петре Стојановски.

Отворам претрес по амандманот на член 3, став 1, раздел 12 поднесен од пратениците Јован Србиновски, Слободан Богдановски и

Панче Насев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, Владата не може да го прифати овој Амандман. Ако сакате детално образложение се работи за стимулации за извоз. Од договорите со ММП едно од основните барања беше за заклучување стејдбаер аранжман, укинување на секакви дотации, и на земјоделие и на извозот. Ние успеавме да задржиме во Буџетот извесна стапка за стимулација на извозот која што очигледно не е доволна, меѓутоа, прифаќање на поголема стапка би значело рушење на договорените основи. Затоа Владата не може да го прифати Амандманот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Ако никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот, молам да крене рака?( 24)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 3, став 1, раздел 12 поднесен од пратениците Јован Србиновски, Слободан Богдановски и Панче Насев.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 14 и 22 поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе,.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата мора да го одбие овој Амандман, Програмата за с. Миљарник не е поднесена до Владата и воопшто не е разгледувана од Владата. Оттука, дури и нема место во расправа за Буџетот се постави барање за обезбедување средства за програма која не е ни усвоена, ни

разгледувана од страна на Владата. Значи не можеме да го прифатиме амандманот.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Во отсуство на пратеникот Кирил Видимче кој што кажува дека тежината на проблемот е во Битола и во битолско,а индиректно и во РМ, бидејќи се работи за развојниот концепт на енергетскиот систем РЕК Битола кој е снабдувач од прилика од 85% електрична енергија во РМ, а морам да кажам првенствено заради хуманиот карактер кон жителите на с.Биљани кои моментално живеат во крајно еколошко нехумани услови поради самата близина на депонијата, на земјиште од копот на РЕК Битола поднесен е овој амандман од пратеникот Кире Видимче каде што се предвидува од раудел 46- Купување на средства купување од таа предвидена сума да се оддели стриктно за оваа намена сумата за надоместокот за иселување на ова село.

XIV/1.-ЈМ/МЛ

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Исто така, за овој проблем има расправано и Работничкиот совет а "Електростопанство на Македонија" каде што стручна ана- лиза на овој проблем е дадена во образложението на овој амандман. Затоа ценам покрај тоа што. се предвидува од каде да се земат, со овој амандман се предвидува и од каде да се одбијат овие средства, од кој раздел да се одбијат. Така што во вкупниот биланс на Буџетот на Република Македонија ништо посебно не се нарушува, туку чисто наменски се одделуваат средства за решавање на овој навистина актуелен проблем во селото Биљаник во Битолско.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, селото Биљаник што од моето село е оддалечено само 2 км. е жртва на РЕК Битола, е жртва на цела Македонија. Ако денес формираме една анкетна комисија и види како се живее во ова село кое и покрај тоа што годинава имавме еден силен земјотрес, пред земјотресот веќе е разрушено. веднаш ќе донесе заклучок дека во ова село не смее да се остане ниту еден ден да се живее. Ако овој амандман денес слушнавме дека Владата го одбила. Јас предлагам господа пратеници еден ден да се затвори и РЕК Битола. Инаку некој ќе одговара за се она што се случува денес со Биљаник. Инаку веднаш да ви кажам како претседател на Здружението на приватните земјоделци ако во скоро време овој проблем не биде решен ние ќе извршиме блокада на патот РЕК Битола и еден ден нашава држава ќе остане во мрак. Ова не е претење, ова е во интерес на сите оние 50-тина земјоделски домаќинства што живеат во ова село и навистина ги оставивме чаради нашата струја да умираат. Сметам дека

XIV/2.-

нашава држава може да најде 7 милиони марки за да го реши овој проблем.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (19 пратеници гласаа за).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3, раздел 14 и 22, поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 18 поднесен од пратениците Владимир Соколовски, Зоран Шапуриќ, Петар Талинџиевски, Владимир Станковски, Слободан Наневски и Ристо Николов.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Дами и господа, Владата мора да го одбие и овој амандман од две причини. Прво, ќе ги поремети односите во самото Министерство, а второ ќе го поремети и целиот Буџет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Господа пратеници сметам дека одговорот на министерот за финансии, односно на Владата не задоволува од аспект што прво, во амандманот се бара измена на името на подставката број 4722 каде

што се додава: изградба на водоводи и канализација, каде што пред тоа беше само "изградба на водоводи". Значи, тоа е измена во смисла на една техничка целина од аспект да таму каде што се носи вода треба да се мисли и таа вода да се одведе.

Второ, во однос на средствата во амандманот се бара зголемување на средства од прилика од 60 милиони денари. Тие средства не се бараат како нови средства од Буџетот, туку тоа е практично една прераспределба во дел од категоријата 46 и 47 каде што бараме една поправична прераспределба на тие средства. Според тоа, наше мислење е дека пореметување на Буџетот не може да дојде од оваа прераспределба. Напротив сметаме дека на овој начин ќе ги решиме тие витални проблеми кои се јавуваат во градските општини низ Македонија и приградските населби.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

(26 пратеници гласаа за).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 раздел 18 поднесен од пратениците Владимир Соколовски, Зоран Шапуриќ, Петар Талинциевски, Владимир Станковски, Слободан Наневски и Ристо Николов.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1 раздел 21, поднесен од пратеникот Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

XIV/4.-

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Ставот на Владата е дека и овој амандман треба да се одбие. Образложението го дадовме и во врска со субвенциите на извозот. Исто важи и за субвенции во земјоделието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

(7 пратеници гласаа "за").

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 став 1 раздел 21, поднесен од пратеникот Илија Каров.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 21, под- ставка 4358, поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

И овој амандман мора да се одбие со истото образложение како што го дадов и за претходниот амандман во врска со субвенции во земјоделието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

(13 пратеници гласаа за).

XIV/5.-

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 раздел 21, подставка 4358, поднесен од пратеникот Вељо^ Тантаров.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 21 под- ставка 4471, поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

И овие средства треба треба да служат за слични намени за субвенции во земјоделието и од причините наведени порано се одбива амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучува претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака?

(9 пратеници гласаа за).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 раздел 21 подставка 4471, поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 21 подставка 4473, поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Од причините изнесени за претходниот амандман го одбиваме и овој амандман.

XIV/6.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Со Буџетот на Република Македонија во 1995 година за земјоделството нашиот непресушен извор на нафта, нашава шанса за стопанска стабилизација и нашиот дежурен чувар на стандардот на работниот човек се предлага да се инвестираат само 1 милијарда 904 милиони денари буџетски средства, односно 500 милиони денари помалку од овие средства што се вложени во годината што сега изминува. Господинот министер за финансии во своето образложение во врска со овој документ, станува збор за Буџетот меѓу другото рече дека во 1995 година земјоделското производство се очекува да бележи пораст од 1,5%. Јас го прашувам господинот министер како нашето земјоделство ќе бележи еден таков пораст на своето производство кога во 1995 година ова земјоделство влегува со есенска сеидба што е извршена без никаква употреба на минерални ѓубрива на околу 200 илјади хектари со жито, во 19 95 година влегува со откупено и неисплатено производство на пченица, сончоглед, шеќерна репа, влегува исто така со неизвесна откупна судбина на сончогледот и јагнињата, влегува со огромни дилеми што напролет треба да се посеат преостанативе 20 0 илјади хектари со пролетни култури. Со кои култури, кога и за оние култури што годинава се произведени сеуште неможе да се земе ни скршена пара. Од тие причини, а со оглед на тоа што после Нова година Македонија ќе биде соочена со една тешка состојба околу откупот на околу 20 милиони кгр. тутун од нашите производители на оваа култура. Предлагам со овој амандман средства- та за премии од 891 милион денари да се зголемат на 1 милијарда 591 милион денари. Сметам дека со едни вакви средства како така ќе се обезбеди еден

поголем стимул и ќе се обезбедат извесни средства за да може да се организира новото производство на пролетни култури. Инаку, после овој амандман нема потреба господинот Миљовски да се мачи овде да кажува дали прифаќа, не прифаќа, другите амандмани ги повлекувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали и овој амандман го повлекувате?

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Не.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

(29 пратеници гласаа за).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 раздел 21 подставка 4473, поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

Амандманот на член 33 раздел 21 подставка 44 и 13, под- несен од пратеникот Вељо Тантаров, предлагачот го повлекува.

Амандманот на член 3 раздел 22 поднесен од пратеникот Вељо Тантаров предлагачот го повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 23, поднесен од пратениците Марјан Начевски, Иван Бојков, Владе Давитковски, Димитрија Поповски, Димче Настоски, Никола Поповски, Благој Стефановски, Благој Стојковски, Горги Атанасов, Илија Гоцевски, Јован Лазаров, Бранко Арсовски и Блаже Филиповски.

XIV/8.-

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, од гледна точка на Министерството за финансии ние немаме ништо против овој амандман. Меѓутоа, имаме еден проблем. Имено, министерот за образование кој што е одговорен за распределбата на средствата во своето министерство не е присутен за да се согласи со оваа пренамена. Јас не знам како да постапиме? Ако министерот за образование се согласи, министерството за финансии нема ништо против. Меѓутоа, моите луѓе од Министерството сметаат дека ваква пренамена можеме да направиме и покасно ако евентуално добиеме согласност од Министерството. Јас ви го предлагам тоа како решение.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**МАРЈАН НАЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, да дадам само едно кратко објаснување во врска со овој амандман. Денес баравме разговор со госпоѓата министерка Емилија Симовска и начелно се согласивме да го дадеме како амандман дека ќе обави конкретни разговори со Министерството за финансии. Само сакам да дадам едно образложение. Ова и на состанокот на пратеничката група го разговарав пред неколку дена, само ќе ви кажам дека овде се работи за една многу мала отстапка која на спортот многу му значи. Спортот од ова Министерство добива само 1,42% во 1995 година во Буџетот, а со оваа мала отстапка треба да добие 1,46% од средствата што ги добива Министерството за образование и физичка култура. Инаку средствата се наменети за организација и настапи на македонските репрезентации и

поединци на европски, светски првенства и олимпијади, како и котизации и членарина во меѓународни организации.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (

54 пратеници гласаа за).

XV/1 НН/ЛБ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали е некој против? ( тројца)

Дали некој се воздржа од гласање ? (пет)

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 2 раздел 2 и 3 поднесен од пратениците Марјан Начевски и Иван Бојков, Владо Давитковски, Илија Поповски, Димче Настоски, , Никола Поповски, Владо Стефаноски, Владо Стоилковски, Горѓи Атанасов, Илија Гоцевски, Јован Лазаров и Блаже Филиповски.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 31 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОСКИ:**

Амандманот е од редакциска природа и Владата го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандманот е составен дел на текстот на Законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на Буџетот на РМ за 19 95 година.

Јас ги молам службите да ги повикате пратениците кои се тука во ходникот да влезат во салата, треба да донесуваме одлуки.

Молам кој бара збор?

Има збор Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Пред да поминеме на гласањето мислам дека не би било непријатно да се нарави едно резиме на една општа интенција на амандманите кои се овде понудени, па од тоа да извлечеме како Собрание некој заклучок и мислам дека во вид на сугестија на Владата може да се одрази во понатамошната политика која ќе ја води Владата за овој четиригодишен мандат.

Имено сведоци сме дека во изминатите неколку години најголем дел од амандманите кои се нудат и оваа година, еден добар дел од пратениците во ова Собрание понудуваат амандмани кои се однесуваат на прашањето на водоснабдувањето во сопствените средини. Тоа сите ние ги третираме како локални проблеми и како такви не можеме да им најдеме место во буџетот. И јас се слагам. Снабдувањето на Велес со вода таква каква што треба е локален проблем на Велес. Локален проблем на Прилеп е нивното снабдување, на Крушево е нивното снабдување. И сега ако набројуваме според бројот на амандманите и пратениците кои поднеле такви амандмани ќе сфатиме дека 36 локални проблеми во оваа држава дефакто се проблем на овој Парламент, а тој проблем е проблемот со водоснабдување на РМ. Тоа веќе како целина земено не претставува индивидуален или локален проблем на некои од локалните заедници во државата. Вие сите знаете дека, господинот Џаферовски тоа го кажа, мислам на пратеничката група на СДС, проблемот на водата е проблем на 21 век. Тоа е проблем на РМ на крајот од 20 век и сигурно проблем на 21 век. Ова се за мене сериозни сигнали до Владата, сите овие амандмани, забелешки и дискусии на пратениците. Сериозни насоки за Владата дека веќе овој мандатен период треба да се пристапи кон изготвување на стратегија за водоснабдување на РМ на долг рок. Ние не можеме вечно локалните проблеми третирајќи ги како локални да ги одложуваме затоа што апсолутно тие се претворија во Републички проблем и мислам дека Владата треба да почне, имајќи слух за сите овие локални проблеми да размислува како ова водоснабдување да се реши. Јас не можам да сфатам дека оваа држава на прагот на 21 век не може да обезбеди на една третина од своето население сабајле кога ќе се разбуди да има текушта вода за своето домаќинство, туку да мора да ја чека два пати во 2 часа на ден. Не сакам да правам непријатни и неспорни алузии тука,

меѓутоа усвоивме еден амандман и покрај се сепак е според мене од еден друг карактерен. Ние ги затвараме очите пред проблемите со водата а ги отвораме очите пред некои други проблеми. Има некои приоритети во државата. Испод човечкото достоинство е на прагот на 21 век во една третина во РМ сабајле да се нема текушта вода или да се чека па да се пунат буриња, кофи и не знам што за да се има вода оној пат кога на човекот му е потребна. Водата не е веќе само за лична хигиена и за исхрана. Таа служи и за индустријата, за комунални проблеми, во домаќинствата во огромни размери. Таа ја нема доволно во Македонија на начин на кој ние традиционално ја користиме во изминатите неколку декади, или децении , да речеме педесетина години. Ние мораме да направиме стратегија во која таа вода, во такви потреби какви што оваа цивилизација ги наметнува да ги трошиме со балони, со литри секој поединечно од нас и да обезбедиме на домаќинствата. Инаку не гледам, имајќи го предвид проблемот на водата, каде ќе се движиме а очигледно според сегашната поставеност на политичкиот систем, централизираноста на финансиите, не можноста локалните заедници со овие финансии да ги уредуваат тие проблеми, тоа е проблем на кој државата ќе мора да мисли на таков начин, преку сопствени средства. И јас сум склон да размислувам дека треба да почне таа стратегија да се реализира во еден дел и низ Републичкиот Буџет. Можеби не низ овој кој очигледно денеска ќе го усвоиме со едно мнозинство во Парламентот, меѓутоа мислам дека треба да почне да се размислува на овие импулси кои доаѓаат од пратениците. Дека тој проблем треба да почне да се решава и со средства од Републиката, и со програми од Републиката, па можеби да се насочуваат и меѓународни средства во тоа. Едноставно цел развој, се што правиме, сите санации на банки и се паѓаат во вода

со толку огромни буџетски средства во буџетот ако ние не можеме да му објасниме на нашиот граѓанин, на нашиот бирач таму со што се бавиме ако дојде дома и нема вода. Или ако пие вода која е загадена со 6 тешки метали, или ако пие вода е рефилтрирана и пак загадена или не знам што. Има некои приоритети во решавањето. Човековото достоинство, биолошките потреби на човекот сепак треба да имаат приоритет. Мислам дека Владата треба тоа да го сфати во насока дека во идните неколку години треба сериозно да се размислува за тој проблем на Републичко ниво, на владино ниво, не на ниво на локална заедница.

Ова го кажувам во оваа последна фаза затоа што мислам дека пораките од Парламентот не само од денешната расправа по

Буџетот туку во еден изминат период упатуваат на тоа дека некој ќе се соочи со тој проблем некогаш. Подобро е сега кога се уште има некакви шанси отколку насилно да се соочуваме со проблемот.

Се надевам дека не сум погрешно сфатен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пред да продолжиме по текстот на предлогот на буџетот на РМ за 199 5 година мораме да се вратиме на еден амандман кој сме пропуштиле да го минеме а е поделен.

Тоа е амандман: во член 3 став 1 раздел 4 Владата на РМ стапка 433 потстапка 4392 Трошоците за репрезентација, износ од 2.500.000 се заменува со износ од 1.500.

Во разделот 22 Министерство за труд и социјална политика а подносители се Руфи Османи и Исни Шакири.

Во разделот 22 Министерство за труд и социјална политика стапката 445 потстапка 4458 средства за надомест на невработени поради структурни промени износот 2.365.000.000 се заменува со износот

од 2.366.000.000 денари. Образложение. Предложениот амандман е во функција на рационализација не материјалните трошоци и има за цел да се зголемат средствата за социјална заштита на невработените лица поради структурните промени.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, Владата не го прифаќа овој амандман и тоа ќе ви кажам од кои причини. Има две причини.

Една е затоа што прифаќањето на ваквиот амандман може да донесе во опасност намалувањето на работата на Владата, или на Републиката која што сега веќе е самостојна држава и која што има потреба од одреден обем на репрезентација , што е сосем нормално за самостојна држава. Што е најчудно нашите предлагачи се многу по рестриктивни од ММФ, кои што е рестриктивен секаде, меѓутоа воопшто не сметаше дека тука имаме преголеми трошоци.

Зад амандманот меѓутоа стои и одредена филозофија. Стои одредена филозофија дека кога ќе се речи репрезентација, нешто штетно, тоа е нешто лошо.

Исто така на предлагачот на амандманот му недостига анализа на она што е сторено кај социјалните програми каде што сака да ги намени средствата. Средствата наменети за социјални програми ќе немаат никакво значење затоа што се минимални во однос на она што е предвидено. Меѓутоа во однос на обавувањето на функциите на оваа држава ќе имаат огромна разлика. Ми се чини дека полека ќе треба да излегуваме од тоа дека нормална репрезентација за една самостојна држава е потребна. Затоа го одбиваме амандманот.

XV/6

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор по амандманот? (не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (тројца)

Тројца пратеници гласаа за.

Констатирам дека амандманот во член 3 став 1 раздел 4 Владата на РМ стапка 433 подставка 4392 трошоците за репрезентација износ од 2.500.000 се заменува со износ од 1.5000.000. Во раздел 22 Министерството за труд и социјална политика стапка 445 потстапка 4458 средства за надомест на невработени поради структурни промени и износ 2.365.000.000 се заменува со износ од 2.366.000.000 денари, поднесен од пратениците Руфи Османи и Хисни Шакири не е усвоен.

Пред да продолжиме по текстот дозволете ми само една мала напомена.

Буџетот овде, се разбира го предлага Владата што ние сме суверена земја. Меѓународниот монетарен фонд преговара со Владата за некоја политика каква треба да биде, а не е добро од оваа говорница да кажеме дека е5е ни загледува и во репрезентација колку и оваа стапка и онаа. Не го прави ММФ буџетот. Го прави Владата. И да се соочуваме , тој дигнитет, достоинство, ќе останат траги, се снима тоа, тоа Владата го прави а аргумент е политика некоја, а не и на ова да го наведуваме.

Тоа сакам да забележам, држава сме.

Да продолжиме со претрес.

Дали некој бара збор?

Не бара.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на предлогот на Буџетот на Република Македонија за 1995 г.

Предлогот на Буџетот на РМ за 1995 година го ставам

Кој е за молам да крене рака? (80)

Осумдесет пратеника гласаа за.

Дали е некој против(2)

Двајца се против.

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе буџетот на РМ за 1995 година.

Бидејќи ние се изнамачивме, ова се набрзина беше и многу е важен актот, но има и некои незадоволства, но ова е премногу важен акт за државата, а прв е во овој состав на парламентот предлагам да го поздравиме со аплауз.

(аплауз)

Продолжуваме со работ.

Минуваме на **<u>точката 2</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за учество на РМ во финансирањето н а изградбата на хидросистемот "Лисиче" во Титов Велес со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието и мислењето на Владата Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно - правната комисија сметаат дека нема потреба од донесувањето на овој закон од причините изнесени во нивните извештаи.

Молам кој бара збор.

Има збор г-ди Трајков.

XV/8

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:**

Бидејќи унапред знам дека судбината на овој закон ќе биде како и судбината на претходните амандмани јас многу нема да зборувам. Ќе кажам само неколку работи во кратки црти. Сите вие го имате досега слушано неколку пати, меѓутоа нашето е да го направиме тоа што можеме, а понатаму ќе видиме.

Изградбата на хидросистемот "Лисиче" е започната во далечната 1978 година. Додека изградбата на нејзиниот последен и завршен зафат браната "Лисиче "е во тек 3 години. Тоа значи дека станува збор за објект кој се заокружува, на кој се разрешени сите инвестиционо технички и законски проблеми и чија изградба се изведува во континуитет.

Втор битен елемент кој исто така треба да го имаме предвид претставува фактот дека само во изградба на браната "Лисиче досега се вградени 18 милиони германски марки. Не зборувам за до- сегашната изградба на водоводниот цевовод, ниту за филтер станицата кои веќе се наоѓаат во функција. Зборувам за материјалот кој е вграден во телото на браната, кое не само што се оформува туку достигнува висина над 12 метри. Тука се вложени овие 18 милиони германски марки. Прашањето е сега дали поради намалениот прилив од самопридонесот и поради неспремноста за учество на државата од 2 до 3 милиони марки треба да ја сопре градбата, а таа очигледно ќе сопре. Дали така рамнодушно и јас би рекол ноншалантно заеднички ќе учествуваме во запирањето на една таква важна инвестиција, која само да потсетам успеа да се одржи во налешктеи кризни времиња. Ние со нашите негативни ставови всушност од оваа говорница ќе им порачаме на градителите дека и понатаму остануваат сами, дека велешани исто така остануваат сами зашто едноставно во Буџетот за нив нема пари и нема пари и со овој закон, кој

што сигурно дека нема да се донесе.

И не само тоа . Не само што нема пари туку и оние што досега со благослов на државата се вложувани во објектот се промашени пари дека сега и тие немаат реална вредност и истите треба да се сметаат како и да не се вложени.

Ваквата констатација навистина е тешка но за ваквата одлука еднакво и сите ќе бидеме солидарно одлговорни.

Третиот елемент кој исто така проблемот го прави поширок а кој недоволно е согледан е следниот.

Познато е дека во изминатиот период хидросистемите во Републиката се градеа од државни пари. Така се градени од првиот до последниот хидросистем за кој потоа обврските ги преземаше исто така државата. Користени се средства од странски извори за чие отплатување се донесуваа законски прописи. Јас морам да кажам дека оваа практика не ја поставувам во негативен контекст. Напротив, благодарение на ваквиот приод денес како држава ги имаме Стрежево, Тиквеш, Калиманци, кои бездруго претставуваат процут на овие региони и развој на Републиката. Тие според мене се едно огромно богатство. Јас при тоа одново не сакам да кажам дека и во овој случај државата мора да ја повтори истата практика.

**МИЛЧО ТРАЈКОВ**: (Продолжение)

Сите ние како граѓани на оваа држава свесни сме за условите во кои живееме. Свесни сме за проблемите со кои се соочува државата и Владата. Меѓутоа, морам пак во тој поглед да истакнам дека ние, овој систем го градевме во токму, во многу тешки услови. Дури оствaривме практика која до сега не е регистрирана во изградбата на вакви системи. Денес, за разлика од било кој систем, ние освен настанатиот долг према изведувачите кој мора да се плати нашиот град не должи ниту денар никому, ниту на било која домашна банка. Најмалку на странска банка.

Во изградбата на хидросистемот не направивме никакви финансиски дубиози па да речеме дека државата за нас треба да отплатува 30 или 50 милиони долари. Ние не направивме долгови што би значеле задолжуваше на државата спрема странство и кои би ги еродирале финансиските текови на државата.

И на крајот, сега, кога побаравме помош, морам да кажам мала помош од нашата држава заедно да ја донесеме инвестицијата во помирни води, ние наидовме на негативен и би рекол непопуслив одговор Затоа, како пратеник во ова Собрание морам да го искажам своето неслагање, зашто место ваквиот ангажман, напор и однос на граѓаните на една средина конкретно да се мотивира и да се поддржува,еве како тој всушност завршува.

Од сите овие причини, реков проблемот навистина не е локален, иако како важни ги избрав само проблемите кои не претставуваат најширок поглед на работите. За оние, еколошките, мислам дека на секој поединец во Републикава се познати и тие се толку ноторни и обесхрабрувачки што за нив нема овој пат да говорам. Нема да говорам бидејќи претпоставувам дека загаденоста на Вардар од каде ние ја користиме водата за пиеше на сите им е позната. Нема да говорам

бидејќи претпоставувам дека деформитетите кај новороденчињата поради концентрацијата на токсични материи е исто така познато. Епидемијата на жолтици, бубрежни заболувања и други слични појави, уште повеќе. Сето тоа се случува тука, крај нас, во нашата држава.

Не би зборувал повеќе,оставам на вашата совест.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Е сега, пред да заклучам, го заклучувам претресот по Законот, дозволете ми само чисто процедурално да кажам.

Овој закон сега навистина нема никаква шанса штом го усвоивме буџетот и мислам дека треба (дофрлање од место) молам ако можам да докажам, процедурална е работата. Но, овде се искажаа многу работи и во претресот по Буџетот и сега господинот Трајков и е напишано од луѓето а и сме се изнаслушале, што не потсети господинот Никола Поповски, за тие работи.

Јас мислам дека од тоа што го кажа господинот Поповски Владата ќе извлече некои поуки, би рекол, да не правиме формален заклучок. Имаме такви па ништо од нив.

Сакам нешто друго да додадам на она што го даде овде господин Поповски. Бидејќи тоа тој го кажа така, јас се согласувам со тоа, јас предлагам и сугерирам на Владата, бидејќи од целиот тој комплекс случајот на Велес се издвојува поради степенот на загаденоста на водата со која се служи населението и објективно Велес умира. Мислам дека под итно треба да се најде некој небуџетски начин на помош на Лисиче што побрзо да се заврши. Единствен начин е да се промени состојбата во Велес. И тоа е можно.

Сугерирам на Владата така да стори. Мислам дека Владата ако суштински оцени дека е таква состојбата тоа може да го стори.

Бидејќи ова е формално постапката мораме да ја завршиме.

Ако никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на Закон за учество на Република Македонија за финансирањето на изградбата на хидросистемот "Лисиче" во Титов Велес.

Кој е за, молам да крене рака?

Немојте, нема смисла сега да креваме рака, нели се разбравме како. Ова е постапка и мораме да ја истераме.

Никој не е за.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен. Со тоа закон нема. Но, се надеваме на ова што го овде зборувавме да се случи така.

Минуваме на **точката 3** - Предлог на закон за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби во 1995 година.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

Владата на Република Македонија поднесе амандман за додавање нов член 6-а и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на насловот на законот и на член 2 став 1 и 2 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Мерсел Биљали, Абдулади Вејсели, Рами Туда и Зеќир Кадриу поднесоа амандман на член 2 за бришеше на точка 2 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Зоран Шапуриќ, Владимир Соколовски, Владимир Станковски, Слободан Даневски, Симон Наумовски и Ристо Николовски, поднесоа амандмани на член 3 за менуваше на член 4 и за бришење на член 5 по кои Владата не се произнела.

Јас ги молам пратениците нека влезат внатре. Не еднаш ние сме работеле и до 4 часот сабајле. Немојте ова сега е прв пат малку потешко во овој состав и веднаш нешто се раскомотивте.

Молам, нека дојдат нека седнат овде и нека работиме.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Законот поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандманот е составен дел на текстот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1 и 2 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата го прифаќа и овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 2 за бришење на ставот 2 поднесен од пратениците Мерсел Биљали, Абдулади Вејсели, Тами Туда и Зеќир Кадриу.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата мора да го одбие овој амандман на пратениците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Владата не го прифаќа .

Дали некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (4 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 за бришење на став 2 поднесен од пратениците Мерсел Биљали, Абдулади Вејсели, Рами Туда и Заќир Кадриу.

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ, Владимир Соколовски, Владимир Станковски, Слободан Даневски, Симеон Наумовски и Ристо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Со амандманот се бара прераспределба на средствата за општините и затоа Владата мора да го одбие.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не го прифаќа.

Молам, дали некој друг бара збор?

Господин Шапуриќ бара збор.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

На минатата седница тогашниот министер за финансии со асистенција на тогашни и сегашни повереници по материјалот ни вети

дека со член 4-а од Законот за извршување на буџетот сите проблеми ќе бидат решени односно оние општини кои оствариле средства поголеми над лимитот со одлука на влада ќе им бидат повратени. Меѓутоа, на вчерашните разговори во Министерството за финансии ни кажаа дека фактички нема што да се повраќа бидејќи нема што да се пренесува. Речиси сите општини го искористиле, така што фактички останале само 200 иљади така што и на минатата седница од тогашниот министер бевме доведени во заблуда и не можевме да ги ослободиме тие средства. Тоа е една од причините поради кои е поднесен амандманот.

Имено, се работи за амандман во член 4 - "остварените изворни приходи во локалната самоуправа ги користат исклучиво единиците на локалната самоуправа. Со вкупно остварени изворни приходи на единиците на локална самоуправа за 1994 година располагаат единиците за локална самоуправа. Овде се работи за чисто изворни, оригинерни приходи на локалната самоуправа, остварени и оваа година и кои најверојатно, и во идната година ќе се остваруваат. Од една страна се одбиваат амандманите да учествува државата односно министерствата во финансираше на оние проекти а од друга страна и овие изворни и тие се кратат, однос но не се дозволува нивното учество. Тоа е причината поради која е поднесен амандманот.

Инаку, што се работи за прераспределба на средствата, исто така тоа е поднесено, тоа е само внатрешно помеѓу одредени општини. Се работи да одредени општини се лимитирани на едно многу високо ниво, така што општина Тетово е речиси изедначена со градот Скопје, што по однос на подносителите на амандманот е многу нелогично. Овде се работи пред се за задоволување на личните доходи и други материјални средства и Собранието на општина Тетово има 43 вработени. Собранието на град Скопје има 190 и нешто вработени. Така што е

сосема логично да се изврши барем една минимум прераспределба. Исто така, тука е ставено и за скопските општини кои се со приближен број на жители и приближен број вработени со оние други општини што се фаворизирани, а три пати помалку се лимитирани. Тоа се причините за ова.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Има збор господин Костов, претставник на Владата.

**ХАРИ КОСТОВ:**

Почитувани пратеници, само би сакал да укажам, тоа што ние го предлагаме во Законот е резултат на податоците кои фактички ги имаше Министерството за остварувањето на тие приходи на локалната самоуправа во текот на годината и по самите податоци што ги добивме од самите општини.

Со прифаќањето на овој закон што сега го нудиме особено и со амандманот за 1994 година за регулирање на тие вишоци, секако дека Владата, бидејќи со своја одлука потоа ќе ги насочува тие вишоци ќе се има предвид и некои од актуелните проблеми во општините.

Меѓутоа, доколку се прифати тоа што се предлага во член 4 овде дека тоа се приходи на локалната самоуправа и само таму се насочуваат, мислиме дека се губи суштината на целиот закон. Тој има за цел да ја ограничи потрошувачката која, еве рековте би се насочила и за плати на тој дел, покривање на плати и други материјални трошоци меѓутоа, суштината на законот е токму ограничување на таквиот дел на;потрошувачката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господин Николовски.

XVI/8

**РИСТО НИКОЛОВСКИ:**

Господине претседателе, господа пратеници, сметам дека со ваквиот начин на распределба едноставно се ставаат во поповолна положба одредени општини со тоа што се оди по некој принцип наследен од минатите години и едноставно се наоѓаме во ситуација секоја наредна година ако се користи овој принцип дека истата оваа положба ќе ја имаме. Значи, одредени општини секогаш ќе бидат оштетени во поглед на распределбата на средствата што им се доделуваат.

Сметам дека како образложение од претставниците на Владата треба да имаме кои се тие критериуми и на кој начин се врши таа распределба, бидејќи пореметување во вкупниот износ на средствата нема. Само се работи за посоодветна и порамномерна распределба по општините

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, мислам дека образложението што го даде Владата не држи. Зошто?

Бидејќи ова претставува една трансмисија на пренесување бидејќи се работи за рамковниот и можат да се прават поместувања, така што некои општини се бенифицирани. Ако се оди по оваа прогресија може општина Тетово да оствари буџет од да речеме 100 милиони а нема остварување. Тогаш ќе партиципира ќе му дотира државата.

Кога станува збор за малите општини, ставени се во една незавидна положба што ние Буџетот го оствaривме уште во месец септември а сега сме ставиме во една таква позиција да мора да правиме ребаланс. Другите општини кои не можат да опстанат им е дадено право да им партиципира државата. Мислам не е логично и

образложението не е во ред. не го менуваме ние оквирниот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Не го прифаќам ова толкување од претставникот на Владата, од аспект што прво, не постојат по наше мислење критериуми како треба да се делат и вишоци на средства по тие општини. Тоа е едно прашање.

Второ прашање, што во случај ако нема такви вишоци на средства по општините?

Трета работа е, најверојатно ваквиот закон е остаток од минатата Влада и сигурно дека во пракса не се покажа делотворно од аспект што таквата поделба на вишоци на средства практично не се делеше по никакви критериуми и на крајот излезе оние општини кои практично и не треба да ги добијат тие средства.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (27 пратеници)

27 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ, Владимир Соколовски, Владимир Станковски, Слободан Даневски, Симон Наумовски и Ристо Николовски.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 4 поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ, Владимир Соколовски, Владимир Станковски, Слободан Даневски,Симон Наумовски и Ристо Николовски. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ХАРИ КОСТОВ:**

Владата не може да го прифати овој амандман затоа што всушност е во супротност со самата концепција на законот што се предлага и со амандманот што Владата го предложи по Законот, по членот 5-а.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (10 пратеници)

10 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 4 поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ, Владимир Соколовски, Владимир Станковски, Слободан Даневски, Симон Наумовски и Ристо Николовски.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 5 поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ, Владимир Соколовски, Владимир Станков- ски, Слободан Даневски, Симон Наумовски и Ристо Николовски.

Не ли е тоа еден ист концепт. (да)

Го повлекувате сега ова? (да)

Го повлекувате.

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

64 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (2 се против)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ограничување изворните приходи за финансирање на јавните потреби во 1995 година.

Минуваме на **точката 4** - Предлог на закон за извршување на буџетот на Република Македонија во 1995 година.

Предлогот на законот, извештаите на работните тела Ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор,го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 9 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот од Предлогот на законот.

XVII/2.-

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 16, член 21, член 22 и на член 28 , став 2 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Мевљан Таири поднесе амандман на член 6 точка 4 по кој Владата не се произнела.

Комисијата за стопанство поднесе амандман за менуваше на членот 8 со кој не се согласил претставникот на Владата.

Отворам претрес по амандманот на член 6 од точка 4 поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ХАРИ КОСТОВ:**

Владата го прифаќа предложениот амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овој амандман е составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 8 поднесен од Комисијата за стопанство.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака?

4 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 8 поднесен од Комисијата за стопанство.

XVII/3.-

Товарам претрес по амандманот на член 16 поднесен од Законодавно -правната комисија.

Ова е за извршување на буџетот. Она што не го прифатила Владата се го дерогира буџетот, да се разбереме.

И затоа треба да се внимава сега кај амандманите. А, буџетот го усвоивме.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа, кога се работи за амандманот 2, во членот 21 ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во член 16 Јане Миљовски во член 16, Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е составен дел на текстот на Предлогот на законот, Отворам претрес по амандманот на член 21 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ.**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Составен дел станува на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 22 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, тоа е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 8 , став 2, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот, бидејќи решението во Законот за буџет е сосема поинаку и мислевме дека тоа решение е сосема и добро.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака?

8 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 28, став 2 поднесен од ЗПК.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

XVII/5.-

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

64 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за извршување на буџетот на Република Македонија за 1995 година.

Минуваме на **точката 5** - Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за гаранција на Република Македонија за депонираните девизни влогови на граѓаните и за обезбедување на средства и начин за исплата на депонираните девизни влогови на граѓаните во 1993 и 1994 година.

Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ ретрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Бранко Арсовски поднесе амандмани на членовите 3 и 7 и истите ги повлече.

Пратеникот Бранко Арсовски поднесе амандман за додавање на два нови членови, 1-а и 1-б, со кој не се согласил претставникот на

Владата на седницата на Комисијата за финансирање и буџет.

Пратениците Руфи Османи, Хисни Шакири и Сали Рамадани поднесоа амандман на член 8 за менување на алинеја 7, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за додавање 2 нови членови 1-а и 1-б поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање на нови членови 1-а и 1-б поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Отворам претрес по амандманот на член 8 за менување на алинеја 7 поднесен од |>патениците Руфи Османи, Хисни Шакири и Сали Рамадани.

Го молам претставникот ан Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот, заради тоа што првиот дел од него веќе постои во законот, а вториот дел кој што се прифаќа, кој што се предлага би значел огромна обврска за буџетот која што би останала апсолутно не покриена и не би можеле да го извршиме буџетот, значи не се прифаќа амандманот.

XVII/7.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

4 пратеника гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8 за менување на алинеја 7, поднесен до пратениците Руфи Османи, Хисни Шакири и сали Рамадани.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

66 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Не)

Дали некој се воздржа од гласање ? (Не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија за депонираните девизни влогови на граѓаните и за обезбедување на средства и начин за исплата на депонираните девизни влогови на граѓаните во 1993 и 1994 година.

XVII/8.-

Минуваме на **<u>точката 6</u>** - <u>Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок од доход.</u>

Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 2 за бришење на член 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Здравко Стојковски поднесе амандмани за додавање нов член 1 и за менување на член 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1, поднесен од пратеникот Здравко Стојковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Јас ги молам уште неколку пратеници да влезат во салата. Тука се 66 присутни и не смееме сега да патиме од болката - кворум.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 2 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 1 поднесен од пратеникот Здравко Стојковски.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 1 поднесен од пратеникот Здравко Стојковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака. 2 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 1 поднесен од пратеникот Здравко Стојковски.

Отворам претрес по амандман^о на член 2 за бришење на став 2 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

67 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање?(Не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на законот за персоналниот данок од доход.

Минуваме на точка 7.

Предлог на закон за дополнување на Законот за царински тарифи.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес, по текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

70 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Не?

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за царинската тарифа.

Минуваме на **<u>точка 8</u>** - <u>Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за плаќање на посебна давачка за порамнување на даночните оптоварувања на увезените стоки.</u>

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

ЗПК поднесе амандман на член 2 во новите членови 2-а, 2-б и 2-в по кој владата не се произнела.

Пратеникот Симон Наумовски поднесе амандман на член 2 во новиот член 2-в, точка 3 по кој Владата не се произнела.

XVII/12.-

Отворам претрес по амандманот на член 2 во новите членови 2-а, 2-б и 2-в поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандманот станува составен дел на Предлогот на текстот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 во новиот член 2, 2.в точка 3 поднесен од пратеникот Симон Наумовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

16 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 2 на новиот член 2-в, точка 3 поднесен од пратеникот Симон Наумовски.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

XVII/13.-

Молам, кој бара збор?

Г-дин Симјановски бара збор.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Имам амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандман е поднесен и ќе го прочитаме.

Дајте го амандманот.

Дали е поделен амандманот? (не е поделен)

Претресот трае, но амандманот се дава и ќе се подели па ве причекаме. Постапката е итна. Молам, само еден момент додека се подели. Да го прочитам амандманот.

"Во член 2 , во новиот член 2-в, став 1 по точка 2 се додава нова точка 2-а која гласи:Увозот на стоки кои по основ на техничка помош и се доделени на Република Македонија од земјите на Европска заедница". На нив им е јасно. Тоа значи дека тие се ослободуваат.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот не го прифаќаме, затоа што таа материја е регулирана на друго место. Имаме генерална одлука за неплаќање на царина и на давачки што доаѓа од помошта ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Чија одлука е тоа?

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

На Владата.

XVII/14.-

Па, не може Владата да донесе одлука ако ние со закон воведеме давачките. Како може, ова се нецарински давачки.

Таму постојат царински и нецарисски давачки.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Хуманитарната помош во царинската тарифа има стапка нула.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова не се царински давачки.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Тогаш не се пресметуваат царинските давачки.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Каде тоа пишува?

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Во царинскиот закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Царинскиот закон не регулира не царински давачки. Овде установуваме не царински давачки со закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде Ве молам посоветувале се, видете го текстот. Нека се смета ова пауза од 5 минути, но сите да седиме на место.

Мора да се посоветуваат луѓето, мора да ви дадеме одмор.

Имаат право на тоа.

(Седницата имаше мал прекин во работата од 22,50 до 22,55 часот)

Ги молам пратениците да влезат во салата и да си седнат на своите места.

Молам претставникот на Владата да каже нешто.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот заради тоа што е чувствителна материја, текст од такво значење да се формулира вака на седница мислам дека не оди и ако има потреба подоцна ќе го разгледаме. Значи, Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само чисто процедурално да ви кажам. Кога некоја точка дошла или закон по итна постапка, на седницата се даваат амандмани и нема друга постапка туку само таа. Системски ли е или несистемски закон сеедно е. Нема друг начин. Или сте компетентни да кажете дали знаете тоа што значи или не, или ќе го оставите за размислување, па кога ќе го разберете во што е.

Владата не го прифаќа амандманот.

Дали некој бара збор?

Има збор г-динот Симјановски.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Очигледно дека се потребни дополнителни објаснувања што е суштината на предложениот амандман. Имено, во целата проблематика која се разгледува посебно во оваа точка од законот за посебна такса за увезените стоки укажува на тоа кои се видови на стока се ослободени од дополнителни давачки при конечно царинење при увозот на стоки во Република Македонија. Таму има подолг список кои се видови на стоки се ослободени. Меѓу другите е и хуманитарната помош која доаѓа во Република Македонија. Покрај тој вид на помош во РМ , а со Одлука на Европската заедница на состанокот пролетта 1994 година е определена помош во вид на техничка помош на РМ која е во фаза на пристигнување по разни основи во РМ. Ова е нова форма на помош од Европската заедница, бидејќи се работи за помош со Одлука на ЕЗ ценам дека не би требало да се плаќа на ваков вид на помош одредени давачки при царинење на оваа стока.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Видете, само една напомена. Веројатно ќе преговараме и ќе дојде ситуација пак да треба да ни дадат техничка помош, покрај хуманитарната помош од ЕЗ. Ќе биде доста тешко да им објасниме дека на таа техничка помош во РМ има да се даваат нецарински давачки.

Понатаму, дали уште некој бара збор?

Има збор г-дин Начевски.

XVIII/3.-

**МАРЈАН НАЧЕВСКИ:**

Исто едно прашање до г-динот Наум, како Владата не знае дека на пат има таква техничка помош. Дали се работи за стока купена таму по едни или други основи и сега треба да ја ослободиме од царина на пример компјутери и слично или како што беше одредено месо или одредено сирење што доаѓаше под име на хуманитарна помош што ја ослободивме од царина и од данок на промет, па се продаваше по одредени продавници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа и сега е ослободено. Кој да објасни?

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Не да испадне дека сум поинформиран од Владата, нормално и таа е запознаена, но сепак оваа проблематика е согледувана од стариот состав на Владата. Сепак ценам дека ова се членови на новиот состав на Владата и најверојатно не се доволно запознати.

Владата на РМ има собирано одредени понуди од стопан- ските субјекти во Македонија како општествени, така и акционерски друштва и приватни фирми за понуди за одредена техничка помош која можат да ја добијат од земјите на ЕЗ. Таа техничка помош се состои нормално во машини, одредени агрегати и за обновување на производството и нормално за нови линии за нови производни процеси. Таа е техничка помош која е набавена од странските влади одобрени од нивните влади и платени на странските фирми како готови производи и како такви доаѓаат во РМ.

XVIII/4.-

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:**

За да не би дошле во заблуда дека некој има против таа техничка помош некои европски земји што ја даваат , мислам дека е далеку од мозокот на сите што седиме овде, но сепак се работи за селективност, а Законот и законските акти обврзуваат подеднаквост и рамноправност во државата. Со закон се регулира подеднаков однос. За нешто што е донесено во Министерството за стопанство мислам дека не може да се легализира со некој закон кој треба да го донесе државата. Или тоа треба да биде помош која ќе стаса на Македонија, а потоа таа да одлучува на кого ќе ги поклони или додели. Стока платена во странство по разни основи тоа веќе не може да се регулира во закон. Таму имаме царински тарифи, имаме и даночни обврски, бидејќи тоа го кажувам најодговорно набавував машини, значи може по истиот принцип да барам од овде да ме ослободат. Тогаш немаме рамноправност на правните субјекти според Законот.

**ХАРИ КОСТОВ:** (претставник од Министерството за финансии)

По овие појаснувања од г-динот Силјановски мислам дека е јасно за што се работи, а тоа е дел од ФАРЕ1 1994 година кој е одобрен за критичен увоз. Тоа навистина не знаевме. Ако е тоа тоа, тоа се стенбери за производи кои доаѓаат во 1995 година. За нив има листа во Министерството за развој, се дава на претпријатијата со определени погодности во отплата од 5-6 месеци, 1 година и мислам дека со такви ослободувања, такви поволности што им ги даваме на претпријатијата фактички нема основ за некои царински ослободувања.

XVIII/5.-

За странецот и ЕЗ не ја интересира, таа има обем на извоз колку неа ја кошта опремата и со која го исполнува својата обврска спрема Македонија, меѓутоа имајќи го предвид она што државата го пренесува на претпријатијата како поволноство од платата, мислам дека немаме основ за вклучување на вакви ослободувања од давачките по овој закон.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Јас би ја потенцирал моралната страна на една ваква одлука. Странската земја ни дава помош на одреден начин, а ние како држава цениме или не цениме таа помош да ја оцариниме или не. Она што и претседателот на Собранието го рече дека ќе дојде време и по други основи да бараме државни помошти, а има информации дека за таква помош нашата држава прибира одредени царински давачки.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (20)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

(Ве молам нека го препишат оти го немам пред мене)

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

XVIII/6.-

Кој е за, молам да крене рака? (67) Дали е некој против? (3)

Дали некој се воздржува од гласаше? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнуваше на Законот за плаќање посебна давачка за порамнување на даночните оптоварувања за увезените стоки.

Минуваме на <u>**деветтата точка** - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за посебна такса на увезените стоки.</u>

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 2 во новите членови 2-а,2-б и 2-в по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Симон Наумоски поднесе амандман на член 2 во новиот член 2-в точка 3 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Наум Симјаноски поднесе амандман на став 2 во новиот член 2-в став 1 по точка 2 се додава нова точка 2-а која гласи: "Увозот на стоки кои по основ на техничка помош и се доделени на РМ од земјите на ЕЗ".

Пратеникот го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 во новите членови 2-а,2-б и 2-в поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Одиме понатаму.

Отворам претрес по амандманот на член 2 во новиот член 2-в точка 3 поднесен од пратеникот Симон Наумоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (12)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 во новиот член 2-в, точка 3 поднесен од пратеникот Симон Наумоски.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (67)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

XVIII/8.-

Констатирам дека Собранието го донесе  Законот за изменување и дополнување на Законот за посебна такса на увезените стоки.

Минуваме на **<u>точката 10</u>** - <u>Предлог на закон за обезбедување средства за финансирање на Програмата за изградба на железничката пруга Куманово – Бељаковце - Крива Паланка- Деве Баир</u> (граница со Република Бугарија) во 1994, 1995 и 1996 година.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 3 во табелата во делот 3 со кој се согласил претставникот на Владата и тоа е составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (67)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за обезбедување на средства за финансирање на Програмата за изградба на железничката пруга Куманово – Бељаковце - Крива Паланка - Деве Баир (граница со Република Бугарија во 1994,1995 и 1996 година.

XVIII/9.-

Минуваме на **11 точка** - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон. Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 8 за бришење на став 2, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Александар Гештаковски поднесе амандман на член 12 во новиот член 23-а став 1 и 2 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 8 за бришење на став 2, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНАДОВ:**

Станува составен дел на текстот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 во новиот член 23-а став 1 и 2, поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

XVIII/10.-

**СТОЈАН АНАДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (68)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите.

Минуваме на **12 точка** - Предлог на закон за исплата на платите во Република Македонија.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Ване Наумовски, Драган Георгиевски, Петре Трајановски поднесоа амандман за менување на член 7, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 7, поднесен од пратениците Ване Наумовски, Драган Георгиевски и Петре Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Дали претставникот на Владата ќе се произнесе?

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Видете, од овие претставници кои се наведени тука не се присутни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Викале ги и одлучувале.

Тогаш овој Закон го резервираме. Ве молам да си го прашањето претседателот на Владата, тој може да ви даде овластување Законот за платите мислам дека е важен да се донесе,утре нема да има седница. Не можам 120 луѓе да собирам тука, зашто еден министер порано си отишол. Ова го одложуваме за малку.

Минуваме на **точката 13** - Предлог на одлука за целите и задачите на монетарно - кредитната политика во 1995 година и проекција на монетарно - кредитната политика за 1995 година.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (69)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за целите и задачите на монетарно - кредитната политика во 1995 година и проекцијата на монетарно - кредитната политика за 1995 година.

XIX/2.-

Минуваме на **<u>14-та</u>** - <u>Предлог на одлука за девизната и проекција на платниот биланс на РМ аз 1995 година.</u>

Предлогот на одлуката, проекцијата на платниот биланс и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката. Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на точка 1 став 1,2 и 3, точка 2 став 3 за додаваше текст по точка 9 по кој Владата на се произнела.

Пратениците Јован Србиновски, Слободан Богдановски, и Панче Насев поднесоа амандман на точка 5 став 4 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по Амандман на точка 1 став 1,2 и 3 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ХАРИ КОСТОВ:**

Владата го прифаќа предложениот амандман. Отворам претрес по амандманот на точка 2 став 3 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ХАРИ КОСТОВ:**

Амандманот се прифаќа.

XIX/3.-

Отворам претрес по Амандманот на точка 5 став 4 поднесен од пратениците Јован Србиновски, Слободан Богдановски и Панче Насев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ХАРИ КОСТОВ:**

Владата не може да го прифати овој амандман, затоа што тоа би значело целосно пореметување и на паричната маса и на монетарно-кредитната политика која е предложена како елемент и во претходно усвоената точка и во рамките на Буџетот што веќе го донесовме

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по Амандманот.

Амандманот го ставам на гласање, кој е за молам да крене рака? (14)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на точка 5 став 4 поднесен од пратениците Јован Србиновски, Слободан Богдановски и Панче Насев.

Отворам претрес по амандманот за додавање текст по точка 9 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ХАРИ КОСТОВ:**

Предложениот амандман се прифаќа од страна на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на Одлуката.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на одлуката. Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (66)

Дали е некој против? (никој)

Дали некој се воздржува? (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за девизната политика и Проекцијата на платниот биланс на РМ за 1995 година

Молам, отворам претрес по Амандманот за менување на член 7 поднесен од пратениците Ване Наумовски, Драган Георгиевски, и Петре Трајаноски од точката 12.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата не го прифаќа Амандманот. Инаку извршив консултација со претседателот на Владата и добив овластување да го изразам ова мислење.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој бара збор?

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

За овој Амандман и на Комисијата се расправавме. Во колизија е со членот 68 од Законот за сметководство. Согласно овој член каде загубите се покриваат по неколку основи. Во членот 7 што е предвиден во Законот за плати едниот основ е испуштен, тоа е на товар на сопствениот капитал. Видете во практиката што се случи сега. фирма на 31. декември што ќе искаже загуба по членот 68 од Законот за сметководство ќе ја покрие. Веќе тоа го дозволува тој Закон и ќе има право да покрене личен доход неограничен согласно членот 7 од

Законот. Во пракса фактички нем ада држи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (15)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7 поднесен од пратениците Ване Наумовски, Драган Георгиевски и Петре Трајаноски.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (69)

Дали е некој против? (никој)

Дали некој е воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за исплата на платите во Република Македонија.

Минуваме на точката 15 - Предлог на одлука за стапката на придонесот од плати за пензиското и инвалидското осигурување од 1 јануари 1995 година.

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор? 8никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката. Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 5 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 5 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по Амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за,молам да крене рака? (5)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на одлуката

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (68)

Дали е некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за стапката на придонесот од плати за пензиското и инвалидското осигурување од 1 јануари 1995 година.

XIX/7.-

Минуваме на **<u>точката 16</u>** - <u>Предлог на одлука за стапката на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење од 1 јануари 1995 година.</u>

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес, молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 5 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 5 поднесен од ЗПК

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата го прифаќа Амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

**АЛЕКСНАДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Прифатен е Амандманот, но не е прифатен на претходниот закон. Се работи за типичен пример, меѓутоа одреден претставник не е присутен, не е

XIX/8.-

виновен ни овој претставник. Се работи за влегување на сила на овие одлуки за кои предлагачите велат дека ќе влезат во сила осмиот ден од денот на објавувањето, а тоа значи по однос на одредена празнина. Заеднички со предлагачите и по нивно и по ваше укажување и нивно прифаќање, бидејќи немаше претставник на Комисијата се договоривме овие одлуки да влезат во сила со денот на објавувањето и за претходниот закон се работеше и за наредниот закон ќе се работи. Само за тоа сакав да укажам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам ова да го прифатиме, затоа имаме институција претставник на Владата да ги прифаќа овие работи.

Значи, се прифаќаат тие исправки и кај овој Закон и кај оној.

Дали може така. Претставници на Владата, дали може така? (може).

Молам, со таа исправка овие текстови. Само да се следи постапката. Тоа е ознака.

Минуваме на **точката 17** - Предлог на одлука за стапката на придонесот на пензиско и инвалидско осигурување на индивидуалните земјоделци.

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:**

Само накратко сакам да се изјаснам по оваа Одлука. Познавајќи ја состојбата во РМ, односно вакви земјоделци какви што ние ги имаме во РМ, само еден податок да спомнам дека просечната површина која располага едно домаќинство е испод 2,5 хектара. Со вакви површини со

кој се располага оваа вредност голем дел од индивидуалните земјоделци не можат да ја платат, бидејќи тие преживуваат на сметка на нивниот низок стандард. Ако и ова треба да го платат, тие никако не можат да го платат. Затоа предлагам фондот уште еднаш да ја разгледа поцелосно оваа состојба и да предложи некое ново решение со што ќе може старото да се реализира. Инаку ние можеме да го изгласаме но верувале, нема да се плати. И со оглед на тоа дека законот е обавезен за плаќање, ќе дојдеме во ситуација тие луѓе да си го продадат својот имот, за да можат ова да го платат. Откако ќе го продадат својот имот, тогаш ќе бидат на листата за социјални грижи, односно ќе чекаат социјална помош.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам дали уште некој бара збор?

**ГОРГИ АТАНАСОВ:**

Бидејќи беше прозван Фондот да ја проанализира оваа работа, јас како претседател на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување да информирам дека Фондот е обврзан само да носи одлуки во согласност со одредбите на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Бидејќи стана збор и на пратеничката група на Социјал-демократскиот сојуз, во врска со стапката која треба да ја плаќаат индивидуалните земјоделци, морам да кажам дека став на пратеничката група е да се поддржи оваа стапка, меѓутоа со заклучок и Фондот и пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз, прашањето со индивидуалните земјоделци да го решат со евентуална измена на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, бидејќи во праксата навистина се среќаваме со сериозни потешкотии околу реализацијата на

одлуките кој што Управниот одбор на Фондот ги носи.

Имам тука и некои податоци со кој што не би сакал да ве замарам, меѓутоа практично без оглед дали еден индивидуален земјоделец по највисокиот катастарски приход треба да плати 36.576 денари или 25.603 денари, мислам дека оние кои што добро ја знаат ситуацијата дека земјоделците во селските средини и едното и другото не можат да го платат.

**ГОРГИ АТАНАСОВ:** (продолжение)

Токму од тие причини мислам дека е неопходно да се направи измена во Законот за пензиско инвалидско осигурување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, само да го дополнам претходниот дискутант кој можеби заради лапсус не само Пратеничката група на СДС туку и Либералната, сигурно и сите други застапувајќи ги интересите на населението кое што по основ на вршење на дејност земјоделие остваруваат право на пензија, посебно ние пратениците кои потекнуваме од земјоделски општини навистина ова е секаде присутен проблем и затоа најдобра варијанта по мене е оваа точка да се одложи, бидејќи има неколку причини да се проанализира ова прашање. Јас само би ги потсетил луѓето раководни во Фондот за ПИО дека од неколку општини меѓу кои Кавадарци, Гевгелија од Струмица итн. има реакции со сугерирање дека се енормно високи задолжувањата и оптоварувањата на овие земјоделци кои правото на пензија го остваруваат по основ на земјоделие, а резерви има и затоа на Фондот му е сугерирано на кои прашања да интервенира. Тука не е прашање по мене стапката која што овде е сега предмет на одлучување. Побитна и посуштинска работа е основицата, а основицата таму е со законот предвидено да се регулираат по однос квартално тримесечно и тоа најмалку да изнесува 50% од просечната плата во последното тромесечие што пак Фондот да зел да стартува од 60% што не морал да земе, што многу ги класифицирал на 10 подгрупи по катастарски приход на катастарски

култури што веќе денеска со законот го изменивме. Каматната стапка беше дневно 2% што не мора да биде врзано за оваа категорија на вршење на дејност, тоа е земјоделието. Треба да се регулира што со досега пресметаното задолжување итн. Така што има многу прашања кои што треба да се регулираат. Само да кажам, едно оптоварување сега за четвртото тромесечие изнесува 3,4,5 илјади марки за еден земјоделец со сите услови на стопанисување што сега се случија навистина е невозможно тие да платат и се согласувам со господинот Џамбазовски дека луѓето се приморани нешто да продадат па да платат. Мојот предлог е оваа точка да се одложи, а Фондот најенергично преку надлежното министерство и Владата да интервенираат да се измени Законот за ПИО во овој дел на пензиската основица.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Го прифаќам предлогот на господинот Санде Џамбазовски и Панчо Минов денес да не расправаме, односно да не донесеме една ваква одлука за стапката на пензиското осигурување од многу причини. Јас користам прилика да покренам и едно друго прашање на овој план.

До крајот на идната година земјоделците треба да ги подмират сите давачки кон државата. Станува збор за данок од земјоделска дејност, данок од имоти, од недвижен и подвижен имот, потоа здравствено осигурување, пензиско осигурување. Како што рече Панчо Минов за секое задоцнување се плаќа 2% дневна камата. Само една пресметка. Земјоделец кој што има давачка од 10 илјади денари и досега не платил, за да плати треба сега да плати камата во износ од 27 илјади денари. Со оглед на тоа што сега зборувам само за Пелагонија, кај нас

просечните давачки за пензиско осигурување изнесуваат околу 40 илјади денари. Тоа значи дека сега треба да плати камата од 110 илјади денари. Тоа значи да го продаде тракторот или двете крави за да може да го плати ова осигурување. Користам прилика бидејќи тука е и министерот за финансии, управите за наплата на давачките сега им претат на нашиве земјоделци дека ќе се врши присилна наплата со полиција на овие давачки. Сметаме дека овој стрв треба брзо да се избрише и да не се дозволи наплата со полиција.

**ЈОВАН ЛАЗАРЕВ:**

И Пратеничката група на Социјалистичката партија прифаќа да се одложи оваа точка за една од наредните седници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само да ви објаснам. Може оваа одлука да се донесе со овие последици, може оваа одлука да не ја изгласаме, па предлагачот да ни подготви друга одлука на некоја од наредните седници и може предлагачот да си ја повлече одлуката и да ни ја поправи и поправена да одиме на некоја од наредните седници. Оваа одлука не може да се одложи. Само овие три работи можат.

Молам, дали предлагачот ја повлекува одлуката?

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Ми се чини дека не доаѓа во предвид да се одложи заради тоа што тогаш би настанала дупка во регулирање на целата процедура. Предлагачот исто така не може да прифати, добро, ние сега дискутирав за амандманот, не ќе може да прифати ни амандман во врска со ова. Меѓутоа, она што ние можеме да прифатиме е следното, да во најскоро

време ПИО и Министерството за труд и социјална политика да седнат и да изработат евентуално заеднички предлог, дополнителна предлог-одлука и тогаш таа да ви ја прифатиме, а сега за да имаме континуитет најдобро е да се изгласа онака како што е предложено.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Мислам дека за разлика од другите акти кои беа поврзани со донесување и со стапување на сила од 1.01. и креирање на целокупниот платен биланс, оваа одлука не претставува таков акт, бидејќи се работи за задолжување на земјоделци кои плаќаат тромесечно и првата рата достигнува некаде, односно и задолжението до крајот на месец март. Не се работи за примање од страна како претходните одлуки, може да се донесе и во месец јануари и доколку е поповолна и уставно решение постои со ретроактивно дејство. Мислам дека Владата во дадениот случај бидејќи како што истакнаа и претходниве дискутанти не би сакал да повторувам, се работи за еден доста акутен проблем кој навлегува во стратегијата на развојот на оваа земја за развој на земјоделството. Додека морам да кажам одредени региони пред се овоштарски кои иамат доволни приходи би можеле да платат индивидуалните земјоделци од илјада стари милијарди минимум до 3.600. Овој начин на вакво задолжување е воведен претходната година и претставува нагли скок некаде од 800%, или 8 пати зголемување. До претходните години придонесот за пензиско инвалидско осигурување на земјоделците се плаќаше врз основа на катастарскиот приход. Оваа новина е воведена со Законот за пензиско инвалидско осигурување и пратениците од претходниот состав врз основа на одредени мислам недоразбирања и недоволно разбирање на тој закон го изгласаа законот за пензиско во делот за индивидуалните земјоделци. Точно дека и Фондот на пензиско

инвалидско осигурување е економска категорија која работи врз основа на пазарни принципи и со оваа стапка која ја предлагаме трошоците на 10 илјади пензионери, околу 10 илјади пензионери се покриваат со 30%. Но, ако навлеземе во стратегијата на развојот и на овие земјоделци мислам дека треба да се изнајдат одредени можности. Овие луѓе во голем број општини не го плаќаат ова, ниту каматата, а и не можат да го платат. Затоа мислам дека Владата би можела да ја повлече оваа одлука и заедно со измени на Законот за пензиско инвалидско осигурување, бидејќи не е проблем стапката. Може да има одредени размислувања и ние мораме да потсетиме бидејќи не е присутен пратеникот Бранко Арсовски кој до нас има доставено и закон за измена на Законот за пензиско инвалидско осигурување кое не е на оваа денешна седница во дневниот ред. Мислам дека тој закон би требало барем да се разгледува паралелно со оваа одлука, а бидејќи овие акти претседателот истакна се под итна постапка, тој не е поставен. Доаѓаме до една павна процедура, за иста работа имаме две прашања и тука да не навлегувам во тој правен дел кој има одредена предност. Сметам дека треба да се изврши одреден притисок и одредени размислувања меѓу Фондот како економска категорија од една страна и од друга страна на Владата во однос на разрешување на овој проблем кој на прв поглед мислам изгледа доста незначителен во овие акти кои ги донесуваме, но доста битен за еден дел на развојот. Би истакнал дека еден земјоделец кој сакаме да го задржиме на село 40 години да почнува да плаќа како што истакна Панче Минов 2000 марки и 1000 марки особено во оние делови кои не се доходовни во земјоделието, а морам да истакнам тука има експерти поголеми за овој дел Ослободување од овој дел постои по Законот за недоволно развиените, за побрз развој на недоволно развиените подрачја од придонесот за пензиско и инвалидско

осигурување се ослободени само лицата постари од 50 години мажи, жени 48 години кои 15 години живеат на село и кои со изјава ќе изјават дека ќе продолжат да живеат на село што мала категорија е на тие луѓе. Пензијата врз основа некаде по овој основ изнесува околу 350,360, ова е оној дел од 9 илјади, а не се однесува на делот на околу 26 илјади други пензионери кои по друг основ средствата му се обезбедуваат од Буџетот. Тука Фондот не учествува. Затоа мислам дека Владата врз основа на овие укажувања може да ја повлече оваа одлука и за наредната седница, или една од наредните седници да ни понуди измена на Законот со намалување и на правата на индивидуалните земјоделци, бидејќи индивидуалните земјоделци се изедначени во правата со сите други осигуреници пред се од работничкото и од другото осигурување да ги намалиме, но да ги намалиме и придонесите во смисла на едно, мислам она што е битното за развој на земјоделието и за останување на луѓето во земјоделството.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Јас и првиот пат кога излегов на оваа говорница реков дека решенијата во системот на пензиско инвалидско осигурување, да јаземеме сега и категоријата на индивидуални земјоделци треба да се бараат како потрајни решенија, не како палиативни со тоа што се јавува сега реакција на индивидуалните земјоделци, бидејќи вистина во однос на поранешното плаќање се додатно сега повеќе оптоварени, ќе кажам и зошто. Можеби утре ќе уследат реакции и на други категории на осигуреници кои што исто така им е тешко да ги исполнат овие обврски кои исто така ќе бараат извесни начини како да им се олеснат обврските. Јас сум за тоа да им се помогне на индивидуалните земјоделци, меѓутоа, не се согласувам со овој начин заради тоа што оваа стапка што сега се предлага не е зголемена стапка во однос на поранешната, таа е истата стапка што важи и досега, меѓутоа додатното оптоварување е само

заради тоа што порано основиците еднаш во годината се одредуваат спрема катастарскиот приход и тие во услови на инфлација доаѓаше така да кажам една штека цигари да изнесува придонесот на земјоделците за пензиско инвалидско осигурување. Она што господинот Гештаковски го рече е точно. Овде се работи за една работа, дека за индивидуалните земјоделци ги уживаат и ги користат истите права, да не речам истите, но скоро истите права што ги користат и осигурениците од работничкото осигурување. Што се однесува пак до нивните зголемени обврски, тоа е затоа што сега нивните основици се зголемуваат на секои три месеци. Порано тие беа еднаш во годината, а сега значи при иста стапка сега имаме нормално поголемо оптоварување, меѓутоа треба да се знае дека со сите средства што се собираат од индивидуалните земјоделци се покрива само една третина од обврските што Фондот ги има за исплата на пензиите на индивидуалните земјоделци. Кога и оваа стапка сега од 2064 би се намалила како што е предложено во амандманот тогаш индивидуалните земјоделци со плаќањето на овој придонес би покривале само 19% од вкупните расходи што Фондот ги има за исплата на пензиските примања. Затоа мислам дека во соработка и со Владата треба да се наоѓаат некои други решенија кои ќе одат на линија на намалување на обврските како што рече г-динот Гештаковски, меѓутоа и на намалување на обемот на правата што тие го користат ако сакаме во еден иден систем да одиме на едно така да кажам пазарно работење да содејствува она што значи обврска, со она што е стекнато право. ВО тој смисол постојат и други решенија да речеме во соработка со Владата да се оди, сега велам вака на доброволно осигурување евентуално, или на она што г-динот Арсовски ќе го имаме веќе како материјал за една од наредните седници, но мислам дека не на овој начин затоа што може тоа да биде и една отворена врата за едни вакви барања и на други категории.

XX/8.-

**ПАНЧО МИНОВ:**

Јас малку ќе коментирам со претходните дискутанти на- полно се согласувам со тоа, со неизгласувањето поточно би рекол на оваа одлука, или повлекување нејзино од Владата да тоа биде една обврска плус за надлежното министерство и за Владата да паралелно со оваа одлука предложи и измена на законот за ПИО. Но, апсолутно не се согласувам со тоа, односно претходните дискутанти се упуштија во сугерирање каква да биде содржината на евентуалните измени во Законот на ПИО и не е тоа мислам погодена работа ако намалувајќи ги правата фактички ги намалуваме и стапките. Јас ако бев добро разбран во мојата дискусија укажав дека има внатрешни резерви, а тие се состојат во тоа да не плаќаат сите. Сега оваа стапка по нејзината висина и основицата што се утврдува фактички ја плаќа многу мал број на обврзници земјоделци, затоа што другите не можат и затоа испаѓа дека тоа е една резерва. Втора резерва е каматата која што не мора да биде дневно 2% итн. Тука треба да се изнајдат резервите, а не со намалување на стекнатите права, мислам дека тука нема да ја погодиме работата. Но, тоа отом потом.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, а Владата не ја повлекува Одлуката го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Пратеникот Бранко Арсовски поднесе амандман на член 1 со кој не се согласил претставникот на Владата на седницата на Комисијата за финансирање и буџет.

XX/9.-

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 3 по ко Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (пратеници гласаа за)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, станува составен дел на текстот на Одлуката. Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, дали некој друг бара збор?

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

По текстот на Одлуката се изјаснувам дека нема да гласам и ќе гласам против затоа што ние во земјоделието бараме премии, регреси, бараме на некој начин земјоделието да се развива, бараме на некој начин да му се откупат производите, бараме регресите да му се

признаат, премиите да му се дадат, меѓутоа тие одлуки не ги донесуваме, или бавно, а брзо ги оданочуваме, им ги зголемуваме давачките на индивидуалните земјоделци што не можат да ги платат во ова време. Јас ќе гласам против оваа одлука.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (двајца пратеници)

Констатирам дека Собранието не ја донесе Одлуката за стапката на придонесот за пензиско инвалидско осигурување на индивидуалните земјоделци.

Ве молам, мораме да се вратиме на точката 16. Сега ми укажаа дека не сме гласале. Станува збор за Предлог на одлука за стапката на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за стажот на осигурувањето што се смета со зголемено траење од 1 јануари 1995 година.

Молам, Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (70 пратеници гласаа за)

Дали некој е против? (Никој)

Дали некој се воздржува до гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за стапката на придонесот за пензиско инвалидско осигурување за стажот на осигурувањето што се смета со зголемено траење од 1 јануари 1995 година.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Седмата седница на Собранието на Република Македонија.

XX/11.-

Бидејќи не планираме седница до божиќните празници на сите Вам и на сите отсутни пратеници им ги честитам новогодишните и божиќните празници да си ги поминат во пријатна семејна атмосфера и многу здравје им посакувам во идната година.

(Седницата заврши во 24,00 часот)